ЃОРЃИ АБАЏИЕВ

# БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И МАКЕДОНИЈА

**СОДРЖИНА**

I. СПРОТИВНОСТИТЕ НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ НА БЛИСКИОТ ИСТОК И НА БАЛКАНОТ

II. БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ И МАКЕДОНИЈА

III. ПОДГОТОВКА НА БАЛКАНСКИОТ СОЈУЗ И ВОЈНАТА ПРОТИВ ТУРЦИЈА

IV. СПОР МЕЃУ СОЈУЗНИЦИТЕ ЗА ПОДЕЛБА НА МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА ВОЈНАТА ПРОТИВ ТУРЦИЈА

V. УЧЕСТВОТО НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

VI. РЕЗУЛТАТИ

VII. СОЦИЈАЛИСТИТЕ ЗА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

ФУСНОТИ

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

# БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И МАКЕДОНИЈА

Нас не нè интересира прашањето за Балканските војни воопшто. Тоа стои надвор од нашата намера. И не би требало да се очекува некоја исцрпна монографија за овие војни. Некои општопознати ставови, тврдења и изводи, ќе бидат истакнувани доколку се во врска со прашањето за Македонија. Меѓутоа, не може сосем да се избегне и еден бегол хронолошки преглед за врска и континуитет, за дофаќање на општествено-политичката меѓународна, меѓубалканска и внатрешна (за одделните балкански земји) атмосфера. Постојат опсежни историски трудови на сите современи европски јазици во кои балканските војни се разгледувани во еден или друг однос кон Македонија. И токму во тој однос се согледуваат спротивностите и конфузностите на различните ставови што всушност го доведуваат до израз антагонизмот меѓу големите капиталистички сили и меѓу балканските држави, автори и актери на балканското боиште.

Оценката на Балканските војни од страна на буржоаските, како и на некои современи источноевропски историчари, публицисти и политички личности се сведува во најмала мера до апологетика на одредена државно-националистичка кауза. Отстранувајќи ја магловитоста со која е завиткана стварноста на Балканските војни, би требало да ги разгледаме и покажеме фактите во светлоста на нивното вистинско, објективно постоење што ќе го олесни согледувањето на причините, содржината, смислата и резултатите на овој прв голем воен конфликт на Балканот во почетокот на нашиот век.

**Ѓ. А.**

# 4

# СПРОТИВНОСТИТЕ НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ НА БЛИСКИОТ ИСТОК И НА БАЛКАНОТ

Почетокот на нашиот век главно го карактеризираат острите и непомирливи спротивности на големите европски сили, нивната борба за распределба на веќе поделените колонии.*1 Англо-германскиот антагонизам, од една страна, и англо-рускиот, од друга, се јавуваат како постојанен фактор за овој период па сѐ до Првата светска војна во меѓународните односи. Покрај лудиот натпревар во вооружувањето за морско господство, англо-германскиот антагонизам се изразуваше и во борбата за доминација на Блискиот Исток. Со добивањето на концесија за градење на Багдадската железница, Германија настојуваше да ја претвори Турција во своја колонија. Султан Абдул Хамид гледаше во германскиот капитал средство да го задржи својот престол, а во германската влада-поддржник против ослободителното движење на словенските народи од Балканскиот Полуостров.

Австро-унгарската акција на Балканот ја застрашуваше националната независност на Србија и Бугарија и тие побараа поддршка од Русија, зближувајќи се со неа. Влијанието на Австро-Унгарија во овие две земји, зацврстено преку крал Милан Обреновиќ и Стефан Стамболов, се намалува и сосем исчезнува со признавањето на Фердинанд Кобуршки за бугарски цар и со доаѓањето преку државен преврат на Караѓорѓевиќите. Со тоа особено се засили во Србија пропагандата не само против Турција, туку и против Австро-Унгарија. Раководните политички и воени кругови на Австро-Унгарија сметаа на окупацијата на Босна и Херцеговина и заземањето на целокупна Србија, или еден дел од неа да се даде на Бугарија, што секако откриваше една од главните задачи на Австро-Унгарија, разгорување на српско-бугарскиот антагонизам.

Со политиката на Германија и Австро-Унгарија спрема Турција и Балканот не можеше да се примири Англија, која на Блискиот Исток гледаше како на мост од Европа за Индија. Русија исто

така беше заинтересирана да се спречат плановите на германо-австрискиот блок што го застрашуваше Црноморскиот брег до Заткавказието.

Поради тоа Англија и Русија беа заинтересирани да се запре германското навлегување на Блискиот Исток.

Англија употребуваше разни начини. Таа откажуваше заем за градење на Багдадската железница, ги користеше и немирите што пламнаа во 1902 и 1903 година во Македонија. За да извршат сами политички притисок врз султанот, Русија и Австрија се спогодија во Миргштег, 1903 година, за една заедничка програма за реформи во Македонија.

Секоја од двете држави, излегувајќи од свои мотиви, беа заинтересирани да се задуши времено македонското движење и да не се допуштат нови немири на Балканот. Англија од своја страна ја побара помошта на Русија за заеднички притисок врз султанот, поставувајќи го прашањето за радикални реформи во Македонија. Средбата во Ревал меѓу државните глави на Англија и Русија, Едвард II и Николај II, се одбележи со декларација за полна спогодба меѓу двете сили по сите меѓународни проблеми. Лорд Ламдорф изнесе проект за реформи што се сведува на тоа, што фактички власта на султанот во Македонија се одземаше.

Поради војната со Јапонија и внатрешните потреси од 1904—1905 година, долго време Русија не беше подготвена за решителна политика во Европа и во нејзиниот балкански дел. Оваа слабост ја користеа нејзините противници. На 27 јануари 1907 година Австрија го изнесе својот проект да гради железница од австриската граница преку Нови Пазар до Солун. Надворешниот министер на Русија Изволски виде во остварувањето на австрискиот план германизација на Македонија.*2 Русија го спротивставуваше на европскиот план изградувањето на Дунавско-јадранска железница што ќе ја ослободи Србија*3 од економска и политичка зависност од Австро-Унгарија. Англија беше склона да го поддржи овој проект под услов Русија да биде со Англија по прашањето за реформи во Македонија*4 — автономија на Македонија со управител христијанин.

Со јулскиот Младотурски преврат во 1908 година, Турција го напушти германскиот курс во политиката и се ориентира во лицето на Великиот везир, англофилот Ќамил-паша, кон Англија.

Австро-Унгарија ја искористи внатрешната криза во Турција за да ја анектира Босна и Херцеговина. Тоа е времето на жива активност за спроведување завојувачките планови на империјалистите.*5 Русија особено ја засилуваше својата дипломатска активност за осигурување

слободен премин на руските пловни единици преку Протоците. Австрија беше наклонета да го поддржи руското барање за Протоците ако Русија се согласи со австриската окупација на Босна и Херцеговина. На одржаниот состанок на 15 септември 1908 година меѓу Ерентал и Изволски, Русија се согласи Австро-Унгарија да ја анектира Босна и Херцеговина, а Австро-Унгарија се обврза да не прави никакви приговори за отворање на Протоците за руските воени бродови. Но, ваквата промена не смееше да ја наруши сигурноста и независноста на Отоманското царство и државите што се наоѓаат на бреговите на Црно Море.*6

Обете земји — договорници решија да не протестираат ако Бугарија ја прогласи за непостоечка својата вазална зависност од турскиот султан. Но, Ерентал го одби предлогот на Изволски да им се даде компензација на Србија и Црна Гора за сметка на Австро-Унгарија и да се свика меѓународна конференција за ревизија на Берлинскиот договор. Овие предлози Изволски ги поставуваше како предуслов за согласност за анексија на Босна и Херцеговина. Русија правеше ред дипломатски средби низ Европа за да бара согласност за промена во режимот на Протоците. Германија се сложуваше да не прави приговор за отворање на Протоците, но бараше компензација и за себе.

Се ковеше цел заговор од страна на империјалистичките сили против младотурска Турција, со цел да се подели еден дел од нејзината територија и да се реши прашањето за Дарданелите во корист на Русија.*7 Лениновата „Искра" уште во 1903 година пишуваше дека „на Балканскиот Полуостров се собираат интересите на европските капиталистички земји и треба да се мисли дека тој, кога и да е, ќе биде завојуван од нив и поделен"*8.

На 6 октомври 1908 година беше објавен рескриптот на Фрањо Јосиф за присоединување на Босна и Херцеговина. Русија се наоѓаше пред свршен факт. Сега таа ја храбреше Србија, ветувајќи ѝ компензација, но истовремено настојувајќи засега да се избегне војната. Но, бурата од национални протести против Австрија не стивнуваше. Не помала беше огорченоста и во Турција. Таму почнаа да ги бојкотираат австриските стоки, На антиавстриското движење во Србија, Австро-Унгарија одговори со воени подготовки и опасноста од напад на Србија стануваше реална, Австро-Унгарија се задоволи само со сестраното осигурување на анексијата на Босна и Херцеговина. Русија се наоѓаше пред свршен факт. Се беше изработил план за поделба на Србија меѓу Австрија, Бугарија и Романија.

Австриската дипломатија, со помошта на Германија, постигна крупен успех — со отстранувањето на Ќамил-паша од власта и откажувањето на Турција од својот номинален суверенитет над Босна и Херцеговина. За компензација, Австрија се откажа од окупацијата на Ново-Пазарскиот санџак на кој, спрема Берлинскиот договор, имаше право.

Во месец октомври 1909 Русија и Италија тајно се спогодија заеднички да работат против австриската експанзија на Балканот.*9 Подоцна, на 28 септември 1911 година, италијанската влада ѝ упати на Турција ултиматум за Триполис и Киренајка. Турција не можеше да отстапи, иако политички беше онеспособена за решителна противакција.*10

# 7

# БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ И МАКЕДОНИЈА

Балканот се наоѓаше потполно во сплетот на противречностите на големите империјалистички држави. Односите, развитокот, опстанокот и перспективата на балканските земји беше во решавачка зависност од нив. Секоја од балканските држави се бореше против своите соседи за доминација — економска и политичка, а всушност служеше на интересите на европските сили, особено на Русија и Австрија.*1

На балканските држави, вклучени во процесот на капиталистичкиот развиток, им беше потребен економски простор — широк внатрешен пазар. Меѓутоа, нивните територии беа мошне тесни за да го осигураат ваквиот развиток. Нивната слаба индустрија не беше во состојба да ги апсорбира производите од земјоделското производство. Единствениот излез на буржоазијата од балканските земји се наоѓаше во стремежот кон освојување на нови пазари. Од друга страна индустриските производи на поразвиените капиталистички држави сè повеќе го освојуваа пазарот во Турција и ги стеснуваа можностите на неконкурентно-способните балкански држави. Тие се наоѓаа пред можноста да добијат со војна делови од Европска Турција, каде што живеат

неослободени христијански народности: Македонци, Бугари, Срби, Грци и др., поставувајќи го прашањето за „национално обединување" како неодложна задача.*2

Младотурската влада постави покровителски мита за засилување развитокот на капитализмот во Турција. Тоа ги постави во опасност особено производите на бугарската брашнарска и текстилна индустрија.*3 Во 1900 се дојде до потполно раскинување на економските односи меѓу Бугарија и Турција со денонсирањето од страна на турската влада на трговско-царинската спогодба со Бугарија. Загубата на турскиот пазар пред бугарската буржоазија постави како главна задача завладувањето на Македонија, толку повеќе што Турција одбиваше да ги поврзе своите железнички линии со бугарските преку Ќустендил — Куманово,*4 што за Бугарија беа од голема стратегиско-економска важност.

И на Србија ѝ беа сосем тесни границите за капиталистичкиот развиток. Поставена под економскиот гнет на Австро-Унгарија, и особено по анексијата на Босна и Херцеговина, Србија се наоѓаше во остра економска и политичка криза. Излез на слободно море за неа стана прашање на живот и смрт. Спречувајќи ѝ го патот за излез на јадранските пристаништа, Австро-Унгарија ја упатуваше Србија кон Македонија.

Грција, која излезе поразена од војната со Турција за островот Крит, во 1897 год. беше во тешка финансиска криза. И грчката буржоазија тргна по врвицата што водеше кон Македонија. Економскиот бојкот што го спроведуваше младотурската влада спрема грчките магазини и кафеани во Цариград и други градови во Турција како репресалија за обидот на Критјаните да се присоединат кон Грција, ја направи грчката влада непомирлив непријател на младотурскиот режим.*5

Засилената националистичка пропаганда на Бугарија, Грција и Србија во Македонија наиде на добар терен поради хаотичната состојба во Турција и политиката на Младотурците да ги користат пропагандите една спроти друга, што всушност го засилуваше внатрешниот немир и ја слабееше отпорноста на турскиот државен апарат.

*

*        *

Нужно е да ги проследиме односите меѓу балканските христијански земји во една, макар и кратка, ретроспекција, за да се види континуираноста на овие односи што логички доведоа до балканските војни.

Познато е дека под влијанието на руската царска политика на Блискиот Исток се правеа обиди за сојуз меѓу Србија и Бугарија. Резултат од преговорите на кнез Михајло со луѓето на бугарскиот емигрантски комитет во Букурешт беше склучувањето на Букурешкиот договор од 14 јануари 1867 година.*6 Со овој договор требаше да се создаде заедничка држава на Србите и Бугарите, со општо законодавство и почитување рамноправноста на јазиците.*7

Михајло Обреновиќ, за да се подготви за борба против Турција, водеше преговори не само со бугарскиот револуционерен комитет во Букурешт, но уште и со Грција, Романија и Црна Гора. Но уште тогаш во односите на некои од бугарските дејци во Букурешт дојдоа до израз (покрај стремежите за српско-бугарското зближување и заедничка борба против Турција) претензиите за Македонија. Бугарскиот весник „Македонија", што излегуваше во Цариград под редакцијата на П. Р. Славејков, сосем отворено се изјаснуваше против секаква соработка. Во уводникот на весникот од 13. IV. 1868, бр.20, г. II, е препечатена статијата од Х. Саштијт, објавена во **„Courrier d'Orient"** под наслов: „Бугари и Срби". Авторот категорично го застапува мнението дека не е во интерес на Бугарите едно зближување меѓу Срби и Бугари. Во друга статија на истиот весник, од 13.VII.1868 год., бр.33, г. II под наслов: „Сведения за македонските страни" се вели следното: „Македонија воопшто е населена од луѓе што зборуваат бугарски јазик, најчист од најсеверната граница Љуботрн до најјужната Белото Море, и од најзајдисончевата (западна) граница Вич и Шар-Планина до најогрејсончевата (источна) Витоша и Доспат". Статијата продолжува и во бр.37, од 10 август истата година. Една година подоцна истиот весник „Македонија" (5.VIII.1869 год.) го објавува уводникот: „Српската пропаганда во Македонија". Откако се реагира и протестира остро против претензиите на Србите за Македонија,изнесени во весникот „Србија", во уводникот се апелира кон сонародниците „да не стојат со скрстени раце, но да работат за поскорешно

разбудување на нашите браќа од Северна Македонија". Уште тогаш за набљудувачите на положбата на овој дел на Европска Турција било видливо соперништвото помеѓу Србија и Грција, Романија и уште неослободена Бугарија. Пак весникот „Македонија", што инаку е поддржник, подбуцнувач и изразител на бугарските претензии за Македонија, во број 23, од 3 мај 1869 год., допуштил еден краток напис, преведен од весникот **„Der Ost"**, во кој, откако се дава краток преглед за расправиите помеѓу претендентите, се заклучува: „Јаболкото на раздорот за кое се караат Грците и Бугарите е Македонија, што Грците упорно ја прогласуваат за грчка земја... на истата земја имаат претензии и Србите, испраќајќи книги и учители... најпосле и Романците ја сметаат Македонија за романска, бидејќи имало таму растурени неколку влахопастири што го носат своето потекло од Романците. Грци, Бугари, Срби, Романци го делат помеѓу себе зајакот што си трчи уште низ гората..." (подвлекол — Ѓ.А.). Помеѓу некои бугарски дејци во Букурешт во тоа време се слушале гласови дека обединувањето за заедничка акција против Турција немало смисла, зашто тоа што ќе се одземело од неа, ќе бидело за сметка на целоста на бугарскиот народ.*8 Вакви стремежи манифестираше и Србија. Во времето на Руско-турската војна (1877 год.), српската влада ја прифати руската покана и Србија да учествува во војната,*9 но побара присоединување кон српската територија на Косовскиот вилает, Новопазарскиот санџак и Видинскиот округ. Во картата за територијално проширување на Србија се покажани границите на Стара Србија во која се вклучени Дебар, Велес, Штип, Горна Џумаја (Благоевград), Радомир, Ќустендил, Драгоман, Белоградчик, Кула и Видин.*10

Антагонизмот помеѓу Србија и Бугарија особено порасна по уништувањето на Сан-Стефанскиот договор.*11

На Берлинската конференција германо-австрискиот блок ја одбележа својата триумфална победа над Русија, Велика Бугарија, проектирана со Сан-Стефанскиот договор, стана знаме на бугарската буржоазија во нејзиниот стремеж за територијално проширување.*12

Во центарот на Сан-Стефанскиот „идеал" Македонија беше во своите географски и етнографски граници. Соперништвото на балканските држави се разгоруваше од Русија и Австрија. Преселувајќи ги на Балканот своите сопствени интереси, тие го делеа Балканот на две сфери на влијание: австриска и руска. Руската сфера на влијание ги беше одредила своите

граници во Сан-Стефано (1878 година), таму беше целокупна Македонија како составен дел од „Целокупна Бугарија".

Австрија успеа во 1881—1889 година да склучи со крал Милан договор со кој на Србија ѝ се ветуваше долината на реката Вардар и западната половина на Македонија, под услов Србија да се откаже од своите стремежи кон Јадранското Море и од присоединувањето на санџакот Босна и Херцеговина.*13 Во присоединувањето на Источна Румелија кон бугарското кнежевство 1885 год., српската влада гледаше етапа за присоединување на Македонија кон Бугарија. Српската политика започнуваше да го свртува своето внимание кон Македонија.*14

Со поголема сериозност, во која се гледаше извесна загриженост, Русија настојуваше за зближување меѓу Бугарија и Србија. Раководните кругови на Србија тврдеа дека потполно зближување може да се оствари со претходно определување на тоа како ќе биде поделена Македонија. Во таа смисла како меѓу Србија и Бугарија, така и меѓу Грција и Бугарија се водеа преговори за поделба на Македонија. Преговори за разграничување на сферите на влијание во Стара Србија и Македонија ги водеа со Грција Ст. Новаковиќ и д-р Владан Горѓевиќ (српски пратеник во Цариград). На 23 август 1892 година се водеа преговори меѓу министерот за надворешни работи на Грција Драгумис и претставници на Србија за границите меѓу Србија и Грција во Македонија.*15 Грците инсистираа во грчка сфера да остане Неврокоп, Струмица, Мелник, Битола, Прилеп и Крушово, а Србија држеше за Солун, бидејќи без него Србија не можела да има правилен економски живот. Во 1890 година д-р Весниќ, во статијата објавена во списанието „Отаџбина", пишуваше: „Балканското прашање ќе се реши преку неуморниот труд на тамошните раси и преку потполната надмоќност на една од нив. Од како свет светува, сè вака било, вака ќе биде и натаму, наспроти сите желби за некаков Балкански сојуз. Кога ќе стане тоа и која раса — бугарската, српската, грчката или друга — ќе ги завладее останатите, тоа е прашањето на иднината.*16 Развитокот на настаните не ги потврдија сфаќањата на д-р Весниќ. Идејата за балкански сојуз беше прифатена од владите на балканските држави.

Подоцна органот на македонските социјалисти, весникот „Политическа свобода" остро реагираше против политиката за „братска" поделба на Македонија помеѓу српската и грчката буржоазија, или за присоединувањето кон територијата на бугарското кнежевство.*17

Грчкиот министер Трикупис во 1891 година предложи Белград и Софија да ја разделат Европска Турција врз основа на еден договор, со кој границите ќе бидат претходно точно определени.*18 Во 1897 година, во времето на грчко-турската војна, Дељанис го обнови предлогот на Трикупис за поделба на Европска Турција. Но, на бугарската влада, која беше целосно обземена од визијата за Сан-Стефанска Бугарија, не ѝ беше по вкус формулата за поделување.*19 Во 1898 година кнез Фердинанд склучи тајна конвенција со Австро-Унгарија со која Австрија се обврзува да ја чува Кобуршката династија, а Бугарија од своја страна се задолжува, при евентуален двобој на Балканот да не бара за себе ништо повеќе на запад од Струма и Родопите.*20 Само четири години подоцна, 1901 година, Австро-Унгарија ја постави Бугарија во изолационен круг, создаден од Романо-грчката спогодба, Австро-српскиот договор и Австро-романската конвенција и со тоа ја стесни и дури ја оневозможи нејзината пропагандна активност (вооружена и црковно-школска) во Македонија. Како противдејство на воената конвенција меѓу Австрија и Романија, замислена против Бугарија, на 22 април 1902 година (стар стил) меѓу Русија и Бугарија беше склучена специјална конвенција според која Бугарија се задолжуваше да чува „најстрог неутралитет спрема Турција и крајна претпазливост во своите односи со неа."*21 Во чл.6 од оваа воена конвенција се вели следното: „Во случај на поволен излез од вооружениот судир со Турција, Русија се задолжува да укаже најголема можна поддршка на желбите на Бугарија за зголемување територијата на бугарското кнежевство со земјите во кои доминира бугарско население, приближно во границите одредени со склучениот на 19 февруари 1878 година прелиминарен договор меѓу Русија и Турција.*22

Царска Русија се грижеше да ги ублажи или сосем ликвидира спротивностите меѓу Србија и Бугарија, со цел да го изолира германскиот блок од нејзината балканска сфера на влијание. Србија, испадната во економска зависност од Австро-Унгарија и под постојана опасност од нејзината агресија, бараше ослонка во царска Русија. Убиството на Александар Обреновиќ на 29 мај 1903 година и повторното враќање на династијата на Караѓорѓевиќите во лицето на Петар Караѓорѓевиќ, означуваше оттргнување на Србија од влијанието на Австро-Унгарија и зближување со Русија. Во средината на српската интелигенција најде терен идејата за јужнословенски сојуз. Петербургскиот кабинет уште во 1896 година усрдно се зафаќаше за зближување меѓу Србија и Бугарија. Во резултат на неговото залагање, на 25 април 1896 година

бугарскиот кнез Фердинанд, во придружба на министри и други истакнати политички и културни лица, беше свечено примен од крал Александар во Белград. Во време на посетата во Белград дојдоа бугарски народни пратеници, јавни работници, новинари, службеници, офицери, студенти, трговци и др. Од српска страна ја посетија Софија околу 1000 гости: свештеници, професори, учители и други културни и стопански работници.*23 Во текот на визитата на Фердинанд во Белград, и во време на посетата на крал Александар во бугарската столнина, на 16 февруари 1897 година беше потпишан трговски договор меѓу двете земји. Но, во позадината на шумните манифестации за пријателство и словенска солидарност од двете страни се даваа предлози и се поставуваа услови за решавање на македонското прашање. Во печатот на двете земји доаѓаа до израз како официјалните, така и фактичките ставови на бугарската и српската влада по однос на нивните интереси во Македонија. Српскиот публицист и општественик Пера Тодоровиќ во „Мале новине" од 19 февруари 1897 година ги поставуваше мошне отворено и јасно условите за Српско-бугарскиот сојуз, т.е. да се одреди вододелот меѓу Вардар и Струма како природна граница на српската и бугарската народност во Македонија. Професорот Д-р Иван А. Ѓоргов, третирајќи го поопсежно прашањето за Српско-бугарскиот сојуз, во статијата „Македонија неразделна"*24 го застапува и брани становиште на бугарската влада дека искрен сојуз меѓу Србија и Бугарија може да постои само ако Македонија во својата целина остане во бугарската сфера на влијание. Покрај тоа, бугарската влада го одредуваше овој став и преку својот дипломатски претставник во Белград Бракалов, кому што се даваа детални инструкции како да се образложува и спроведува владиниот однос кон Македонија.*25 Заемните посети на писатели, артисти студенти во Софија и Белград се одвиваа едновремено и со дипломатската постапка од двете земји.

На 18 јануари 1904 година крал Петар пристапи кон остварување на зближувањето. Во Белград се разработуваше проектот за нападателен и одбранителен сојуз, за извојување автономија на Стара Србија и Македонија. На 30 март 1904 година беа заклучени два договора.*26 Во врска со тоа штабот на бугарската армија истата година ја издаде во Софија книгата: **„Войно-географически очеркъ за Македония"**, во која со оглед на воените потреби, се покажани границите, просторот, административната поделба, планините, рамнините, реките, езерата, населението, стопанството, со приложување на две карти на Македонија — стратегиска и етнографска. Во оваа книга е вложена голема грижа за да се покаже дека „бугарското

население е главниот по број и по значење елемент во Македонија" и го пополнува целото пространство, вклучено во географските граници на Македонија.

Во овие преговори се истакнуваше од српска страна Никола Пашиќ, министер на надворешни работи, Милован Миловановиќ, а од бугарска — Димитар Ризов и пратеникот во Белград Хесапчиев. Но, во овие преговори мачнотии се создадоа при одредување на границите на Македонија. Српските претставници бараа Скопскиот санџак да биде приклучен кон Стара Србија. По неколкудневни дискусии, бугарските претставници се од нападателниот сојуз, оспорувајќи го барањето на Србија за Скопскиот санџак.*27 Натамошните чекори за зближување не можеа да ја постигнат својата цел. Така во 1905 година започнатите преговори за склучување на митнички сојуз меѓу Србија и Бугарија беше осуетен од Австро-Унгарија, а објавувањето на независноста на Бугарија*28 скоро едновремено со анексијата на Босна и Херцеговина, во 1908 година ги оладија односите на двете балкански земји. Актот за објавувањето независноста за Бугарија, од српската страна беше сфатен како непријателски гест спрема Србија која беше револтирана од присоединувањето на Босна и Херцеговина кон Австро-Унгарија.*29

## 14

## ПОДГОТОВКА НА БАЛКАНСКИОТ СОЈУЗ И ВОЈНАТА ПРОТИВ ТУРЦИЈА

Користејќи ја младотурската буржоаско-демократска револуција, Русија се обиде да ги помири Бугарија и Србија со Турција, предлагајќи Балкански сојуз насочен пред сѐ против дунавската монархија. Овој акт на царска Русија ја засили недовербата помеѓу Србија и Бугарија кои беа заинтересирани за завладување на земјите во европскиот простор на Турција, едната за еден дел, а другата за цела Македонија. Тие во младотурскиот режим гледаа сериозна пречка за остварување на своите стремежи. Всушност Русија проектираше еден Балкански сојуз што, служејќи како бариера против германо-австриското навлегување во овој југоисточен дел од

Европа, требаше при погодна меѓународна и балканска ситуација да го искористи за постигање на својата далекусежна политика на Блискиот Исток — владеење или контрола на Дарданелите.

Отпрвин Бугарија стоеше тврдо на позицијата дека нема да влезе во никаква спогодба со Србија за делење на Македонија, бидејќи таа ја смета за бугарска.*1 Залудно министерот за надворешни работи Миловановиќ ѝ предлагаше на Бугарија преку нејзиниот полномошен министер во Белград да започнат преговори за спогодба врз базата за поделба на Македонија, при кое да ѝ се отстапат на Србија Скопје и Куманово.*2 Русија по поразот што го претрпе со присоединувањето на Босна и Херцеговина кон Австро-Унгарија во 1908 година, полагаше огромни усилби да создаде Балкански сојуз насочен пред сè против Австро-Унгарија и упорствуваше да ги подобри односите меѓу Белград и Софија. Миловановиќ одново го изнесе предлогот за зближување со Бугарија за сметка на Турција. Министерот за надворешни работи на Бугарија Паприков му ги даваше на бугарскиот полномошен министер во Белград А. Тошев следните инструкции: „Во денешниот момент е важно дали Србија сака со нас искрен сојуз и на каква приближна база, т.е. на базата да ѝ помогнеме во претполаганата борба со Австрија, или пак да дејствуваме заедно во правец на Турција. Повторувам, дека ако базата е последната претпоставка, тогаш треба да се дејствува брзо"*3. (Подвлекол — Ѓ.А.)

Според рапортот на полномошниот бугарски министер во Белград до Паприков, — Пашиќ, Милојковиќ, претседателот на Скупштината, политичките сомисленици на Пашиќ — д-р Лазар Пачу, Стојан Протиќ, Коста Стојановиќ, Аца Станојевиќ, генерал Сава Грујиќ и многумина други ја изразиле својата увереност за најнедвосмислен сојуз што треба да биде насочен против Турција и против Австрија едновремено. Исто било мислењето скоро на сите лидери од другите политички партии,*4 како професор Жујовиќ, професор Цвијиќ, браќа Маринкови и други. Мислејќи за скорешно и претстојно ликвидирање на Европска Турција, бугарскиот министер-претседател настојуваше да се предложи размена на мненија за заемна соработка. Сфаќањата на бугарската влада се изразени во неговото писмо до ополномоштениот министер во Белград од 15 јануари 1909година: „На далекусежните политичари, кои не се влијаат од впечатоците и од незгодите во моментот, ќе треба да им биде јасно, дека, ако не денес, тогаш утре ќе испакне одново најнапред македонското прашање. А тоа прашање, што и да станува, не може да биде

решено правилно, без директно поголемо или помало учество на балканските држави. Нема сомневање оти кога тоа прашање пак ќе се наложи, неговото решение ќе биде радикално. Македонија ќе биде или цела или автономна (како етапа за присоединување кон Бугарија — н.б.), или пак распокината.

Ние треба да се готвиме за овој момент што ќе настапи неминовно и скоро. За мене е јасно дека Турција нити ќе се прероди, нити пак ќе се смири. Конституционата комедија ќе заврши — не е важно како. Со завршувањето на оваа комедија ќе настапи моментот за ликвидирање на прашањето за турските провинции во Европа. За овој момент балканските држави треба потполно да бидат готови сами да го решаваат прашањето, зашто тогаш тоа ќе биде правилно решено и само тогаш тие ќе си го осигурат своето натамошно постоење, Во тоа прашање најзаинтересираните земји се: Бугарија, Србија, Грција и Црна Гора. Сите тие треба уште отсега да се готват за решителен час. Сојуз по вакви прашања е возможен само при взаемни отстапки, заемно задоволување, доколку тоа е можно, на најсуштествените интереси."*5

Бугарија, стремејќи се кон постигање потполно задоволување на своите барања за цела Македонија; Србија, настојувајќи за отстранување на непосредната опасност од Австро-унгарскиот притисок, која ги загрозуваше нејзините национални и економски интереси, — двете држави, раководени од различни побуди, се стремеа кон меѓусебно разбирање, Миловановиќ продолжуваше да настојува за приклучување на Скопје кон Србија. „Додека за вас овој пункт има второстепено значење, тој за нас е од капитална важност. Само така ние можеме да си осигураме излез на Јадранското Море... Појасно кажано, треба да се спогодиме дефинитивно за поделбата во случај автономијата да се покаже неостварлива,"*6 му рекол Миловановиќ на бугарскиот ополномоштен министер во Белград во месец јуни 1909 година. Во духот на зближувањето беа направени заемни посети меѓу цар Фердинанд и крал Петар и престолонаследникот кнез Александар во Бугарија и Србија. Покрај заемните посети на државните глави и раководители, во духот на зближувањето, беа спроведени ред други манифестации како што беа: средбата меѓу српските и бугарските економисти, посетата на бугарските студенти во Атина и др.*7 Покрај овие заеднички манифестации на зближување, односот на двете земји кон Турција се оладуваше. Во својот говор во Народното собрание од 4 ноември 1909 година, претседателот на Бугарија Александар Малинов изјави дека „на бугарската држава не може да ѝ се откаже правото да

пројавува интерес кон своите сонародници во Турција", а министерот за надворешни работи Паприков подвлече дека нивните односи со Турција зависат од положбата на „нашите сонародници таму."*8

Во почетокот на месец февруари 1910 година Миловановиќ го посети во Софија Александар Малинов. Во врска со проектираниот веќе сојуз меѓу Бугарија и Србија, Фердинанд, заедно со Малинов и Паприков, од една страна, и крал Петар со Миловановиќ и Пашиќ, од друга, го посетија во почетокот на 1910 година Петроград. Во центарот на разговорите меѓу надворешните министри на Србија и Бугарија секако стоеше прашањето за Македонија. Малинов настојуваше за Сан-Стефанска Бугарија, со корекција дел од тогашна Грција и Одрин, со територијата до линијата Енос — Мидија, да се осигураат за Бугарија. Миловановиќ исто така сакаше границите на Сан-Стефанска Бугарија да се корегираат, но во смисла Србија да може да ја прошири својата државна територија југозападно од Шар, со Скопско и Тетовско.*9

Започнатите во Петроград преговори меѓу Малинов и Миловановиќ во врска со проектираниот веќе сојуз меѓу Србија и Бугарија доведоа до постигање спогодба за склучување на политичка и воена конвенција, што претполагаше поделба на Македонија. Русија беше благонаклонета Солун да ѝ се отстапи на Бугарија, но не и Одрин, а на Србија — областите што ѝ го откриваат излезот кон бреговите на Јадранско Море. Овие преговори не донесоа никакви практични резултати. Руско-бугарскиот проект-договор, подготвен за потпишување, беше изоставен од кабинетот на Гешов, што го наследи Малинов. Во месец јуни 1910 година се свика Сесловенскиот собор во Софија на кој присуствуваа истакнати и културни личности од Русија, Полска и Србија. Соборот шумно го манифестираше движењето за културно-економско зближување на Словените. Се декларираа разни проекти за создавање на словенска банка, словенски театар, словенска изложба, научни словенски собори, поштенски сојуз и др. Нов чекор за зближување меѓу Бугарија и Србија се направи во почетокот на 1911 година со создавањето на Српско-бугарски комитет. Во својот статут комитетот ги формулира културно-економските основи на зближувањето.

Разбирателството меѓу Србија и Бугарија се истакнуваше како нужен фундамент, „јадрото на балканската политика", што ќе послужи и за зближување со Грција.*10 На 24 март 1911 година*11 дојде на власт коалициониот кабинет на Гешов, несомнен русофил. Во кабинетот влегуваа

претставници на Народната прогресивна партија, позната како најрусофилска партија во Бугарија. Патот за соработка меѓу Русија и Бугарија беше отворен. „Претстојат уште многу работи, соопштува Урусов, во Петербург од 28 март 1911 година, но условите за работа сега се крајно лесни и работата може да биде до голема степен продуктивна — Бугарија сега влезе во орбитата на руската политика.*12 Српскиот министер за надворешни работи Миловановиќ побрза да влезе во контакт со новата бугарска влада. Тој предлагаше спогодба врз базата поделување на Македонија, така што Скопје и Велес да ѝ припаѓаат на Србија или границата на нејзините барања да достигнува до границата создадена од реката Брегалница, Бабуна-планина, Дебар и морето, но при услов да се реши животното прашање за Србија — излез на Јадранско Море, Разговори се водеа и за начините по кои ќе се објави војна на Турција — подготвување на внатрешни немири, дури и востанија. Бугарскиот ополномоштен министер во Белград во тоа време Андреј Тошев дава повеќе податоци околу преговорите што се водеа преку него, а подоцна преку Ризов, меѓу Пашиќ и Гешов, Спалајковиќ и Гешов, Милановиќ и Гешов.*13 Разговорите се водеа главно за решавање прашањето за поделба на Европска Турција, т.е. на Македонија, како основа за постигање на сојузот. Предлогот на Пашиќ на Србија да ѝ припадне сета територија северно од линијата Брегалница — Велес — Дурацо, на Грција — останатиот дел од Албанија и Јужна Македонија, а сето останато Бугарија да го задржи за себе, наоѓаше на отпор од страна на Гешов, но преговорите меѓу Спалајковиќ, српски полномоштен министер во Софија, и Гешов, продолжуваат. И двете страни ги поставуваа своите шанси на улогата на Русија за максимални придобивки, која активно ги инспирираше, следеше и напатствуваше нивните односи за постигање сојуз на балканските земји против Австро-Унгарија. Со отпочнувањето на Итало-турската војна за Триполи, за балканските земји се создадоа поволни моменти да ги реализираат своите аспирации кон европските територии на Турција. Забрзаните разговори меѓу Димитар Ризов,*14 д-р Миловановиќ, Пашиќ, Љуба Стојановиќ, Хартвиг, Т. Тодоров, Некљудов, ги подготвуваа условите за идниот српско—бугарски сојуз: поделба на Македонија (максимални отстапки од бугарска страна — река Пчиња на исток од Вардар до нејзиниот извор, границите на Призренскиот и Скопскиот санџак западно од Вардар), заедничка одбрана во случај на напад против некоја од балканските држави (се мисли на напад од страна на Турција), внатрешни

нереди во Турција, евентуален обид од страна на Австро-Унгарија да ја окупира Македонија или Албанија, учеството на Русија во одредувањето на договорот и привлекувањето на Црна Гора.*15 На таа основа продолжуваа разговорите на 28 спроти 29 септември 1911 година помеѓу Гешов и Миловановиќ. Во врска со тоа, Андреј Тошев пишува: „Судбината на Скопје била решена во полза на Србија. Останатата демаркациона линија меѓу она што требало да им припадне на Бугарија и Србија ќе била определена од Русија. Сојузот ќе биде одбранителен и нападателен. Одбранителен во случај некоја сила да протегне рака спрема некој од Балканскиот Полуостров, а нападателен — против Турција, ако во пределите на оваа држава настапат големи безредија и се изразат во колеж на Бугари и Срби.*16 По постигнатите услови од Гешов и Миловановиќ за натамошните преговори меѓу Србија и Бугарија, Гешов бил ополномоштен да влезе во формални преговори со Србија по склучување на еден одбранителен и нападателен сојуз со неа. Фактички преговорите се водеа меѓу Спалајковиќ и Андреј Тошев, првиот полномошен министер во Софија, вториот — во Белград. Во текот на преговорите од бугарска страна одново се правеа обиди да се одбијат или сведат до минимални граници српските барања. Гешов настојуваше да се реши тешкиот проблем за Македонија со нејзината автономија што повеќе одговараше на бугарските аспирации. Но, и натаму стоеше предлогот од Македонија да се создадат три зони: беспорна српска, спорна што ќе се решава со арбитражот на рускиот император, и беспорна бугарска.*17

Во месец декември 1911 година Некљудов ја испрати следнава телеграма до Петербург: „Положбата е следната — цар Фердинанд го повтори своето сочувство спрема сојузот. Гешов — Спалајковиќ постигнале полна согласност по сите точки, освен разграничувањето на Македонија, макар што целото разногласие да се сведува до педа земја близу до самата бугарско-турска граница, а имено кон гратчето Кратово и Егри-Паланка со околината, но отстапиле знатен дел од Сан-Стефанските граници, т.е. Скопје со Куманово и Дебар со околината до Охридското Езеро и, исполнувајќи го тоа, што го добивме во полза на Србија минатата година, Бугарите стигнале по мое убедување, до крајните граници на отстапките, и повеќе нема да одат.*18

Повеќе детали за територијалниот спор дава Некључдов во својата телеграма од 8—21 декември 1911 година: „Бугарите ја предлагаат како крајна граница на можните идни отстапки на Србија следнава линија што скоро совпаѓа со таква права која би се повлекла од собирателното место на границата - турска, српска и бугарска, до северниот агол на Охридското Езеро, а имено

вододелот помеѓу реката Пчиња и нејзиниот приток Крива Река, реката Пчиња, натаму од Вардар скоро по права линија до горниот агол на Охридското Езеро, оставајќи го Кичево на Србите, а Крушово на Бугарите. Бугарите се сложуваат со тоа крајот на северот од таа граница да биде распределен при случај, сходно решението на господарот — императоротот, и дури исцело да биде даден од нас на Србите. Србите спорат само по однос на источниот почеток на таа граница, сакајќи да ги осигураат за себе уште Егри Паланка и Кратово...*19 Во резултат на повеќето дипломатски постапки, средби и разговори меѓу политичките раководители на Бугарија и Србија, како и на залагањето на Русија, Бугарија ги смалуваше своите максималистички претензии и правеше обид да им се придружи на српските предлози за поделба на Македонија.

„Треба да се спогодиме — изјавил министерот на финансиите Тодор Тодоров, кој времено раководеше со Министерството на надворешните работи на Бугарија, пред српскиот дипломатски претставник во Софија д-р Милојевиќ — колку што може поскоро и точно да договориме што му припаѓа на секого, за да може секој еден од нас да го развие своето влијание во границите на одредената сфера на интереси и за да можеме еднакво подготвени да очекуваме со спокојство секаква евентуалност, Нема зошто да се расправаме за она што е уште спорно, а треба да мислиме за тоа што сигурно ни припаѓа и што сме готови да си го отстапиме доброволно еден на друг. Ние ви го отстапуваме Скопје, вие нам Солун, Битола, сметам и Велес. Затоа ќе треба да се бориме најсериозно вие да го добиете Скопје, а ние Солун, Битола и Велес.*20 Руските дипломатски претставници во Белград и Софија — Хартвиг и Некљудов ги имаа нишките на преговорите во свои раце. Вешто тактизирајќи, правејќи отстапки и вршејќи притисок таму каде што беше потребно, тие, може да се каже, ги водеа српско бугарските преговори кон постигање на својата цел. Не се запираа ни пред најситните детали при одредување заедничката граница на Србија и Бугарија во Македонија и по тој начин ги задоволуваа аспирациите едновремено на Србите и на Бугарите. Хартвиг и Некљудов, воените аташеа полковник Романов во Софија и Андреј Владимировиќ во Белград ги одредуваа граничните пунктови на српските и бугарските сфери на интереси во Македонија. Откако успешно се установи главната разграничувачка линија, преговорите неочекувано се затегнуваа во дефинитивните пунктови на разграничувањето. Тоа беше Струга на Охридското Езеро. Руските воени и дипломатски личности се наоѓаа во мошне деликатна положба, зашто требаше да го заложуваат својот авторитет и престиж за ускладување

на прашања и спорови за „ништожно парче земја"*21. Некљудов му соопштуваше од Софија на својот министер во Петроград со дов. телеграма од 24 декември 1911 година (6 јануари 1912) дека и Гешов и Спалајковиќ не еднаш го уверувале дека, што се однесува до границата на запад од Вардар, „немале никакви дискусии и важноста на спорот биле само околу Скопје. Но, прашањето за Струга за нив била неочекувана непријатност". „Во тоа време, пишува Некљудов, нашиот воен агент (полковник Романов — н.б.) одредено појасни дека рационалната граница од топографска гледна точка треба да се остави на левиот брег по долното течение на реката Црни Дрим и половината од Струга за Бугарите, инаку границата ќе излезе сосема вештачка.*22 Меѓутоа и бугарските и српските претставници беа упорно неотстапчиви, барајќи целосно вклучување на Струга во рамките на својата државна граница. Не порекнувајќи го задолжителниот карактер на руският предлог, Спалајковиќ укажуваше на сериозните недостатоци на предлогот од технички и стратегиски карактер. Спалајковиќ ги истакнуваше како суштествени потреби за Србија да се утврди идната граница со Бугарија по природниот водораздел, т.е. „Србите да имаат на север од Охридското Езеро **„Hinteriand"**, тврда опора во славјанска земја, за одбивање притисокот на непријател ските албански племиња и чување на животниот за Србија пат кон Јадранско Море". Воениот министер Никифоров и цар Фердинанд биле наклонети во крајна мера „да се потчинат на руският предлог"*23 При ваква ситуација, Некљудов ѝ соопштуваше на својата влада дека работата дефинитивно се смета за незавршена и неуспешна. Тој го советуваше Гешова „да ја остават границата меѓу Брегалница и Струга во неодредена положба што ќе подлежи подоцна на арбитражот на Русија"*24. И во таа смисла се усвојува една примирителна формула за спорната охридска граница.

Русија настојчиво интервенираше, советувајќи за умереност и отстапки од двете страни, за да стане можен поскоро Бугарско-српскиот сојуз, заплашувајќи дека во спротивен случај таа ќе постапи како што ѝ диктираа нејзините интереси. Лајтмотивот за склучување на сојуз меѓу Бугарија, Грција и Србија беше несомнено аспирирањето на овие држави за завладување териториите од Европска Турција со една војна против неа. Раководните кругови на бугарската буржоазија гледаа во војната против Турција големи можности за територијално проширување. Фердинанд, кој беше изразител на најекстремистичките планови за освојување на Тракија,

Цариград и Македонија, настојчиво ја талкаше Бугарија кон војна со Турција, спротивно на ставот на Русија — подржување **status-quoto** на Балканот, консолидација на млада Турција и независност на младите балкански држави, став што руските дипломати секогаш го изјавуваа и особено во врска со преговорите за Балканскиот сојуз. Не стои далеку од вистината мислењето на Стојан Протиќ за мотивите што го натераа Фердинанд да го прифати и да настојува за сојуз со Србија. „Кога се споредат договорот од 1910 година меѓу Бугарија и Русија и Српско-бугарскиот договор од 29 февруари 1912 год., јасно се гледа, ни се чини, зошто цар Фердинанд го претпостави српско-бугарскиот сојуз пред изработениот во 1910 година проект за сојуз со Русија. Првиот му откриваше изгледи да влезе во Цариград и да се јави на Мраморно Море, вториот, изгледа, му ги затвораше овие хоризонти. При овој негов план, Македонија, како и Србија и Грција, не беа друго освен средство."*25

На 13 август 1912 година, под претседателството на цар Фердинанд, се свика таен совет на кој присуствуваше Гешов, Т. Тодоров, министерот на војната генералот Никифоров и претседателот на Народното собрание Данев. Се реши: ако Турција не се согласи со прилагањето на член 23 од Берлинскиот договор, Бугарија да ѝ објави војна на Турција. Ова решение според А. Тошев по принцип било примено од Сојузниците.*26 Меѓу Србија и Бугарија се водеа разговори во Белград и Софија за формулирање на мотивите за војна против Турција. Се смета на провоцирање нови колежи или нови востанија на Арнаутите, или атентати вршени од македонската организација.*27 Со цел да се осигури заедничка воена акција со Србија, бугарската влада изработи проект за објавување на војната. Никола Пашиќ, кој застана на чело на српската влада на 30 август 1912 година, се сложи со бугарскиот проект, со една додавка кон текстот во смисла дека, ако Австрија и Романија заедно или поодделно ја нападнат територијата на Србија и Бугарија, тогаш двете земји ќе се бранат од напаѓачот.

Се водеа разговори во таа смисла и со Грција. Грците сè уште беа нерешителни за една воена акција против Турција додека не добијат увереност од српска и бугарска страна „кој до каде ќе завладее", т.е. да се одредат идните граници.*28 Но, Гешов го одолговлечуваше прашањето за територијалната поделба со Грција, сметајќи дека неговото нерешавање ќе биде во бугарска полза. Прашањето за територијално разграничување меѓу Бугарија и Грција остана нерешено. Андреј Тошев смета дека ова е голема слабост и грешка на Гешовиот кабинет. Ако тогаш се

постигнела спогодба, положбата на Бугарија ќе била поблагопријатна. Тој дури смета дека спогодбата со Грција требала да се направи пред спогодбата со Србија, бидејќи со Грција ги сврзувале големи трговски и економски интереси.*29

Русија ни за момент не сакаше да ја испушти контролата и решително настојуваше да ги земе во свои раце преговорите меѓу Србија, Грција и Бугарија, за да избегне некоја предвремена акција против Турција. Таа се стремеше да го реши прашањето за Протоците со директни преговори со Турција. Русија ѝ предложи на Турција одбранбен сојуз меѓу Русија и Турција.

Младотурската револуција и тактиката на Младотурците за отоманизација ги поткопуваше аспирациите не само на Србија и Бугарија спрема Македонија, но и на Грција. Водејќи непомирливо соперништво за влијание во Југозападна Македонија, Бугарија и Грција истовремено се стремеа кон фактичко зближување. Предлозите на Трикупис од 1891 година и на Даљанис 1897 година беа подновени во 1910 година од тогашниот претседател на грчката влада Венизелос со неговиот предлог да се склучи политички сојуз со Бугарија. Но, меѓу двете договорни страни не се постигна согласност. Бугарите и овој пат не се сложуваа со грчкиот предлог да ѝ се отстапат на Грција Кавала, Серез, Воден, Костур и Лерин. Преговорите продолжуваа за цело време додека траеше кабинетот на Малинов, решавајќи го прашањето за заедничка заштита на црковните и школските привилегии и гарантирање на христијанските општини со султански ферман. Формираното во 1911 година општество од политички личности во Атина си постави за задача да работи за грчко-бугарско зближување, На чело на ова општество се истакнува министерот Коромилас и младиот дипломат Драгумис. Општеството изработи мемоар, во кој се истакнуваше дека „најважното е одредувањето сферите на влијание". Бугарската влада не беше расположена за одредување сфери на влијание во Македонија. Таа стоеше на позицијата дека не може да се отстапи Солун на Грција, а претходно не изјавуваше дека овој град треба да се вклучи во државните граници на Бугарија, за да не ги спречи можностите за нови разговори со атинската Влада.*30 На 3 октомври 1911 година грчкиот ополномоштен министер во Софија ги предаде уверувањата на грчката Влада дека, ако Бугарија дејствува во случај Грција да биде нападната од Турција, тогаш и Грција ќе војува против Турција ако таа ја нападне Бугарија. Дури на 14 (27 април 1912 година Гешов го доби проектот од грчка

страна за одбранбен сојуз. Во грчкиот проект се избегнуваше да се зборува за Македонија. Грците се спротивставуваа на предлогот од Гешов, т.е. Грција да се согласи во Македонија и Тракија да се создаде автономен режим,*31 чија што позадина беше сосем позната на грчките дипломати. Грција настојуваше Бугарија да се изјасни за една одредена делимитациона линија, на која од бугарска страна секогаш се одговараше отстранчиво, со предлагање компромиси. „Ние гледаме посериозно на прашањето и се раководиме од правилото дека, кој сака да прави голема политика, тој треба да е готов за компромиси", рекол бугарскиот полномоштен министер во Лондон М. Маџаров во еден разговор со грчкиот полномоштен министер во Лондон Генадиус, разговарајќи за сферите на интереси во Македонија.*32 Тоа му беше познато на Некљудов, кој на 8 (21) мај телеграфира во Петроград дека бугаро-грчкиот договор уште не е потпишан поради несогласност со текстот. Грците сакаат да го отстранат од договорот „секое напомнување за правото на населението во Македонија на административна автономија, за кое држеше Гешов.*33 Политичка конвенција бугарската влада намерно не склучи со грчката влада, сметајќи дека развојот на настаните ќе се одвива во полза на Бугарија и дека евентуалните спорови со Грција ќе ги реши со помошта на сојузницата Србија. Грчкиот министер-претседател остануваше непоколеблив во своето настојување „претходно и точно да се уговори сè, за да се избегни во иднината едно жалосно меѓусебно скарување"*34. Во крајот на краиштата сепак се постигна одбранителен сојуз што беше потпишан во Софија од Гешов и Панас.

По доаѓањето на Гешов на должноста министер-претседател, во месец април 1911 година, Венизелос предложи да се склучи тајна спогодба не само за заштита на привилегиите на христијаните во Турција, но и одбранителен сојуз „во случај на напад" против една од договорените страни. Договорот беше склучен одвај по потпишувањето на сојузниот договор со Србија. Меѓутоа, усилбите за потесно зближување и манифестациите во таа смисла зедоа позабрзано темпо. На 7 април 1911 година, 280 бугарски студенти и голем број новинари беа свечено дочекани во Атина и Пиреа.

Војната што започна меѓу Турција и Италија во крајот на септември 1911 година го потсили стремежот за склучување на Балканскиот сојуз. Преговорите на Миловановиќ со Ризов и Тодор Тодоров и опсудувањето на проектот за сојузен договор во Белград, Виена и Софија, како и средбите меѓу Миловановиќ и Гешов, го имаа за резултат формулирањето на основните точки од

договорот. Гешов требаше да ја признае неопходноста Скопје и Куманово да ѝ се отстапат на Србија. Општественото мнение во Бугарија, создадено при постојана пропаганда за Сан-Стефанска Бугарија, за целокупно присоединување на Македонија што ги разгоруваше националистичките страсти не само на буржоазијата, но и на еден значителен дел од интелигенцијата, не ја одобри оваа отстапка. Буржоаските партии од редот на конзервативците, па дури до широките социјалисти, застанаа на позицијата за целокупна Македонија, за автономија, или за една „справедлива" етничка граница.*35 Овој отпор ја натера бугарската влада да го одолговлекува стапувањето во сојуз со Србија. При оваа положба Миловановиќ се најде присилен да отстапи.

Вака царска Русија го спроведуваше својот план за создавање на Балкански сојуз, насочен пред сè против Австро-Унгарија. Балканските држави, како што се гледа од изнесените податоци, сами беа дошле до разбирањето дека еден сојуз меѓу нив е неодложен. Со Балканскиот сојуз руската царска дипломатија го спроведуваше на дело својот план за преградување патот на австро-унгарската експанзија кон Балканот и подготвување одбранбена по форма, но настапувачка по суштина војна против Турција кога за тоа назреат поволни услови. Кон тоа последното — војна против Турција — се стремеа и владејачките кругови на балканските земји. Во европскиот дел на Турција беа нивните големи животни интереси. Веќе во почетокот на 1912 година беше готов четворниот воен сојуз на балканските монархии, што имаше за цел со војната против Турција да се завојуваат балканските територии и да се поделат меѓу сојузниците.*36 Активноста на руските дипломатски претставници Хартвиг во Белград и Чириков во Цариград постигнаа реални резултати. Најпосле согласност беше постигната за размерите на спорната зона и протоколот беше потпишан на 22 февруари 1912 година. На 29 февруари истата година договорот за пријателство и сојуз меѓу царство Бугарија и кралство Србија, заедно со тајниот прилог кон него, беше потпишан. За Бугарија потпиша Ив. Ев. Гешов, а за Србија — М. Миловановиќ. На 29 април во Варна беше потпишана воената конвенција, на 19 јуни — спогодбата меѓу бугарскиот и српскиот штаб на армијата. На 23 август, пак во Варна беа разменети мислења по оперционииот план против Турција, а на 15 септември во Софија беше потпишана последната спогодба меѓу бугарскиот и српскиот генерален штаб.*37

Подоцна, откако се совладаа „Пиемонтските претензии на Србија и Црна Гора, како и антидинастичките интриги и реакционерни методи на управување од страна на црногорскиот крал Никола, се склучи договор и со Црна Гора.*38

Русија внесе во српско-бугарскиот договор клаузули насочени против Австро-Унгарија и за поделба на турски територии меѓу сојузниците. Член 1 и 2, кои всушност се темелните елементи на договорот, содржат гаранции за државната независност и целокупноста на државната територија на секоја од договорените земји во случај на напад од страна на една или повеќе други држави и задолженија за чување неприкосновеноста на балканската територија што се наоѓа под турска власт во случај „некоја велика сила да се обиде да ја присоедини и окупира". Но, додека договорот во своите основни формулации одредува антиавстриски карактер на Балканскиот сојуз, тајниот анекс кон него ги уредува заемните односи, задолженијата и обврските „во случај да настанат во Турција внатрешни безредија, што би ги довеле во опасност државните или народните интереси на договорните земји". Член 2 од тајниот анекс содржи спогодба за последиците од една „евентуална" војна против Турција. Спогодбата е прецизирана во смисла дека Србија ѝ го признава на Бугарија правото врз териториите на исток од Родопите и на реката Струма, а Бугарија на Србија ѝ го признава правото на територијата северно и западно од Шар-Планина. Колку за територијата вклучена меѓу Шар-Планина, Родопите, Егејско Море и Охридското Езеро, ако двете страни се уверат дека нејзиното организирање во посебна автономна област е невозможно, предвид заедничките бугарски и српски национални интереси, или поради други причини „од надворешен или внатрешен карактер", договорот ја дели на две зони: „спорна" со градовите Скопје, Гостивар, Куманово и др., и „неспорна", на исток и југ од една точно одредена граница,*39 зад која „Србија се задолжува да не бара ништо", а Бугарија се задолжува да ја прими оваа граница, ако рускиот цар, кој ќе биде замолен да биде врховен арбитар по тоа прашање, се определи во полза на оваа линија. Двете страни се задолжуваат да ја примат како дефинитивна граница онаа линија за која рускиот цар во означените граници би заклучил дека сосем одговара на правата и интересите на двете земји. Така принципите за национално обединување и за национално ослободување на балканските народи беа погазени од скорните на балканската буржоазија. Ив. Ев. Гешов тврди дека уште на 15 декември 1911 година

тие се спогодиле со Србите да се одделат од самиот договор и ставките што ги имаат за предмет нивниот нападателен сојуз против Турција, распоредбите за Македонија и други материјали, сврзани со тие две важни прашање да се стават во особено таен прилог.*40 Врз основа на договорот, тајниот анекс и воената конвенција, на 18—19 јуни (ст.ст.) 1912 година се постигна спогодба меѓу бугарскиот и српскиот, штабови на армиите за распределување на конкретните воени операции во случај на војна меѓу Бугарија и Романија и војната на сојузниците Србија и Бугарија со Турција. Дефинитивната воена подготовка заврши со постигнатата спогодба меѓу генералните штабови на бугарските и српските единици. Според член 1 и 2 од спогодбата, војските на двете сојузни земји се распределуваат според настапувачкиот карактер на војната против Турција по следниов начин: „Целата српска војска ќе дејствува на македонскиот оперативен театар, а целата бугарска војска - по долината на реката Марица, оставајќи во прво време една дивизија на линијата Ќустендил—Дупница. За заштита на град Дупница ќе се остави специјален гарнизон. Една српска дивизија од први позив ќе биде префрлена во Ќустендил по железниците и со бугарската дивизија во прво време ќе составува една армија што ќе оперира со српската главна армија. Ако српската главна армија ги отфрли Турците од линијата Скопје, Велес, Штип и напредне на југ, тогаш Бугарите можат да се послужат со својата дивизија, за да ги засилат војските на маричкиот театар, оставајќи ополченски војски на македонската граница. Спогодбата е потпишана од генерал-мајор Фичев и генерал Р. Путник. По потпишувањето на српско-бугарскиот договор, Данев во својата средба со Сазонов и рускиот цар, со цел да му ги предаде преписите од српско-бугарскиот договор, тајниот прилог и воената конвенција, го искористил и овој случај да побара од Сазонов, во случај на спор меѓу Бугарија и Србија, Русија како арбитар при распределбата на спорната зона да го реши во полза на бугарското барање, т.е. да се вклучи во границите на Бугарија: Солун, крајбрежието на Белото Море од устието на реката Места до Сароскиот залив, како и сè на запад, од една повлечна линија од Сароскиот залив до Мидија, што беше крајната југоисточна точка на Сан-Стефанска Бугарија. Сазонов го одбил барањето Одрин да припадне на Бугарија.*41

Грчко-бугарскиот договор (чиј текст беше публикуван во францускиот весник **„Matin"** на 26 ноември 1913 година), ја уредува заемната помош меѓу двете држави за добивање на црковни и други права во Македонија, како и сојуз во случај на напад од страна на Турција. Грција и Бугарија

не можеа да се спогодат за поделбата на турското наследство, главно поради Солун, што ни Бугарија не сакаше да го отстапи на Грција. Воената конвенција меѓу Бугарија и Грција беше потпишана во предвечерието на самата војна — 22 септември 1912 година.*42

Некои бугарски автори мислат дека немањето на јасни клаузули за одредување граници на сферите на интереси во Македонија меѓу Бугарија и Грција подоцна било причина за војната меѓу нив.*43 Вакво објаснување е мошне неотпорно спрема реалните факти. Се стигна до војна меѓу Бугарија и Србија при сè што токму во српско-бугарскиот сојузен договор беа точно означени граничните зони меѓу двете земји во Македонија.

Сојузот меѓу Црна Гора и Бугарија беше склучен врз основа на усмена спогодба, при услов Бугарија да ја поддржи Црна Гора во време на војната со пари — 10.000.000 лева.*44

Српско-бугарскиот договор што беше стожерот на Балканскиот сојуз, беше создаден по руски план. Русија беше во тек на сите преговори што се водеа меѓу Софија и Белград. При разграничувањето на спорната зона, активно учествуваа руските министри Некљудов и Хартвиг. Но, планот за создавање на бариера спрема германо-австриските стремежи на Балканот не беше само нејзино дело. Со него беа запознаени и руските партнери од тројната спогодба - Англија и Франција. Министерот за надворешни работи на Русија Сазонов во своето инструктивно писмо до рускиот пратеник во Лондон Бекендорф од 31 октомври 1912 година, укажувајќи на некои битни моменти од договорот и на ставот на руската влада по овој договор, заклучува: „Соопштувајќи ви го горното што треба да го имате за основа на еден разговор со Греј, ви обрнуваме внимание дека точното разграничување на една непроменлива одредба, но е само како укажување на интересите на двете држави, во кое би нашле тие едно соодветно признавање во границите што би ги одобриле, за да се постигне рамнотежа..."*45 Само отстранувањето, или во најмала мера ублажувањето на спротивностите со цел да се постигне хомогеност меѓу сојузниците, можеше да претставува гаранција за руската политика на Балканот. Сега активноста на руската дипломатија беше насочена кон одбегнување опасноста од предвремена војна против Турција.

Англија, која беше заинтересирана за осигурување на нејзиното влијание во Индија, се стремеше да го има расположението на муслиманскиот свет. И во таа смисла гледаше благонаклоно на Балканскиот сојуз. Расположбата во Лондон во крајот на летото 1912 година може да се види и од следнава оценка на Сазонов: „... Англија се раководи од желбата со ништо

да не ја ослаби сегашната отоманска влада, во која видна улога игра нејзиниот приврзаник Ќамил-паша од страв да не се вратат на власт Младотурците со Ферид-паша, сметајќи се за приврзаници на Германија."*46

И Франција го одобруваше Балканскиот сојуз „чии што 400.000 војници", според зборовите на министерот за надворешни работи Селф, ги гарантираше Балканите од секакво туѓо навлегување.*47 Но, Франција беше решителен противник Балканскиот сојуз да се употреби во една војна со Турција. Таа остануваше приврзана кон својата политика на Исток — целоста на Отоманската Империја и подржување **status-quoto** на Балканот.*48

Поанкаре недвосмислено изјавуваше дека „Србија би се изложила на најопасна авантура ако се повлече по Бугарија во една војна против Турција.*49 Таа се плашеше за сигурноста на своите капитали во Турција и се стремеше да ја отклони војната со Турција.*50

Од склучувањето на српско-бугарскиот договор па сè до започнувањето на војната против Турција, дипломатската активност на Балканот на државите од соглашението — Русија, Англија и Франција беше насочена — кон недопуштање земјите од Балканскиот сојуз да се впуштат во војна со Турција. Оваа дипломатска активност не успеа да ја избегне војната.

Додека Русија ги држеше Англија и Франција во тек на преговорите за оформување на Балканскиот сојуз, во однос на Германија таа чуваше потполна тајна. Германскиот канцелар Бетмен Холвенг во својата книга **Betrachtungen zum Weltkriege**, стр.77, откако пишува дека своевремено бил запознат од своите дипломатски агенти за постоењето на Балканскиот сојуз, го истакнува следното: „А на средбата во Балтин-Порт, во почетокот на јули 1912 година, каде Саздов се покажуваше дека говори отворено по општата политичка ситуација, не ми кажа ни збор по извесните нему планови на балканските држави и Русија, до крај го порекнуваше категорично постоењето на еден балкански сојуз под нејзино раководство.*51

Во текот на преговорите меѓу сојузниците, по потпишувањето на договорите и воените конвенции, Русија ни за момент не го намалуваше своето интересирање за односите на сојузниците спрема Турција. Таа вршеше активен дипломатски притисок на Србија и Бугарија за да ги отклони од нивната намера да ја нападнат Турција и да ги истргнат нејзините европски земји. Во тој правец дејствуваа Англија и Франција, а што се однесува до Австро-Унгарија и Германија, нивните дипломати отправуваа отворени заплашувања, особено спрема Србија во

случај да не се зачува миротг и **status-quoto** на Балканите.*52 Не беше помалку строг и тонот на Сазонов, кој, и покрај своите аргументи и пријателски совети, правеше остри предупредувања кон сојузниците. Тој уште во текот на преговорите, па и по склучувањето на бугарско-српскиот договор, често го ставаше на знаење ставот на рускиот кабинет. „Русија нити може, нити сака да се меша во една војна против Турција", му одговорил Сазонов на бугарскиот министер Данев во Ливадија, во месец април 1912 година, кој ја барал согласноста на Русија за почнување на војна со Турција. Сазонов објаснувал дека влегувањето на Русија во една војна против Турција би предизвикало сеопшта војна за која Русија не е готова.*53 И самиот император правеше слични изјави. На 13 септември 1912 година Сазонов (пред да отпатува за Лондон и Париз за да се советува со одговорните фактори) го изрази своето мислење пред Паприков за намерите на сојузниците да го решаваат прашањето за Македонија со војна: „Ако вие сте си го решиле вака прашањето и ако пристапите кон извршување на решението, тогаш знајте дека никаква поддршка од страна на Русија нема да имате. Мислите дека ќе можете да нè вовлечете безвреме во една војна? Се лажете."*54 Во истиот рапорт Паприков го известуваше својот министер покрај другото и за мрачната ситуација во Русија. „Во воздухот се носи призракот на една втора револуција", пишува Паприков. Овој призор е еден од сериозните фактори што ја тера Русија да се воздржува и да сака да се избегне војната. Поради тоа зборовите на Сазонов дека во случај Србија и Бугарија да не ги послушаат советите на Русија и го нарушат мирот, започнувајќи војна со Турција, тогаш Русија ќе мора да мисли за осигурување само на своите сопствени интереси, имаат сосема одредена содржина.*55 И рускиот посланик во Софија Некљудов го предупредуваше Гешова дека Русија не е согласна Бугарија и нејзините сојузници да започнат војна со Турција и дека во противен случај тие не можат да се надеваат на некаква поддршка од Русија.*56 Рускиот министер за надворешни работи често беше принудуван да ги подвлекува пред дипломатските претставници на Србија и Бугарија мотивите што ја натерале Русија да го поддржи Балканскиот сојуз. „Нашата идеја за спогодба на балканските народи, рекол Сазонов во еден разговор со Маѓаров во Лондон, имаше за цел да го зачува Балканскиот Полуостров од едно туѓо завладување — една групирана војска од 5—600 илјади души ќе биде гаранција за вашата и српската независност.*57 Бугарскиот полномоштен министер во Москва Паприков настојуваше и бараше уверување од руската влада да се реши член 23 од Берлинскиот договор. Во таа смисла

Министерството на надворешните работи на Русија ги информира руските посланици во Софија, Белград, Атина и Цетиње дека Русија направила официјална постапка пред Турхан-паша за воведување реформи во Македонија, во смисла на член 23 од Берлинскиот договор.*58 Но, барањето реформи во Македонија од страна на сојузниците е само камуфлажа на вистинските нивни намери спрема Турција. Можноста за реформи во духот на чл.23 од Берлинскиот договор се мошне слаби и во тоа не се наклонети да веруваат ни Русија, ни земјите од Балканскиот сојуз. Решението на Бугарија да го разреши прашањето за Македонија со војна го потврдува и многу поверливото писмо на дипломатскиот претставник во Петроград Паприков од 24 август 1912 година со кое го известуваше Министерството на надворешните работи на Бугарија за разговорите што ги водеше во Петербург во врска со ставот на бугарската влада, изразен по следниов категоричен начин: „Бугарската влада ги сфаќа работите во Турција по начин што заслужува само едно решение — војна со Турција. Тоа решение е земено веќе дефинитивно и балканските држави ќе најдат соодветен мотив и ќе ѝ објават војна на Турција". За да биде иронијата поголема, Паприков изјавуваше дека „Бугарија не гони завојувачки, туку хуманистички цели."*59 Владите на Србија и Бугарија го засновуваат своето решение за војна на тоа дека, според официјалните изјави на руските дипломати и самиот император, Русија не би останала рамнодушна пред една војна со Турција, бидејќи интересите на сојузниците биле солидарни со интересите на Русија.*60 Во последните денови пред објавување на војната, Русија, навистина изјавуваше дека, во случај на една војна, не би можела да се воздржи од замешување во полза на христијанските балкански народи.*61

Премавнувањето на режимот на султан Абдул Хамид беше важен чекор за создавање на демократски услови за слободен развиток на национална независност на поробените народи во Турција. Поради тоа и Младотурскиот преврат, што беше прокламиран како акт на ослободување на муслиманските и немуслимански народности во Турција од султанскиот режим и гарантирање на нивната рамноправност по конституционен пат, беше поткрепен од поразвиените потчинети народи, на чело со нивната трговска и индустриска класа. Но, буржоазијата на овие народи беше многу слаба за да може да игра еднаква со Младотурците улога во превратот. Промената не беше плод на длабока буржоаска општествена револуција. Победата на Младотурците беше полупобеда, зашто таа се задоволи со востановувањето на извесната конституција на Митхат-

паша од 1876 година. Воената диктатура и централистичката младотурска политика ги предизвика против себеси Албанците и Арабите, Грците, Ерменците, Македонците.*62

Младотурскиот режим со својата националистичка, големоотоманска централистичка политика*63 сè повеќе се спротивставуваше на стремежите од поразвиените потчинети народи и, сосем природно, најде во нивното лице противници на младотурскиот режим. Есента 1909 година младотурската влада ги ликвидира националистичките организации, таканаречените конституциони клубови. Таа постапка ги погоди интересите на Грците, Бугарите и Србите, кои во лицето на забранетите организации ја утврдуваа својата пропаганда и сфери на влијание во Македонија. Грците го пројавија своето непријателство спрема младотурскиот режим уште во самиот негов почеток поради спроведениот од турската влада економски бојкот спрема грчките магазини и кафеани — еден вид репресалија за обидот на Критјаните да се присоединат кон Грција. Возбудувањето достигна повисока точка среде христијанското население во Македонија со политиката на потурчување, со колонизирањето на муслимански емигранти од Босна и Херцеговина — Муаџирите. Ваквиот режим спомогнуваше за повторното раздвижување на четите: грчки, српски, бугарски, влашки и македонски. Во месец ноември 1909 година владата изработи закон против четите. Законот предвидуваше сурови санкции: за секоја појава на чети одговараат законските власти во селата, фамилиите на избеганите во четите, сето селско население се подлага на репресалии ако се најде скриен кај нив „комитаџија", итн. Во летото 1910 година се спроведе систематски претрес, со цел да се разоружа христијанското население. Во трите вилаета на Македонија биле тепани и малтретирани околу 4.913 лица, во резултат на кое умреле или останале неспособни многу луѓе. 4.060 лица избегале во соседните балкански држави, или се скриле во планините за да се спасат од турските власти.*64

Младотурците што дојдоа и со намера да ја спречат инвазијата на европскиот капитал и неговите домогнувања врз независноста и целоста на Турција, не само што не беа во состојба да го сторат тоа, но, напротив, доведоа до нова уште поголема зависност на Турција од европскиот капитал и до откинување на нови области од Турската Империја. Токму по младотурскиот преврат европскиот капитализам се здоби со нови концесии во Турција. Во разни провинции од огромната турска држава ја започнаа својата работа нови германски, австриски, англиски, француски банки и индустриски претпријатија. Турскиот државен долг се зголеми, а странските банки останаа

господари во Турција. Во годината на младотурускиот преврат, 1908, Австро-Унгарија ја одбила Босна и Херцеговина од турската држава, Бугарија се оттргна од својата вазална потчинетост со објавувањето на својата независност, а три години подоцна Италија го зграби Триполи. Инвазијата на странскиот капитал го спречуваше развитокот на капитализмот во Турција, не давајќи да се зголемат вносните мита на странските стоки. Доколку во Турција се развиваше капитализам, тој се развиваше меѓу понапреднатите потчинети народи: Грци, Ерменци, Македонци и др. Буржоаската класа од овие народи застана на чело на движењата за национална независност.

Младотурскиот режим не ја задоволи и господаречката воено-феудална класа, што се делеше на спротивни една на други групи. Важен извор за немири во Турција беа Албанците. Наскоро по детронацијата на Абдул-Хамид започнаа албанските востанија, со кои се служеше и ги потспотнуваше Австро-Унгарија, за да ги наложи своите планови. Таа постигна успех со симнувањето од власта на англофилот Ќамил-паша. На 5 јуни 1909 година Албанскиот конституционен клуб во Солун испрати до Младотурскиот комитет протест против крвопролевањето во Албанија, осудувајќи ја акцијата на генералот Џавид-паша, кој со крути мерки ги задушуваше албанските немири. Во почетокот на 1910 година албанското движење доби нов устрем. Бунтовните албански чети го прекинаа патот меѓу Ипек и Митровица. Сета област меѓу Приштина, Призрен и Ѓаковица беше во рацете на востаниците. Тие имаа чести судири со војската. Немирите заплашуваа да се прошират во цела Северна Албанија. На чело на албанските бунтовници стоеја реакционери, еден вид феудални властелини, останале верни на Хамидовиот режим, сега плаќани и вооружувани од Австрија или Италија, или пак од други заинтересирани држави на Балканот, а понекогаш од сите едновремено.

Незадоволството на албанските феудалци доаѓаше поради воведувањето на парични даноци и укинување на старите албански привилегии. Многу села беа порушени од војската и во цела Албанија беше создадена воена положба.

Положбата се влоши во почетокот на месец април 1911 година. Репресалиите на Шефкет Тургут-паша над бунтовничкото движење на Албанците доведе до разгорување на немирите. Движењето од Северна Албанија премина во југозападниот дел, со центри во Елбасан и Горица. Тука помагаше и Грција. Меѓутоа, многу од испраќаните војници и офицери во Албанија минаа на

страната на Албанците. Во втората половина на месец јуни 1912 година во битолскиот гарнизон се појавија сериозни немири против власта. Состојбата на турската војска во Македонија ја одразуваа и извештаите на странските конзули. Така српскиот конзул во Битола, во својот извештај од 9 јуни 1912 година до Министерството на надворешни работи на кралство Србија, соопштуваше за дезертирање на 150—200 војници и неколку офицери од битолскиот гарнизон. „Во последно време овде се чувствува сериозно вриење меѓу офицерите кои се против Младотурскиот комитет" — пишува конзулот од Битола. Во друг извештај од 11 јуни 1912 година тој го изнесува бројот на бегалците од војската. Така од Прилеп дезертирале двајца офицери со 35 војници, од Охрид — двајца офицери со 25 војници, од Ресен — двајца офицери и комесарот на полицијата Тахир. Случаи на одметништво се појавува и во Дебар. Баталјоните еден по еден откажуваа послушност. Офицерите бараа да се растури Младотурскиот комитет и да се закажат нови избори за парламентот. Повеќе од нижите офицери го одобруваа бунтот и не сакаа да тргнат против бунтовниците. Според извештајот на српскиот генерален конзул во Солун од 17 јуни 1912 година,*65 опозиционо расположеното офицерство организира воена лига — „Лига на народните спасители" (Ишадија).*66

Опозицијата правеше обид за соработка и заеднички акции против турските власти со некои македонски револуционери. Интересни податоци во тој однос ни дава извештајот на српскиот генерален конзул во Солун од 5 јули 1912 година. Офицерите од лигата „Ишадија", мајор Халил и поручникот Ариф од Солун, пријатели на санданистите од првите денови на Младотурската револуција, се состанале во Дупница со Христо Чернопеев и Чавдаров. Офицерите предложиле заедничка соработка при услови: Турската опозиција, преку своите повереници и луѓето од позицијата, да овозможат слободно движење да набавуваат материјални средства на македонски чети, да им ги означуваат објектите што треба да бидат нападнати (згради и дуќани) итн. Од своја страна македонските револуционери да не ги напаѓаат турските чети што ќе ги организира опозицијата, да ги насочува своите четнички акции спрема политичките моменти, во спогодба со опозицијата, да влезе во врска со Арнаутите и грчките чети со кои опозицијата ќе биде во врска. Според податоците на конзулот, таа понуда наишла на одзив во средината на македонските револуционери кои „немаат никакви причини да се спротивставуваат на таа соработка што може

да им ја олесни работата и да им даде материјални средства, осигурувајќи им слободно движење во спогодба со турските офицери од опозицијата.*67

По притисокот на албанските бунтовнички водачи и офицерската лига во месец јули 1912 година, турскиот парламент беше растурен. Околу 10.000 Албанци влегоа во Скопје, ги отворија вратите на затворите и ослободија голем број политички затвореници (околу 440 лица*68). Еден месец подоцна, на 27 август Иса Болетинац објави во Митровица „албанска назависност"*69.

Сите овие настани го влошуваа да голема степен животот и сигурноста пред сè на немуслиманското население во турската европска провинција. Незадоволството на христијанското население беше добра почва за аспирациите на соседните држави: Бугарија, Грција и Србија. Тие организираа чети, составени од емигранти избегани од турскиот режим и потсилувани од месното селско население. При својата самоодбрана од четите, младотурската влада ги употреби старите реакционерни методи, така добро познати од времето на Абдул-Хамид. Не можејќи да ги реши основните социјал-економски и државно-политички проблеми владата воведе масовен терор над христијанското население, пред сè над македонското селанство. Законот против четите и разоружателната акција, како што веќе се спомена во претходните страници, целејќи ликвидирање на странските чети во Македонија, доведе до тероризирање на македонското село. Врховистите од Бугарија, непријателски расположени уште од првите денови на младотурскиот режим, најдоа добра почва за да ја прошират и засилат уште повеќе четничката активност во Македонија. Во 1910—1911 година во Софија набрзина се формираа неколку „централни македонски комитети" што се разликуваа по методот на активноста, но имаа една иста задача. На чело на овие комитети застанаа: Александар Протугеров, Тодор Александров, Тодор Лазаров, полковник Николов, Христо Матов, Петар Дарвингов и други врховистички функционери. Испраќајќи во Македонија чети, тие ја спроведуваа политиката на бугарската влада, за да се создаде хаосна состојба во европскиот дел на Турција, која да послужи како повод за воена интервенција за „ослободување на Македонија". Врховистичките чети се служеа со провокации, индивидуален и масовен терор, со таканаречените „магарешки атентати"*70.

Во времето од 1910—1912 година особена активност покажаа врховистите под раководството на Тодор Александров. Во тоа време беа извршени следниве поважни атентати:

при станиците Аџелар (на 30.IX.1910 г.), Куманово,*71 Бојаново и Мировци (Прешевско), Зелениково (Скопско), Килиндар (Кукушко), кај жандармериската караула до Велес, на железничката линија Солун — Сер, на железничката линија Солун — Цариград (против товарниот воз — 20 ноември 1911 година) близу до Деде Агач,*72 во Радовиш и Битола, кај **Banque de Salonique**, кај Дојран на возот по линијата Солун — Цариград, на турските околиски управи во Кичево и Крушево, во градовите Кавадарци, Охрид и Прилеп, во австриската пошта и трамвајската линија во Солун, во Дојран каде што од експлозијата се убиени 13 и ранети 42 Турци и 4 Македонци. Но, најголем ефект направија атентатите во Штип (4.XII.1911) и во Кочани (1.VIII.1912).*73 На 21 ноември 1911 година во центарот на градот Штип експлодира динамитна бомба. Без оглед на минималните жртви (1 убиен и 3 ранети Турци), атентатот го распали фанатизмот на дел од турското население.

Истиот ден започна колеж и пљачкање на македонските дуќани и куќи. Билансот се сведува на 20 убиени и 262 ранети Македонци.*74 Бомбениот атентат во Кочани донесе нови и потешки истапи над македонското население. Добрев, бугарскиот конзул во Скопје, соопштуваше со шифрувана телеграма од 21 јули 1912 година до Министерството на надворешните работи на Бугарија за карактерот на убиствата, пљачкањата на дуќани и куќи и малтретирањето по извршениот атентат.*75 За европската јавност беше сосем јасно дека инспираторите и на овој атентат пак се врховистите, подготвени од Бугарија. Бугарските дипломати се обидуваат да го демантираат јавното мислење во Европа кое „официјална Бугарија не е туѓа на овие атентати."*76 Бугарската влада го искористи настанот во Кочани за да организира протестни митинзи и да го мобилизира печатот за една мошне воинствена кампања против Турција. Уште во првата половина на 1912 година започнаа шумни митинзи и протести во сите градови на Бугарија. На 29 април 1912 година на организираниот митинг во Софија говореа професорите од софискиот универзитет Иван Шишманов и Цонев. Во резолуцијата на митингот се настојуваше „бугарската влада најпосле со сите средства што ѝ ги дава бугарскиот народ да се застапи за спасување на Македонија од претходно одредената нејзина пропаст". По митингот, низ улиците на бугарската столнина потекоа возбудени толпи, викајќи: „Војна и одмазда!". Либералната партија, земајќи повод од таа демонстрација, објави во својот орган „Народни права" воинствена статија во која се препорачуваше: „Владата треба да се кутне и од напорот на тоа општествено

движење што си ја поставува најблиската цел: ослободувањето на другата половина од Бугарија која плива во крв и се обезљудува"*77. Резолуциите од митинзите одржани во Трново, Пловдив, Стара Загора, Варна и др., имаат слична содржина. Интересно е да се истакне резолуцијата од митингот во Варна. Резолуцијата беше упатена до цар Фердинанд: „Ваше Величество, ќе чекаме ли да се распадне бугарската војска во 'рѓата на бездејството, пред да ги постигнала нашите заветни народни идеали, последниот поволен момент се пропушта. Венецот на Вашата 25-годишнина ќе биде не свеченост, а највеликото од сите дела — војната. Пред Штип и Кочани секое мироључбие ќе биде запишано во историјата како најтежок грев". Оваа резолуција наиде на публицитет во сите бугарски весници. На 1 август стана вториот голем митинг под претседателството на д-р Стамболски. Резолуцијата беше широко разгласена: „Сакаме од владата на бугарското царство, — се вели во резолуцијата, — да направи сè за спасување на Македонија и Одринско од турското ропство."*78 Истиот месец (12 август) започна и конгресот на македонските емигрантски братства во Бугарија. Инспираторите и организаторите на митингот и на конгресот беа исти фактори. Немаше сомневање дека зад нив стоеше бугарската влада. Тоа се гледа и од содржината на изгласаните резолуции на митингот и на конгресот. Во еден мошне смел тон, отворено и дрско се бара Бугарија веднаш да мобилизира, да бара автономија на Македонија и, ако тоа не се оствари, да објави ослободителна војна.*79 Општественото мнение се вознемируваше, се разгоруваше национал-шовинизмот до крајни граници, давајќи му полн замав. Македонија се постави во центарот на вниманието. Пропагандата во сите свои разновидности и нијанси трубеше дека во Македонија се спроведува систематски истребителна политика од страна на младотурскиот режим. Слични манифестации станувaa и во главните градови на Грција и Србија. И таму се подготвуваше психолошки народот за претстојната војна против Турција. Пак во месец август, во Атина, на плоштадот пред урнатините на Јупитеровиот храм, се одржа „сенароден митинг", свикан од македонските и епирските корпорации, за да се протестира против неподносливиот турски режим. Професорот Сотириадис и претседателот на синдикатите Деллиос говореа за „турските зулуми". Резолуцијата од митингот беше насочена против „злосторствата на разбојниците и отсуството на сигурност" и против „неприлагањето на ветените од турската влада реформи"*80.

Нередите во Турција беа постојан предмет за агитации преку весниците и другите средства за пропагирање сред народните маси во Бугарија, Грција, Србија и Црна Гора. Воените и административни мерки против четите, бунтовите на гарнизоните во Битола и Одрин, востаничкото движење на Албанците, паѓањето на младотурскиот кабинет, завладувањето од Албанците на Ипекскиот, Призренскиот и Приштинскиот санџак, навлегувањето во Скопје на Албанците, настаните во Кочани, — сето ова наоѓаше силен одек во Софија, Атина, Белград и Цетиње и се употребуваше како беспорен аргумент за потреба од заедничка акција против општата опасност за сигурноста, интересите и животот на нивните „еднокрвни" браќа во Турција. „Можеа ли балканските држави да останат рамнодушни спрема судбината на своите сонародници?" — праша Гешов и дополнува: „Кон таа грижа во Атина и Белград се приклучуваше и стравот од албанските претензии за грчки и српски земји..."*81 Печатните органи на сите буржоаски партии, од најлибералните до отворено реакционерните во Бугарија, Србија и Грција, секоја од своите позиции, систематски треба за пресметнување со Турците, го поставуваа во разни форми прашањето за Македонија. Во овој завојувачки концерт особено силно се слушаше максималистичкиот глас на големобугарскиот шовинизам. Весниците на русофилите, на соглашенофилите*82 и на германофилите*83 упорно бараа да се реши прашањето за присоединување на Македонија кон Бугарија, цела и неделива, со таа само разлика што првите беа за сојузничка војна, а вторите за војна без сојуз со Србија и Грција.

Воената психоза ги зафати и широките социјалисти. „Турција е навистина во една стеснета, беспомошна положба", пишуваше органот на широките социјалисти в. „Народ". „Една добро организирана сила, што има со неа таква долга и отворена граница, каква што ја имаме ние, има најмногу шанси денес да спечали нешто за себе и за населението во неа, одошто кога и да било другпат.*84 Во бр.234 на 29 август „Народ" громко изјавуваше: „Должноста на Бугарија денес е да дејствува за реализирањето автономија на Македонија (како етапа за присоединување кон Бугарија — н.б.). Нека заинтересираните за слобода на народите го дадат овој поттик, зашто сега е моментот кога се даваат, земаат и извојуваат слободите на поробените."*85

„Народ", во наквечерината на војната, настрвено ја лансираше вербата дека Бугарија би спечалила многу од една војна со Турција. Во колоните на германофилските весници почесто се слушаа гласови и против сојузницата на Бугарија — Србија. Така „Борба", орган на едно крило од

Народно-либералната партија, откако го манифестира по еден сосем јасен начин своето гледиште дека Македонија за Бугарија била „прашање за постоење или непостоење", ја истакнува големобугарската максима дека на Балканскиот Полуостров немало „место за толку држави, колку што се денес", дека во балканскиот простор треба да господари Бугарија, подвлекувајќи дека во политичкиот живот на балканските народи немало место за Србија.*86

Вакви повици, кои, како што ќе видиме натаму, сè почесто се слушаа и од српска и од грчка страна. Тие го изразуваа инаку прикриениот зад дипломатските фасади хегемонизмот и стварниот однос спрема прашањето кому припаѓа оваа земја што се вика Македонија. Експонентот за ориентација на Бугарија кон Германија и Австро-Унгарија, стамболовистичката Народно-леберална партија, предлагаше други мерки спрема Турција, т.е. владата треба да заговори „со јазикот што Турците навикнале да го разбираат", или со други зборови да ѝ објават војна.*87 Германофилските партии, водејќи остра агитација за војна против Турција, за да ги оствари Бугарија „националните идеали", истовремено ги поткопуваа основите на Балканскиот сојуз. Либералната партија на д-р Радославов преку својот весник сугерираше самостојна политика, а не спогодување со другите балкански држави во борбата против Турција. Таа предлагаше сојуз со Германија или Австрија, а не со Русија и Соглашението, за остварување на националните идеали.*88 И во органот на земјоделската партија (во која постоеше раздвојување — едни беа за војна, а други, како Стамболиски, за изнаоѓање на други средства за подобрување положбата на словенското население во вилаетите) „Земјоделско знаме" се слушаа воинствени повици.

Отворената кампања на буржоаскиот печат за војна со Турција, шумно спроведуваните публични манифестации, организирањето и испраќањето на чети во Македонија, наиде на реагирање во турскиот печат. Весникот „Танин", од 20 јануари 1912 година заплашуваше дека „Турција ќе најде случај да ги скрши оние прсти што би се обиделе да се мешаат во внатрешните работи" на Турција.*89

Дипломатските агенти на балканските држави активно ја следеа положбата во Турција. Нивните доверливи извештаи се стремат да ја покажат внатрешната дезорганизација и воена неспособност на Турција. Во извештајот на српскиот генерален конзул во Солун до министерот на надворешните работи Јован М. Јовановиќ се истакнуваше мнението дека Турција „не е способна

за војна ни со една од државите, а камо ли со сојузот што би се создал меѓу нив". Се констатира дека меѓу турското офицерство немало движење за некаква војна, не можело да се забележи притисок од страна на офицерите врз владата во полза на некаков напад на Бугарија и Грција. Поради многубројните судири во војската и меѓу офицерите, турската влада не била во состојба сериозно да мисли за војна со соседните држави. Дури и офицерските кругови при таа положба повеќе сметале на помошта од Европа, за да се избегне судирот меѓу Турција и балканските држави. Се приведуваше како значајна во тој поглед една статија на турскиот полуофицијален весник „Сабах", во која меѓу другото се предлага да се направи сè за да може населението во Македонија да се задоволи, па во случај Бугарија да бара изговор за мир, „сама Европа да се увери дека Бугарија предизвикува". Извештајот дава ваков заклучок: „Уште минатата година турските весници донесоа дека во Румелија сеуште се собрани осумдесет до сто илјади војници, но при условите на настаните во Албанија се утврдува дека Турција по многубројните и со тешки маки изведени мобилизации од сите краеви не може да го прибере ни половината од овој број, Фактот дека редифите секаде се бунтуваат, дека азијатските војски не ќе одат за ништо во Европа, дека во Косовскиот вилает не можат да ги дигнат редифите против Црна Гора, доволно говори токму за воената слабост на Турција.*90 Истиот конзул од 31 август 1912 година го информираше претседателот на Министерскиот совет за воената подготовка на Бугарија на турско-бугарската граница — натрупувањето на различен воен материјал, специјално носењето на многу динамит и бомби. Бугарите подготвувале напад на Кратово и за таа цел биле испратени чети што биле насекаде по границата. Се собирале вооружени селани по пограничните места.*91 Ваквите сведенија не беа лишени од вистина. Впрочем, воените автори во своите опсежни книги за балканските војни набројуваат многу повеќе фактори од тој карактер. Се чекал само погодниот момент за да навлезат едновремено готовите вооружени формации на сојузниците во европскиот простор на Турската Империја.

Психолошката подготовка што ја вршеше буржоазијата преку своите политички партии во Бугарија, Србија и Грција преку печатот, собранијата, митинзите и други форми на влијание, создаваше среде интелигенцијата, а и среде голем дел од народот, не само расположение, но и извесен ентузијазам за војна со Турција која во свеста на балканските народи беше синоним на мракобесие и тиранија. Во денот на мобилизацијата скоро сите партиски лидери на буржоазијата

ја дадоа својата безрезервна поддршка на владата. Мобилизацијата на четирите сојузни држави стана на 17 септември, ден по објавувањето на мобилизацијата во Турција. Сите политички партии во Бугарија и Србија, со исклучок на ССДП и БСДРП, ја пречекаа мобилизацијата со одобрителни декларации и ја искажаа поддршката на своите влади. Водачите на опозиционите партии, по мобилизацијата, од парламентарните трибини ја демонстрираа својата солидарност со политиката на владата. Народните пратеници од буржоаските партии се натпреваруваа која од нив да даде поуверлива и посвечена изјава во прилог на војната. Во месец јуни Народната скупштина вотира вонреден воен кредит во износ од 21.000.000 динари. Претседателот на владата М. Миловановиќ го завршува својот голем говор во Скупштината по гласање на кредитот со паролата: „Или српскиот народ ќе се обедини, или целиот Балкан ќе претставува само едно големо гробиште!". Од името на демократската партија, А. Малинов, во својот говор во Народното собрание изјави дека го напушта знамето на опозицијата и застанува под знамето на владата, сè додека таа и бугарскиот народ не ги постигнат своите цели. „Соглашението на балканските држави нè радува многу... јас го поздравувам овој голем историски настан."*92 Во истата смисла говореа: Генадиев — шеф на стамболовистите, д-р В. Радославов — шеф на либералната партија, Д. Танчев — шеф на младо-либералите, Д. Т. Страшимиров — од Земјоделскиот сојуз. Овде во зградата на Народното собрание беа искажани најдобри мисли и чувства за Балканскиот сојуз и за неговата голема историска улога. Но сето тоа подоцна беше заборавено и на згорнината се појавија изблиците на нетрпеливост, омраза и сосем грубо соперништво меѓу сојузниците, што најде особено драматичен израз во колоните на буржоаскиот партиски печат.

Неколку дена по сојузничката мобилизација, на 21 и 22 септември, интензивно се водеа преговори меѓу Софија, Белград и Атина за формулирање на заедничката нота што сојузниците требаше да ја испратат на Турција, како и решавањето на сите прашања околу претстојната заедничка воена акција против Турција. Најпосле сите се сложија со дефинитивниот текст на нотата што беше предадена на 5 октомври 1912 година.*93

Вака започна војната на сојузните балкански држави со Турција. Познати се првите воени успеси на српската војска кај Куманово, Скопје, Прилеп и Битола. За кратко време турската војска беше исталкана од Македонија. Бугарската војска на тракискиот боен театар исто така ѝ нанесе убиствен удар на противниковата сила.

Карактеристично е дека уште со постигањето на првите плодови од победата меѓу сојузниците започна, отпрвин подмолно, а во текот на воените операции и отворено, манифестирање на претензиите на секоја од сојузничките држави за свое право над Македонија. Во тој однос печатот играше многу ефикасна улога, распалувајќи ги овие претензии во најширок дијапазон. Интересно е да се проследи макар и бегло што пишуваше печатот во Бугарија и Србија во првата фаза на војната со Турција. Весникот на широките социјалисти „Народ" печати статија под наслов „Кому останува Македонија", во која се поставуваше прашањето за завладување на Македонија.*94 Шовинистичката теза за правото над Македонија, што ја изразуваше органот на широките социјалисти во Бугарија, беше критикувана и напаѓана од ССДП. „На тоа прашање, пишува органот на ССДП „Радничке новине", во уводникот „Кому ќе припадне Македонија", одговараат српските и бугарските националисти и шовинисти: едни бараат таа да припадне на Србија, други — на Бугарија. И едните и другите при тоа се раководат не со обзир за доброто на народот во Македонија, туку за себичните интереси на експлоататорската буржоазија и капиталистичката интелигенција. Меѓутоа, „ние социјал-демократите мораме да се буниме против поставувањето на такво прашање, да се буниме по две причини. Прво, ние сме противници да се одредува судбината на народот со завојување или со подло дипломатско делење. Народите треба неограничено сами да решаваат за својата судбина. Второ, подигнатото прашање за тоа кому ќе припадне Македонија само уште повеќе го разгорува шовинистичкиот бес и оди во поткрепа на завојувањето на балканските народи.*95 Весникот **„Българинъ"** што излегуваше во Солун се појави со уводникот „Нашето гледиште по балканското прашање", во бр. 3, од 9 ноември 1912 година. Авторот на статијата се обидува од позицијата на бугарската концепција за решавањето на балканскиот проблем, т.е. „областите на европска Турција, ослободени од сојузничките војски, да бидат присоединети кон Бугарија, Србија, Грција и Црна Гора, при строго раководење на владите од националниот и географскиот принцип", што значи на Бугарија да ѝ припадне Македонија, како бугарска земја. „За нас Бугарите тоа прашање е одамна решено. Населението во Македонија во својот поголем дел е бугарско", се тврди во уводникот. А весникот „Беломорец" бара: Целокупна Македонија во одредените од Бугарите граници да биде исцело обеди нета со бугарското царство.*96 Лесните победи над турската војска ги распали апетитите на бугарската буржоазија до крајни граници. Дури познатиот пријател и застапник на

територијалните барања на Бугарија, чешкиот историчар Константин Иричек, во едно писмо до Д. Штерев од 2 (15) март 1913 година, пожелуваше „за Бугарија Сан-Стефанските граници и нешто повеќе од нив"*97.

Македонија беше и во центарот на вниманието на српскиот печат: Весниците „Балкан", „Борба", „Браник", „Вардар", „Вечерње Новости", „Весник", „Застава", „Мали Журнал", „Народ", „Пиемонд", „Правда", „Србобран", „Трговински Гласник" и др. го поставуваа кој повоздржано, кој сосем отворено и со силно изразен акцент на агресивност, прашањето за правото над Македонија, бранејќи ги во таа смисла српските интереси и оспорувајќи ги стремежите на Бугарија. „Вечерње Новости", откако се обидуваше да ја истакне големата улога на српската војска, без која ни Бугарија, ни Црна Гора, ни Грција не можеле да имаат „потполн успех", заклучуваше дека „српската војска сјајно ја решила својата задача, затоа праведно е Стара Србија и Македонија да ѝ припаднат нејзе" (на Србија — н.б.).*98 Во почетокот на 1913 година во „Балкан" се појави уводната статија на П. Кара Радовановиќ **„Нећемо компензација, нећемо коридоре"**, во која остро се реагира на становиштето што се провлекува во пишувањата на бугарските весници оти Србија треба да се задоволи со излезот на Јадранското Море, а на Бугарија да ѝ останат Крива Паланка, Кочани, Кратово, Прилеп, Битола и Охрид. Авторот на статијата го поставуваше како услов Србија и понатаму да остане „искрен и решителен сојузник", Бугарија да не помислува на териториите западно од Струма. „Нека нашата сојузница Бугарија не бара и нека не очекува од официјална Србија таа таму да изврши кавалерство и да ѝ отстапи на Бугарија српски земји, што српската војска со својата света крв ги ослободи" — пишува Радовановиќ.*99 „Пиемонд", органот на „Црна Рука", во уводна статија ги разгледуваше условите за дефинитивниот успех во војната и предлагаше седум принципи за поделба на Македонија меѓу Србија и Бугарија: принципот на компензацијата, националниот и историскиот принцип, економскиот интерес, стратегијата, политичкиот интерес, моралниот принцип, принципот на правото на посилниот. „Србија, освоителка на Битолскиот вилает, има да ја истакне за девиз онаа Мак-Миланова изрека: **„J'y suie et j'y reste."***100 Со ликвидирањето на Турција како воен противник, сè подрастични се случаите на заемни напади преку печатот меѓу Бугарија и Србија. „Балкан", откако ја критикува изјавата на бугарскиот министер д-р Данев дека Србија треба да ги

исполни клаузулите во договорот за поделба на Македонија, ја предупредува српската влада: „Но, уште сега можеме да кажеме дека ние не му пожелуваме дури на својот непријател она што може да ја снајде нашата влада ако ги заборави нашите жртви и Велес, Прилеп, Битола и Охрид ги предаде на Бугарија"*101. И „Балкан", и „Трговински гласник" коментираа околу идната гранична линија што требало да минува покрај Ќустендил, Џумаја, Струмица, Дојран до Солун, како етничка граница меѓу Србија и Бугарија, што ќе бидела основа за создавање „две големи и силни балкански држави — Србија и Бугарија.*102 Пак во уводник на „Балкан", Радовановиќ, земајќи повод од територијалните претензии на Бугарија, изнесени и поткрепени со картата на идна Бугарија, во книгата на Вагнер под наслов „Со победоносните Бугари" (издадена на неколку јазици), во која се опфатени, покрај Стара Србија и Македонија, „целиот Пиротски округ со знатни делови од Тимочкиот до Тимок, целиот Нишки и Врањски окрузи со поголем дел од Топличкиот округ", ја одредуваше Србија како главен фактор на словенскиот југ.*103 Колку Бугарија била поголема и силна, толку ќе бидело поможно и силно влијанието на Австрија на Балканот, и поради тоа во весникот се правеше директен заклучок дека „дружбата со Бугарите натаму е невозможна"*104. Изјавата на Данев за бугарската припадност на македонските градови послужи како повод да се чуе и воинствениот глас на четничките војводи. „Пиемонд" го публикува писмото на војводата Вук,*105 испратено од Велес до редакторот на весникот. Интересни се заклучните редови на ова писмо: „Со тоа нека не се обидува српската влада да ни нареди да ги оставиме овие краеви, зашто не само што нема да ја послушаме, но ќе ја казниме за предавство. А ако Бугарите мислат да нè истераат одовде, нека се обидат!".*106 Србија била принудена „будно да стражари до Бугарите, да не би со ненадеен напад тие да отидат во места што не им припаѓаат, а кои ги бараат за себе"*107.

Во весниците се слушаа веќе злокобните гласови за меѓусебно пресметнување — војната. Уводникот на „Балкан", од 22.IV.1913 г., бр.110, предлагаше во одбрана на српските интереси во окупираните од нив места во Македонија, што се оспоруваат од бугарска страна, да си ги премерат силите на бојното поле. Предлагаше да се расформира „ваков сојуз што е само во интерес на Сан-Стефанска Бугарија"*108. Карактеристично е соопштението на „Правда" од 30.V.1913 година за готовноста на српската војска да го разреши конфликтот со Бугарите. Се искажуваше увереност дека Бугарите ќе бидат победени како што ги победиле и Турците.

Бугарските барања предизвикуваа нервно реагирање во колоните на српскиот буржоаски печат. Со знатна доза на револт се одбиваа настојувањата од бугарска страна Србија официјално да признае дека Шукри-паша е заробен од бугарските војски, да се откаже од поделувањето на воениот плен, да се сложи со отворањето и поддржувањето на бугарски училишта „во српските територии на Македонија". Ваквите настојувања весникот ги оквалификуваше како „прекумерна дрзост"*109 . На бугарскиот максималистички национализам „Балкан" го спротивставуваше не помалку дрскиот српски национализам, сликовито изразен во следнава реченица: „Оној што би предложил на Бугарите да се даде нешто од завладеаното, прво би требало да си го напише тестаментот."*110 „Правда" исто така ги одбиваше барањата на бугарските политички фактори за самостојна бугарска егзархија во Скопје и бугарски училишта. Весникот бараше логика и, воздржувајќи се од афектација, пишуваше со јазикот на окупаторот што веќе го совладал воениот плен: „Но местата што ќе бидат наши и утре ќе станат составен дел од нашата држава, има да бидат српски места и во нив ќе се воведе режим на нашата државна управа... А и во нашата државна политика доаѓа прашањето за нашата национална црква и нашите школи како најважно."*111

Всушност весниците му даваа гласност на сѐ она што се вршеше зад кулисите на дипломатијата, ја одразуваа атмосферата во која се одвиваа односите меѓу сојузниците. Стожерот на овие односи беше спорот за Македонија. Во своите стремежи за поделување на турското наследство во Европа, буржоаските влади на балканските држави ја кројат судбината на Македонија, потиснувајќи го гласот на македонскиот народ за национална слобода, за која тој жилаво се бореше ред години пред, по време на Илинденското востание и по него. Балканската буржоазија ги коваше своите завојувачки планови со потполната негација на постоењето на Македонците како посебен народ во балканскиот југ.

## 45

## СПОР МЕЃУ СОЈУЗНИЦИТЕ ЗА ПОДЕЛБА НА

# МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА ВОЈНАТА ПРОТИВ ТУРЦИЈА

Спорот за поделба на територијата, добиена од поразената на Балканското боиште Турција, претставува битен елемент во заемните односи на сојузниците и во дипломатската интервенција на Големите сили, особено на Австро-Унгарија и Русија.

Познато е дека меѓу Грција и Бугарија не беше постигната спогодба за територијално разграничување. Во тој однос бугарскиот министер-претседател Гешов систематски ги одбиваше обидите и настојувањата на Коромилас да се постигне спогодба со Бугарија за идните граници. Во почетокот и во текот на војната против Турција, грчкиот проект за решавање на ова прашање често беше поставуван на вниманието на бугарските дипломатски претставници во Атина. Грција ги бараше: Битола со целата Пелагониска Рамнина, Солун, Серез, Драма до Кавала,*1 сметајќи ја реката Места за граница меѓу Бугарија и Грција. Според грчкиот проект, таа граница требаше да минува западно од Кавала по планината Боздаг, Беласица, Демир Калија, ќе минуваше преку Крушово за да стигне до Охридско Езеро и лотоа јужно од Албанија до излезите на Јадранско Море под Валона.*2 За реализирање на своите барања, Грција го бараше застапништвото и помошта на Русија, Сазонов ѝ обрнуваше внимание на бугарската влада за жалбата што ја има Русија да се сврши по можност поскоро „со тие недоразбирања, толку опасни за сите сојузници"*3. Сазонов со телеграма од 25 ноември 1912 година го известуваше рускиот пратеник во Софија за гледиштето на неговата влада, т.е. дека е крајно време да започнат преговори меѓу двете држави за разграничување.*4 Но, во спорот Грција е категорично непопустлива за Солун, а Бугарија, особено во лицето на министерот Данев, активно се залагаше овој град да се вклучи во државните граници на Бугарија. Погледите и на Србија беа отправени кон Солун.

*

*　　*

Целокупната бугарска буржоазија инсистираше Солун да ѝ припадне на Бугарија. Од многуте аргументи што се употребуваа за да се докаже правото на Бугарија на овој град со прилично шарено население (Евреи, Турци, Грци, Македонци, Власи и др.) најпопуларно и разбирливо од гледиштето на бугарските поими е следнава синтеза: „Солун е неразделен од Македонија, а Македонија ѝ припаѓа на Бугарија, бидејќи оваа област е населена со Бугари. Еве зошто и Солун, припаѓајќи на Македонија, треба да биде бугарски."*5 Просто и Јасно.

Но во конкретната положба создадена од војната, меѓу бугарските буржоаски партии се издиференцираа две спротивни сфаќања. Според едното, Солун по секоја цена треба да се вклучи во границите на Бугарија. Второто, земајќи ги предвид реалните можности и водејќи сметка за соодносот на силите на Балканот и за интересите на големите империјалистички држави, ја признаваше неможноста Солун да ѝ припадне на Бугарија и за да се избегнат извесни компликации меѓу сојузниците, се бараше компензација за загубата на овој град со присвојувањето на други градови и области во Македонија. Изразити претставници на правото гледиште беа министрите Данев, Д. Христов и Д. Ризов, додека второто го застапуваше Иван Евстатиев Гешов и неговите сомисленици Т. Тодоров и А. Тошев» Есента 1912 година, кога сојузничките војски ги започнаа воените операции против Турција, уводникот на в. „Беломорец" што излегуваше во Солун на бугарски јазик и ги застапуваше бугарските интереси во Македонија (инаку се уредуваше од луѓе со демократски сфаќања, блиски до луѓето на Сандански), се обидуваше да ги приближи двете спротивни концепции. Имајќи го предвид значењето на Солун за стопанскиот просперитет на Македонија и Балканот, весникот доаѓа до заклучок дека положбата на Солун би се решила со еден царински сојуз или Балканска конференција. Тоа прогресивно за тогаш, па и не само за тогаш, сфаќање натаму во статијата е замаглено и во краен резултат, е ставено на линијата на бугарскиот национализам. Уводникот заклучува дека не може да се дозволи Бугарите да се согласат да го дадат Солун, „вратата на Македонија, срцето на нејзиниот економски живот. Уште повеќе тоа се јавува малку веројатно, зашто Солун не е грчки, а пред сè еврејски град, а интересите на еврејското население совпаѓа со тие на Бугарите."*6 Додека „Беломорец" вака конфузно го поставуваше правото на Бугарија над Солун, министерот Данев ја ориентира сета своја дипломатска активност за уредувањето на спорните прашања меѓу Бугарија

и Грција кон прашањето за Солун. Опирајќи се на Австро-Унгарија која ги уверуваше бугарските државници дека ќе го подржува нивното барање, Данев ги одбиваше настојувањата на Грците за Солун, Битола, Прилеп, Серез и Кавала. Тој дозволуваше на Грците да им се даде само оној дел од Јужна Македонија што го вклучува Костур и се простира до Лерин. Во случај бугарските војски да не успеат први да го заземат Солун, Данев сметаше да се окупира целиот Халкидички Полуостров, што подоцна можел да се отстапи на Грција во замена на „родниот град на Св.Кирил и Методи"*7. Но, напорите на бугарските војски да влезат први во Солун не ја постигнаа целта. „Не можевме да го земеме, зашто Грците се покажаа помногубројни и посилни" — признава Гешов.*8 Данев не се помируваше. Тој намераваше во случај Грците да не го отстапат Солун, Бугарија да го земе со сила. Тој ја сметаше за пребрзана и штетна за интересите на Бугарија изјавата на М. Маџаров во Лондон за интернационализацијата на Солун. По повод преговорите што се водеа меѓу Бугарија и Грција за поделбата на Македонија, Данев му соопштуваше на Гешова за грчките предлози кои како услов за започнување на преговори за мир поставиле Солун да им се даде на нив. „Чекам само да се потпише примирјето, за да му ја изјавам отворено (на грчкиот министер Панас — н.б.) дека без Солун за Бугарија спогодба не е возможна" — пишува Данев.*9 Во месец ноември 1912 година Данев ги посети Виена и Берлин. Во Берлин наиде на поткрепа и согласност Солун и островот Тасос да ѝ се дадат на Бугарија.*10 Сходно со формулата „Македонија е бугарска", германските дипломати го подржаа бугарскиот став: „Бугарија го сака Солун, зашто е пристаниште на Македонија."*11 Гешов и Андреј Тошев понекогаш беа принудени да го советуваат својот колега Данев за повеќе чувство на умереност. „Но, тој беше непоколеблив, — пишува А. Тошев, — во своето мнение да не отстапиме ни за влакно никому ништо... и Солун ќе бидел наш, и Воденската, и Леринската, и Костурската каза немало да бидат грчки, како и Србија требало безусловно да го исполни договорот."*12 Данев активно се заложуваше и во Русија за добивањето на Солун. Како што тој ги изложува разговорите што ги имал во Петроград со Сазонов, рускиот император Николај II, великата кнегиња Марија Павлова и други, во својата телеграма Гешов, од 16 мај, го бранел доста наметливо и дрско своето барање Солун да ѝ се отстапи на Бугарија. На Сазонов му изјавил: „Солун треба да биде наш по волјата на повеќето големи држави, по волјата на населението во

Солун, по волјата на бугарскиот народ, кој е решен да отиде до крај за да ја брани својата оправдана кауза". Дури да се спротивставеле заеднички Грци и Срби, Бугарија пак ќе го земела Солун. Но, во одговор на овие барања, Данев во Петроград добил само здржани уверувања дека ќе ѝ се помогне на Бугарија по други прашања, но не и за Солун.*13 Данев го обвинуваше министер-претседателот Гешов за мекушавост и не ја криеше својата желба да биде на негово место. На 22 мај Данев му телеграфира од Виена, каде што водеше преговори околу спорот со сојузниците, дека по прашањето на Солун, Русите биле против Бугарија, По прашањето за арбитражното решавање на спорот со Грција, тој се сложувал при услов Русија претходно да го гарантира Солун за Бугарија. Солун ѝ бил неопходен на Бугарија. И тоа била мислата на цела Бугарија.*14 Гледиштето на Данев за Солун беше поддржано од многумина истакнати политичари, општественици, економисти и професори во Бугарија. Тоа беше едно силно движење кое се наметнуваше и на Гешова, и на другите министри што ја согледуваа залудноста на барањата Солун да се вклучи во границите на Бугарија. Во Народното собрание поголем број партиски лидери се искажуваа со патетичен акцент за освојување на Солун Д-р Никола Генадиев, земајќи став по прашањето за Македонија, меѓу другото рече: „Но, за Македонија ние и без тоа ќе правиме големи жртви. Таа треба да остане ако не цела, тоа барем скоро цела присоединета кон бугарското царство, што ќе одговара на жртвите на бугарскиот народ и на желбите и идеалите што нè воодушевувале од моментот кога сме биле деца, па и до ден денешен кога тргнавме да се бориме за овој идеал. Само по тој начин разграничени и определени границите на бугарското царство можат да ни дадат полно задоволување и да го зацврстат мирот, слогата, пријателството и сојузот меѓу балканските држави, а тоа пријателство не може никогаш да постои додека Солун не биде во бугарски раце"*15.

Гешов ја спротивставуваше на овие екстремни настојувања поголемата полза за Бугарија ако се откажат од Солун. Тој му даваше инструкции на Тодоров во Петроград да не ги „жртвува македонските кази за еден Солун."*16 Андреја Тошев сметаше за разумно да им се отстапи Солун на Грците, но при услов во замена атинската влада да се откаже од секакви претензии над Костурско, Леринско и др.*17 Гешов сметаше на арбитражот од рускиот цар и се надеваше во замена на Солун Бугарија да ги добие Кавала, Драма, Серез, Дојран, Кукуш, Лерин, Воден и

Костур. Освен тоа тој сметаше дека политиката на владата треба да биде насочена кон создавање на голема Сан-Стефанска Бугарија не со отстапувања на Романија области од Добруџа со 300.000 жители а со отстапување на градот Солун на Грција.*18 Во Министерскиот совет преовладуваше мислењето дека Солун треба да биде бугарски. Тоа мислење всушност ја одредуваше политиката на бугарската влада. „Јас се убедив, пишува Некљудов во својата телеграма од 19 ноември 1912 година, дека Бугарите не сакаат ни да чујат за отстапување на Солун на Грците.*19 Сомисленикот на Данев по прашањето за Солун, Д. Христов, предлагаше спорот со Грција да се реши „чисто и просто со осамнување еден ден на нашите војски во Солун и изгонување на Грците оттаму и од заземените кази со бугарско население"*20. Сите бугарски генерали, со исклучок на генерал Фичев, беа на истото мнение. Гешов открива еден интересен детал во врска со тоа: „Во министерскиот совет се рече дека, пред да се решиме прашањето за Солун да отиде на арбитража, да ги прашаме нашите генерали можеме ли да ги совладаме и Србите и Грците, и ако можеме — нема потреба од арбитража. Генералите рекоа дека можеме да ги совладаме."*21 Оваа завојувачка политика подоцна познатиот македонски револуционер Димо Хаџи Димов ја беше окарактеризирал како движење на национализмот за создавање на бугарската империја на Балканот.*22

Грчката влада безрезервно се залагаше за приклучувањето на Солун кон Грција. Додека меѓу раководните кругови и личности во Бугарија постоеше разногласност по прашањето за Солун, во Грција сите партиски групи го поддржуваа ставот на грчката влада. И од грчка страна како услов за поддржување на мирот се поставуваше притежавање на Солун и решавање на сите проблеми по поделбата на Македонија.*23 Таа го сакаше Солун за себе и не се сложуваше со предлогот на Пашиќ за кондоминиум на овој град. Во преговорите со Србија, Грција се сложуваше со една општа граница меѓу двете земји, но северно од Солун. Во еден свој разговор Венизелос ја искажал пред Некљудов мислата дека Грците поскоро би се согласиле да ги отстапат на Бугарите Кавала, Драма, Серез, Кукуш и Битола, но не можеле да се откажат од Солун, Калкидон, (со исклучок на Атон), Ениџе-Вардар, Костур, Воден и Флорина.*24 Од грчка страна се изјавуваше: „Со Тракија (Грција ѝ го признаваше на Бугарија правото над Тракија — н.б.) Бугарија станува многу силна и, природно, ние треба да зачуваме извесна рамнотежа."*25 По паѓањето на Јанина

под ударот на грчките војски, политичките раководители на Грција изјавуваа дека „Грција ќе ѝ ги наложи на Бугарија своите барања не само за Солун, но и многу понатаму".*26 При посетата во Софија, Венизелос рекол дека Солун ќе го отстапат само во резултат на една неуспешна војна. Според едно писмо испратено од Лондон до Баучер, Грците за гранична линија ги предлагале езерата по базата на Халкидика и доволно назад од Солун, за да не може градот да се наоѓа под ударот на бугарските топови. Тие се плашеле дека, ако не ѝ помогнат на Србија против Бугарија, Фердинанд ќе ја земел од Србите најнапред Битола и тогаш ќе се биел и со Грците за Солун и ако имало битка, тие биле наклонети да ја имаат Србија за сојузник против Бугарија.*27 Вниманието и интересот на српската држава кон Солун се изостри со создавањето на самостојна Албанија, а со тоа и со затворање вратите кон Јадран. Под притисокот на Австро-Унгарија, Србија бараше излез на бреговите на Егејско Море или на Солунското пристаниште. Без оглед на некои егзалтации во средината на националистичките буржоаски партии, доминантен став, официјално изразуван и спроведуван, е: создавањето од Солун на слободен град. Вакво е гледиштето на Миловановиќ*28 и на самиот Пашиќ спрема Солун, но ако тој град остане за Бугарија, Пашиќ сметаше за справедливо Србија да добие нешто повеќе од она што е одредено за српско-бугарскиот договор.*28а Во преговорите за заедничка граница меѓу Србија и Грција Пашиќ му предлагаше на Венизелоса кондоминиум на Солун. Но, Грција го сакаше Солун и не дозволуваше никаков кондоминиум. Таа предлагаше општа граница во Албанија.*29 Од гледна точка на стопанските интереси на Србија, секретарот на Министерството на стопанството на Србија д-р М.А. Тодоровиќ во 1913 година ја издаде книгата: „Солун и балканското питање" Тодоровиќ приведувајќи исцрпни статистички податоци, собрани од австро-унгарски и германски конзули во Солун за 1910 година за вносна и износна трговија преку Солунското пристаниште, специјално се осврнува на транзитната трговија на Србија преку Солунското пристаниште што ја дава вкупната цифра 28.952.300 динари. Врз основа на статистичките податоци што ги изнесува, Тодоровиќ прави заклучок дека Србија се служела најмногу со Солунското пристаниште, — ни Бугарија, ни Грција не се служеле никогаш со Солунското пристаниште за свој внос и износ. За оваа нееднаква употреба на Солунското пристаниште авторот дава вакви објасненија: „Србија нема свое пристаниште и, спрема географската положба, а со оглед на денешниот развиток на

сообраќајните установи, Солунското пристаниште ѝ е најблиско и со тоа еден голем дел од нејзината надворешна трговија е упатена на Солун. Бугарија и Грција пак имаат свои пристаништа (Варна, Бургас, Волос, Пиреја, итн.) што им се поблизу одошто Солун, и со тоа нивната надворешна трговија не се служи со Солунското пристаниште, но повеќе со овие домашни пристаништа. Заклучокот на авторот се сведува на следново: Србија е единствената од трите балкански сојузници што нема свое пристаниште и поради тоа има најголема потреба и право да го добие тоа пристаниште.*29а Но, сепак, од трите можности за решавање на прашањето кому да припадне Солун, — да биде бугарски, српски, грчки или заеднички — кондоминиум, авторот смета дека најприемливо е последното решение, т.е. Солун да биде во кондоминиум на сите три сојузни држави.*30 Но, оваа рецепта за решавање на прашањето за Солун и неговото пристаниште со заедничкото владение — од Грција, Србија, и Бугарија, како што се гледа од излагањето на самите факти, наидуваше на решително одбивање од владејачките кругови на Грција и Бугарија (иако во Бугарија идејата за кондоминиум имаше приврзаници во средината на либералната буржоазија). Политичката атмосфера во тоа време, наситена со хегемонистички страсти, не дозволуваше друго решение, освен вклучувањето на Солун во рамките на една од сојузните држави, нешто кое подоцна и стана.

*

*      *

Како оправдателен аргумент во поткрепа на своите барања за повеќе територии на Македонија бугарската влада го употребуваше бројот на војските и жртвите дадени во војната против Турција — „сè треба да биде сразмерно"*31. Во инструкциите, упатени од Гешова до бугарскиот дипломатски претставник во Атина Хаџи Мишев, се истакнуваше дека „и без Крит и островите Грција ќе добие 1.900.000 души, а Бугарија само — 1.260.000. Таа возмутителна несразмерност е апсолутно неприфатлива".*32 Подоцна, во својата книга „Балканскиот сојуз, Спомени и документи", 1915 година стр.46 Гешов го поткрепува принципот на сразмерноста и со тоа што Бугарија учествувала во војната против Турција со една армија од 560.000 души, додека

Грција — само 215.000. „А нашите жртви, пишува Гешов, три и четири пати поголеми од нивните и беше лесно да се најде, приближно, се разбира, каков дел треба да земеме ние и каков дел Грците од областите и островите населени со 3.300.000 души". Бугарија го пројавуваше своето незадоволство и по однос на грчко-српските преговори за заедничка граница меѓу Србија и Грција, што се замислуваше да биде на Демир Капија. Во тоа Бугарија наоѓаше елиминирање од грчка и српска страна на нејзните аспирации за Македонија. Меѓу сојузниците започнуваше сосем отворено груб пазарлак и надитрување кому и колку да припадне од оваа земја наречена Македонија. Брзо созреваше драматиката на еден неизбежен конфликт. Спор за граничната линија се водеше не само меѓу Бугарија и Грција,*32а но и меѓу Србија и Грција. Во извештајот на претседателот на комисијата за утврдување на спорните прашања меѓу Србија и Грција потполковникот Петар Пешиќ*33 се изнесени некои интересни детали од дискусиите меѓу грчките и српските претставници во комисијата. Додека грчките делегати предлагаат да се создаде неутрална зона каде што не смеат да стојат ни грчки ни српски војски,*34 воопшто не се сложуваат во Флорина да се установи српска власт, тврдејќи категорично дека грчките војски први влегле во Флорина. Врховната команда на српската војска со О.Бр.2638, од 7 јануари 1913 година, бара објаснение околу тврдењето дека грчки војски влегле во Флорина. Началникот на штабот на српската војска, војвода Радомир Путник, го запознава со прашањето за Флорина претседателот на Министерскиот совет Н. Пашиќ со О.Бр.2789, од 21 јануари 1913 год. Тој го уверува дека српската војска прва влегла во Лерин кој е „отстапен од грчките војски само од куртоазија". Путник го побива тврдењето дека Флорина е грчка. Смета оти „ако прашањето за Лерин се истакне како важно, брзо и тој ќе се реши во наша полза и врз основа на нашите осигурени права.*35

Освен преку директни односи по линијата на дипломатијата и контактите меѓу воените штабови, сојузниците се служеа и со методи што имаа за цел да ги заобиколат одредените обврски, засновани на договорите. Балканскиот сојуз, кој беше создаден од Русија за постигања на одредени свои цели, особено ја обеспокојуваше Австро-Унгарија и таа бараше секакви начини да се постигне распаѓањето на Балканскиот сојуз. Бугарскиот цар Фердинанд, кој, и покрај сојузот на Бугарија со Србија, остануваше верен на Хабсбуршката монархија послужи како средство за спроведување на таа намера. Стремејќи се да ја држи Србија во економска потчинетост, Австро-

Унгарија не дозволуваше српски излез на Јадранско Море преку Албанија. Фердинанд, спротивно на клаузулите на бугарско-српскиот договор и неговите анекси, одобруваше и предлагаше Албанија да влезе во сферите на австриските интереси на Балканот, со кое фактички на Србија ѝ се затвораа вратите кон морето.*36 Политичките личности во Бугарија, кои така наметливо пледираа за стриктно зачувување условите на сојузниот договор со Србија (Гешов, Данев, Ризов, Маџаров, Тошев), не ја сметаа постапката на Фердинанда за спротивна на заедничките сојузни интереси и посебно на интересите на Србија. Во тој однос денешните историчари во Бугарија ја истакнуваат сосема јасно улогата на Фердинанда.*37 Фердинанд навистина потполно успеа во својата улога. До голема степен тој придонесе за забрзување на меѓусојузничката војна. Тој беше инспиратор и го спроведуваше создавањето на хегемонистичка бугарска империја на Балканот, не запирајќи дури и пред ваква дрска идеја бугарските војски да го завладеат Цариград. Околу неговата личност се групираа пред сè национал-шовинистите, поддржниците и експонентите на австриското и германското навлегување на Балканот. Тие го застапуваа национал-шовинизмот во неговите прекумерни аспирации за завладување на туѓи земји и народи*38. „Целта е единствена — како што подоцна се покажа потполно, констатира во својот говор Стојан Костурков во Народното собрание, да се влезе во Цариград. Амбиција, неизмерна амбиција да се забие крстот во џамијата Св.Софија и некогаш да се пишува во историјата: Симеон стигна до ѕидовите на цариградските крепости, но таму му ја разбија главата цариградските Гркинки, а цар Фердинанд влезе во Цариград како победител."*39 Во тој правец наоѓаше поддршка и беше поттикнуван од Германија и Австро-Унгарија. Овде работеа и неговите дипломати и државници. „Нужно е само нашите војски да ја минат Чаталџа и ако е можно да влезат во Цариград" — пишува бугарскиот дипломатски претставник во Лондон Михаил Маџаров во својата телеграма до Гешов од декември 1912 година.*40 Самиот Гешов*41 и Данев*42 беа за окупација на Цариград. Познатиот инспиратор на војната против Турција, Димитар Ризов, исто така работеше за влегување на бугарските војски во Цариград „не само поради романтичарски подбуди, но и поради длабоки политички причини". И. А. Малинов ја покажуваше својата верба дека „рано или доцна бодрите звуци на „Шуми Марица" ќе одекнат низ Златниот Рог на убавиот Босфор, тогаш најпосле узурпаторот — полумесец на Св.Софија ќе ја наведне својата глава и ќе му го отстапи местото на чесниот и животворен крст". И кога во месец март бугарската влада се сложи со рускиот предлог

да се установи граничната линија меѓу Бугарија и Турција на Енос-Мидија, Фердинанд бил „совршено очајан и сломен"*43.

Ориентацијата на Бугарија кон австро-унгарската политика и нејзините планови на Балканот,*44 покрај другото, имаше за резултат и силниот притисок на Австро-Унгарија над Србија, за да се откаже таа од каков и да било дел албанска територија и со тоа да се оневозможи да излезе на Јадранскиот брег. При вака создадената ситуација, дипломатската активност на српската влада, пишувањето на српскиот печат и операциите на српската војска се упатија сè повеќе кон Македонија, особено кон осигурување на окупираните од неа територии. Сосем одредено и категорично се подготвуваше јавното мислење од официјалните кругови во Белград Србија да си остане таму каде што се нејзините војски — Македонија*45. Овој енергичен курс на српската влада спрема Македонија особено ги загрижуваше бугарските управници. А. Тошев со специјална телеграма му предлагаше на Гешова да испрати во Македонија пропагандисти за бугарштината. Тој наоѓаше за особено важно да им се овозможи на „истакнатите Македонци", емигранти во Бугарија, да се вратат во Македонија, за да ја парираат српската дејност.*46 Во окупираните од сојузничките војски македонски области се создаваше режим на заемно гонење. Се спречуваше работата на бугарските егзархиски училишта што се претвораа во центри на бугарската пропаганда во Македонија и се малтретираа Србите во окупираните од Бугарија краишта таму. Тоа го правеше и Грција. Освен тоа, во текот на подготовката и работата на конференцијата во Лондон за мир (отворена на 3 декември 1912 година), делегатите на сојузничките држави (Стојан Данев, Михаил Маџаров, генерал Паприков — за Бугарија; Стојан Новаковиќ, Андра Николиќ, д-р Миленко Весниќ — за Србија, и Е. Венизелос, Стефан Сколудис, Ѓорѓи Страит, генерал Дранглис — за Грција), ја ползуваа конференцијата за да ги поставуваат своите барања во врска со распределувањето на добиената од Турција територија. Србија настојуваше да ѝ се отстапат Прилеп и Битола, Бугарија — Солун. Усилбите на српските делегати беа насочени кон тоа, Бугарија да се натера за „една исправка на идната граница". Бугарија енергично одбиваше секаква промена на границите.*47 Треба од друга страна да се истакне огромната улога на печатот, диригиран од соодветните балкански влади за подготвување на општественото мнение во врска со „законските права над Македонија". Вознемирен од шовинистичката кампања на српскиот печат, но ни најмалку не сметајќи за

потребно да го обузда големобугарскиот шум на бугарскиот печат, А. Тошев на 28 декември 1912 година му пишуваше на Гешов: „Отворено започна да се говори веќе за задржување на сите градови, завладеани и окупирани од српските војски. Од ден на ден таа идеја печали терен и се вкоренува во сите општествени слоеви. За да видите какво е расположението и на божем потрезните кругови во земјата, ви го приведувам во општи црти тоа што го чув напоследак по прашањето од професор Цвијиќ. Со одвај воздржена возбуда тој ми изјави дека, ако Србија не ја добие бараната од неа граница, ќе загуби секакво трпение и ќе предизвика поскоро нова пострашна војна, одошто да отстапи доброволно по таа точка. Во земјата ќе избувнела револуција ако владата се согласела да се повлечат српските војски од заземените места. И. Пашиќ, и кралот можеле да ја платат многу скапо ваквата отстапка. Во таков случај на местото на Пашиќ ќе дојделе други енергични политичари, заедно со неколкумина воени."*48

Додека продолжуваше конференцијата во Лондон, Фердинанд, со знаењето на бугарската влада, тајно го испрати Кочо Хаџи Калчев во Цариград, за да разговара со Ќамил-паша и други државници. Тоа станувaше зад грбот на сојузниците и службените делегати за преговори за мир во Лондон и против договорот со Србија и Грција. Фердинанд правеше обид да преговара директно со Турците. Барањето на Хаџи Калчев да ѝ се отстапи Одрин на Бугарија беше одбиено од Ќамил-паша. Немаше успех ни разговорот на генерал Савов со командантот на турската армија Назим-паша и министерот на надворешните работи кој се задоволил да изјави само „дека Турција крева раце од Македонија, но за неа прашањето за Одрин и Егејските острови било прашање по кое не можело да се отстапи"*49. Во завршниот дел од телеграмата Савов до Гешов со датум од 25 декември 1912 година, се вели следново: „На мнение сум ако Турците се согласат да ни го отстапат Одрин, ние да не ги поддржуваме грчките барања во сиот нивни обем по однос на островите, особено за оние што го затвораат влезот кон Дарданелите и оние околу малоазискиот брег, зашто изгледа, Турците по таа точка нема да отстапат и дека по тоа прашање зад својот грб имаат некоја од големите сили."*50

Во резултат на притисокот што го вршеа некои од Големите сили, турскиот парламент го потврди решението на владата за склучување мир. Но, на 10 јануари 1913 година младотурската опозиција го симна од власт Ќамил-паша, а главниот командант на турската војска Назим-паша беше физички уништен. Со овој државен удар Турција го укина решението за склучување на мир.

Сојузниците: Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора поднесоа по еден мемоар до пратениците на Големите сили во Лондон за одредување на границите со Албанија. Србија бараше во нејзините граници да се вклучат: Охрид, Преспа и Прилеп. Данев во својот мемоар меѓу другото за Бугарија го бараше Дебар и заедничка граница со Албанија. Како Охрид, Прилеп и Преспа, така и Дебар по српско-бугарскиот сојузен договор не припаѓаат ни на Србија, ни на Бугарија.*51 Имајќи го предвид ставот на Фердинанда за Албанија, не е сообразно со вистината објаснението што го правеше Данев во својата телеграма до Гешова, дека во бугарскиот мемоар привидно се земал став по албанското прашање и бугарско-албанската граница од Корча до Шар-Планина.*52 Установувањето на заедничката граница со Албанија пред сѐ беше добро замислен план на Австро-Унгарија за изолација на Србија од Грција.

По прашањето за мирот со Турција, сојузниците стоеја на две спротивни гледишта. Србија, Грција и Црна Гора се заложуваа за мир во Лондон, а Бугарија — за прекинување преговорите и за обновување на воените операции.*53 Фердинанд брзаше Одрин да се освои со војна и потоа „натаму да се упатат војските кон мечтата на бугарските цареви". — Цариград.

Меѓутоа, намерата и настојувањата на Србија да ги задржи окупираните територии во Македонија предизвикуваа остар револт кај бугарските државници. Тие изјавуваа дека нема да се согласат по никаков начин „да се излезе надвор од линијата, одредена со српско-бугарскиот договор,*54 а истовремено го поставуваа при секој повод прашањето за Солун и Одрин, што не беше предвидено со договорот, истакнувајќи ја како главен аргумент државната неопходност споменатите градови да бидат вклучени во границите на Бугарија.*55

Во февруари 1913 година Венизелос водеше преговори во Софија за решавање на прашањето за заедничка граница меѓу Грција и Бугарија. Но, и овојпат пограничното прашање остана нерешено. Двете страни беа непопустливи во своите барања на македонски територии.*56

Српската влада го сондираше мнението на бугарската влада во врска со својот предлог да го задржи Јадранското крајбрежие, барајќи од бугарската влада да ѝ се притече во помош ако во случај трета сила ја нападне Србија (се алудира на Австро-Унгарија). Одговорот на Гешов се сведуваше до формулата: „Ние ќе ги исполниме сите задолженија што произлегуваат од договорот, но и тие (Србите — н.б.) од своја страна ќе ги исполнат потполно."*57 По тој повод Гешов му даваше инструкции на А. Тошева да настојува пред Пашиќа да се прекинеле

„шиканирањата" што српските органи ги создавале во окупираните од нив бугарски месности и да се обузда јазикот на нивниот печат.*58 Србија сè понастојчиво бараше ревизија на српско-бугарскиот договор т.е. да се коригира предвидената во договорот граница во полза на Србија. По тоа прашање на 9 февруари 1913 година Пашиќ поднесе преку Спалајковиќ на Гешов писмен документ, во кој српската влада го изнесуваше во четири точки своето барање. Согласно сојузниот договор и воената конвенција, Србија била задолжена да влезе во војната најмалку со 150.000 војска, а Бугарија — најмалку 200.000. На Вардарското боиште Србија требало да испрати 100.000 војници, а исто така и Бугарија во помош на Србија требало да испрати 100.000 војници на истото боиште. Всушност, во почетокот на војната Србија почнала со 300.000 војници, кон кои подоцна се присоединиле уште 50.000, додека Бугарија ги искористила скоро сите свои војски на Маричкото боиште, што не било предвидено во договорот. Лишена од бугарска помош, предвидена со договорот, Србија била принудена на Вардарското боиште да употреби двапати повеќе војска од договорната и постигнала победа над непријателот кај Куманово, Прилеп, Бакарно Гумно и Битола. Истовремено српската војска ѝ притекла на помош на бугарската војска на Маричкото боиште. По барање на бугарската влада, Србија упатила на тракискиот фронт две дивизии и опсадна артилерија — со послуга и муниција — околу 50.000 луѓе и со тоа спомогнала бугарската војска да го заземе Одрин и да ја задржи својата позиција на Чаталџа. Бугарската влада предложила да ѝ плати на Србија за оваа помош. Србија ја одбила понудата, објаснувајќи дека за кралството било навредливо на неговата војска да се гледа како на наемна, за чија услуга требало да се предлага парична оштета. Пашиќ, земајќи повод од тоа, го поставуваше воопшто прашањето за оштета на која Србија има право.*59 Поради тоа Србија имала право на поголема територија од одредената спрема договорот. Во сојузниот договор биле предвидени спорни и беспорни територии. Во беспорната српска територија спаѓале териториите западно од Шар-Планина со Шкодренскиот вилает, (шкодренски крај во Албанија) а во беспорна бугарската територија — територијата од Родопите до реката Струма на исток. Во спорната територија спаѓала Македонија. Во духот на договорот, ако беспорните територии се завладееле, тогаш тие без никаков спор ѝ останувале на Србија, односно — на Бугарија. Спрема тоа Шкодренскиот вилает, т.е. Јадранското приморје со Драч требало да ѝ остане на Србија, во случај да биде

завладеано. Меѓутоа, бидејќи српската војска го зазела Шкодренскиот вилает (Шкодренски крај во Албанија) се појавила неочекувана тешкотија на прво место за Србија, а на второ — и за Бугарија како српски сојузник. Австрија ја заплашила Србија со војна ако го задржи Шкодренскиот вилает. Спрема српско-бугарскиот договор, Бугарија била должна да ѝ притече на помош на Србија со 200.000 војници, во случај на напад од страна на Австрија. Впрочем, Србија, со неа и Бугарија, биле исправени пред војна со Австро-Унгарија, токму во минутата кога нивните војски биле против непријателските турски војски. За да се отстранело судрувањето, пријателските велики сили советувале да се остави ова прашање за решавање од посланиците во Лондон. За да го избегне конфликтот што заплашувал да го загрози успехот на војната, Србија во свој интерес, како и во интерес на Бугарија се согласила ова прашање да биде решено од амбасадорите, кои, како што било извесно, ја лишиле Србија од Шкодренскиот вилает со Јадранското приморје. Србија ја жртвувала својата беспорна територија за да се зачува себеси и Бугарија од војна што заплашувала да ги уништи нивните успеси. Било очигледно, спрема тоа, дека Србија претрпела една загуба — се откажала од завладеаната земја во свој интерес и во интерес на сојузницата Бугарија. Еве зошто таа загуба требало да се подели меѓу Србија и Бугарија, т.е. на Србија да ѝ се отстапела поголема територија во Македонија. Во текот на преговорите и склучувањето на договорот, од бугарска страна постојано се истакнувало дека Одрин и територијата источно од овој град спаѓале во сферата на Цариград и Протоците, на кои Бугарија не претендирала. Меѓутоа, во текот на војната настапил обрат во тој однос, и Одрин со територијата источно од него се нашле во сферата на бугарските претензии. Помагајќи на Бугарите да го заземат Одрин, Србите со уште поголемо право сакале зголемување на територијата во Македонија.*60

Писмото на Пашиќ предизвика збркотница сред раководните кругови на Бугарија. Возбудата стигна до таква степен на афектација, што Тодоров и Гешов, кои се сметаа за најумерени и се заложуваа поактивно за трајно српско-бугарско пријателство, сосем го променија својот речник. Тие изјавуваа дека „српското вероломство" немало слично на себеси. Ако станело нужда, сега и со Австрија било простено да се спогодат против „престапните Шумадијци". Сега со поголема упорност и ожесточеност инсистираа договорот да се исполни стриктно, со сите негови клаузули.*61 Андреј Тошев пишува дека дури и од круговите, познати со своите русофилски

чувства, се барала поддршка од Виена.*62 Фактички, меѓу Гешов и Тодоров, од една страна, и гроф Тарновски, од друга, се водеа веќе „пријателски разговори" со цел Австро-Унгарија да посредува за заклучување на мир со Турција и постигање спогодба со Романија, и по тој начин Србија да се најде во положба да ги исполни своите задолженија спрема договорот. За ваквата услуга Бугарија се обврзуваше да ѝ ја стави на располагање на Австро-Унгарија експлоатацијата на пругата Скопје — Солун и Солун — Битола, отстапувајќи ѝ една слободна зона во Солун, ако овој град ѝ остане на Бугарија. Разговорите беа последувани и утврдувани и со тајни писма, разменети меѓу Софија и Виена.*63

Бугарската влада го изготви одговорот на српскиот предлог-писмо. Во составувањето на одговорот учествуваа посланикот во Белград А. Тошев и министерот на просветата Иван Пеев Плачков. Но, врачувањето на овој предлог се одложи за подоцна. Низ самиот текст на писмото се провлекуваше како доминантна нишка познатиот став на бугарската влада: да се исполнат „свето и ненарушиво" договорите и од двете страни. Во писмото се подвлекува дека барањата на Србија биле „во јасна спротивност со одредбите на договорот и неговите прилози". Се оспорува тврдењето дека Бугарија била должна во помош на српската војска на Вардарското боиште да испрати најмалку 100.000 војници, толкувајќи го соодветниот член од воената конвенција меѓу Србија и Бугарија, што оваа помош ја предвидува во случај Турција да ја нападне Србија. Бидејќи војната била нападателна, а не одбранителна, главниот аргумент што го истакнувал Пашиќ во полза на едно зголемување на територијата, т.е. неиспраќањето од страна на Бугарија на Вардарското боиште 100.000 војници, не можело да најде потврда во договорот. Од сојузниот договор и од анексиите кон него се гледало дека никогаш и никаде на станало збор Македонија да се дели меѓу Бугарија и Србија врз основа на воените сили што ги употребувале двете сојузни земји на Вардарското боиште при една војна со Турција. (Но, истите аргументи што бугарската влада ѝ ги оспорува на српската влада беа употребувани од Бугарија, која го истакнуваше како најважен аргумент токму учеството на поголем број војска и поголем број дадени жртви за признавање правото на Бугарија над поголем дел од Македонија). Се негираше становиштето, изнесено во писмото на Пашиќ, дека за бесспорна зона се смета цела Македонија, барајќи поткрепа за тоа во толкувањето на тајниот анекс кон договорот за разграничување на

териториите меѓу Србија и Бугарија во случај на војна со Турција. За Македонија се предвидувале само две евентуалности: автономна Македонија со јасно одредени граници (Шар-Планина, Родопите, Архипелагот и Охридското Езеро), или поделување меѓу сојузниците. Ако не било можно Македонија да се оформи во автономна област, тогаш за спорна зона требало да се смета територијата меѓу Шар-Планина и линијата од врвот Голем (северно од Кривопаланечко и во југозападен правец до Охридското Езеро). Од ваквото објаснување станува очигледно дека на исток од таа линија целата македонска територија следуваше да ѝ припадне на Бугарија, бидејќи влегува во беспорната бугарска зона. Отказот на Србија од територијален излез на Јадранското Море не ѝ давало право на компензација во штета на Бугарија со отстапување на делови што ѝ припаѓале на Бугарија, сходно договорот. Србија немала право да бара какво и да било територијално зголемување надвор од границите предвидени со договорот. Врз основа на формално-правното толкување на договорот,*64 се отфрлаат како необосновани и останатите аргументи, приведени во писмото од српската влада.*65

Во светлост на овие два документа се согледуваат јасно претензиите на Србија и Бугарија спрема Македонија. Секоја од нив излегувајќи од свој интерес, се стремеше кон едно исто нешто: анектирање на што поголем дел од Македонија или на цела Македонија.*66

Бугарската влада, чиј што однос спрема Србија се влошуваше, сè повеќе го следеше со напнат интерес зближувањето меѓу Србија и Грција. Според сведенијата на воениот гувернер генерал В'лков, српските и грчките окупациони војски истапувале заеднички против бугарските окупациони војски и во врска со тоа даваше свои мненија по ваков начин: „Само со вооружени сили во овие места ќе можеме да го востановиме загубеното и да бидеме почитувани од Срби и Грци и поради тоа секое одолговлечување на сегашната положба е опасна за нашата иднина во Македонија."*67 Бугарските генерали, на чело со Савов и Ратко Димитриев, се готвеа за решителна акција, за да ги натераат „нелојалните сојузници" да ги почитуваат постоечките договори. Генерал Савов насртливо ја изнесуваше својата концепција за потребата од брзи воени операции против сојузниците. Савов предлагаше: „1) Час поскоро, и под поволни услови, да се заклучи мир со Турција, да би можеле да ја ослободиме војската од ова боиште, (Маричкото — н.б.) каде што борбата станала веќе не само беспредметна и бесцелна, но под впечатокот на она

што станува и што ќе се изврши во Македонија, е мошне опасно за нашите национални интереси; 2) да ги префрлиме војските во Македонија додека уште има време. Тоа што сега не ќе можеме да го земеме од Турците, нема да биде за нас загубено. Но, тоа што сега ќе го загубиме во Македонија, за нас ќе биде неповратно загубено... Ако не го земеме Мидија-Родосто, нема да се поткопа престолот на нашата династија. Но, ако се жртвуваат, потешките и скапи жертви што ги дадовме во таа војна, нашите највисоки животни интереси во Македонија, ќе биде..."*68 А генерал Димитриев изјавуваше дека бугарската војска е „готова за нови победи".

Замрачувањето на сојузничките односи — меѓу Бугарија и нејзините сојузници одеше едновремено со нејзиното отуѓување од Русија и постепеното навлегување во водите на Австро-Унгарија и Германија. Австро-унгарската дипломатија работеше активно за да ѝ попречи на Србија да остане на Јадранско Море и, природно, ја талкаше да бара излез на југ. И колку повеќе излезот на Србија на Јадранското Море станувашe неможен, толку повеќе се засилуваше нејзиното барање за проширување во Македонија, а од тоа пукаа обрачите на сојузот. Рушење на сојузот беше и цел на Австро-Унгарија и Германија. Бугарија требаше да ја замени Турција во нејзината улога на мост за австриските и германските навлегувања на Исток.*69 Австро-Унгарија му сугерираше на Фердинанд дека дунавската монархија сака да создаде голема Бугарија. И Австрија успеваше во постигањето на своите цели — Бугарија ги кинеше врските на својот сојуз со Србија и Грција и испаѓаше од орбитата на Русија.*70 Во својата книга „**Воспоминания**", министерот за надворешни работи на Русија Сазонов, запирајќи се подетално на дипломатските позадини во односите на големите држави спрема Балканската војна, говори поодредено и за односот на Виенскиот кабинет спрема Србија. Сазонов пишува дека расположението на Виена станало особено непријателско кога Србија, Црна Гора и Грција решиле да си ја поделат Албанија... „Сите мои усилби да се зачува мирот беше судено да се разбијат во глувиот ѕид на безумството и злата волја на австро-унгарската дипломатија над која покровителски стоеше огромната сенка на германскиот државен штит. Во тоа време кај нас започнаа да доаѓаат слухови дека виенскиот кабинет дејствуваше на Фердинанд Кобуршки во смисла на неотстапување, а германските и австро-унгарските претставници во Букурешт го употребуваа своето влијание врз романската влада да ги склони да не ја отежнуваат од своја страна положбата на Бугарија" (стр.109). Оваа состојба го натерала Сазонов да го убеди рускиот цар Николај да интервенира

меѓу балканските сојузници со својот личен авторитет. „Ако тие не ме послушаат, рекол царот, тогаш подбуцнувачите да поднесат казна."*71

Покрај другите средства за пропаганда на бугарските интереси и против сојузниците, владата на Бугарија ја засили до највисока степен кампањата на печатот. Освен тоа, А. Тошев, кој како пратеник во Белград имаше можност да ги следи појавите и расположенијата во Србија, во своите чести телеграми до Гешов настојуваше да се искористат до најголема мера бугарските професори за афирмирање на бугарските „справедливи интереси". „Преку статии во меродавните европски весници и списанија, пишува Тошев на 11 март 1913 година, преку средби со видни политички и парламентарни личности во Русија и Запад, преку јавни предавања во некои престолнини и др., може да се постигне многу нешто. Научници како Милетич, Иширков, Јордан Иванов, Ѓоров, Шишманов, Златарски, Б.Цонев и др. би можеле да придонесат голема полза. Заслужува да се помисли дали нема да биде добро да се исprati и митрополит Методие, да направи една турнеја до Петербург, Москва и Киев. Како Македонец тој би можел многу полесно да ги разбива неоснованите српски претензии над градови како Прилеп, Велес, Битола, Охрид и др."*72.

Грците преземаа секакви мерки за да си го осигураат стратегискиот простор на исток кон Бугарија. Србија ги раздвижуваше војските во долината на Вардар од Скопје до Гевгелија. Бугарското командување вршеше подготовки веднаш по потпишувањето на мировниот договор со Турција да ги префрли своите војски на граничните линии против грчките и српските позиции во Македонија. Последниот обид за преговори меѓу Бугарија и Грција не донесе позитивен резултат. На 19 април 1913 година, Гешов, кој инаку се сметаше за доследен спроводник на принципот за географската и етнографската компактност и неделивост на Македонија, т.е. дека нејзиното население е бугарско и врз основа на тоа пледираше за нејзината автономија или за нејзиното целосно вклучување во границите на една Сан-Стефанска Бугарија, истиот Гешов сега го советуваше бугарскиот посланик во Атина да го брани пред грчкиот министер-претседател спротивниот принцип — принципот на „сразмерноста", и спрема него да станела поделбата, бидејќи тој бил многу поправедлив од оној за народноста. Ако се земел принципот на етнографската поделба, тогаш „не само што Србите не ќе можат да анектираат повеќе земји што

ќе им се дадат зашто не се српски, но ниту Бугарија, нити Грција ќе можат да претендираат да го земат Солун, зашто три четвртини од неговото население се другонародни и друговерски"*73.

Натпреварот за осигурување позиции во окупираните од војските на сојузниците територии станувашe мошне безогледен и свиреп. Србија особено имаше мачнотии во борбата да го скрши отпорот и засилената дејност на бугарската Егзархија и нејзините многубројни дејци што бугарската влада ги користеше за утврдување на бугарската политика во Македонија. Грција го правеше истото во окупираните од нејзините војски територии. А Бугарија, губејќи контрола над поголемиот дел на Македонија, го користеше егзархискиот пропаганден апарат, ја засилуваше саботерско-диверзантската дејност, создавајќи многубројни добро вооружени чети, во чии состав влегуваа бивши македонски четници и емигранти во Бугарија. Врховистичката ВМРО ја беше ставила на нога сета своја четничка организација. Покрај известувачката и терористичка дејност во окупираните од српските и грчките војски делови на Македонија, таа издаваше опширни позиви и ги растураше меѓу населението. Во еден позив од „Централниот македонски комитет" на долго и широко се говореше за Македонија како за најсилно огниште за бугарскиот дух, апелираше кон населението да води жилава и до смрт борба со „новите непријатели на Бугарија". „Централниот македонски комитет ги кани сите Македонци, кои ја сакаат татковината и имаат желба што поскоро да се ослободат од тешкотиите и неправдите, да организираат средства и сили и да се борат против новата тиранија" — заклучува позивот.*74 Печатот го ширеше незауздано огнот на омразата. Во весникарските колони веќе триумфираше вистинската војна. „Омразата меѓу Бугарите, од една страна, и Грците и Србите, од друга, — му телеграфираше Некљудов на Сазонов, зема застрашувачки размери. Србите се укрепуваат во Битола и трупаат војска кон Велес.*75 Грците испратија поткрепа кон Нигрита и други места. Бугарските весници, особено опозиционите, се полни со обвинување и напади против сојузниците. Меѓу публиката отворено се зборува за едно судирање и се манифестира убедувањето, дека за неколку дена Бугарите ќе ги поразат сојузниците и ќе го земат Солун и Јужна Македонија."*76

Во спорот меѓу Бугарија и Србија, меѓу Бугарија и Грција, Русија полагаше големи напори да ги примири нивните спротивни интереси по однос на Македонија. Но, не беше можно Русија да ја задоволи Бугарија за сметка на Србија. „Нам ни е потребна силна Србија, — изјавуваше Хартвиг. — По Турција следува австро-унгарското прашање, кое Србија ќе ни биде најдоброто оружје."*77

Од интерес е за подобро согледување на односот на Русија спрема Србија и телеграмата на српскиот посланик во Петроград, од 12 мај 1913 година, испратена до министерот на надворешните работи на Србија. „Созонов ми повтори, — пишува посланикот, — дека ние во Србија треба да работиме за иднината, ако сакаме да добиеме многу земји од Австро-Унгарија. Јас му одговорив дека ние ќе ѝ го подариме на Бугарија градот Битола ако ја добиеме Босна и Херцеговина."*78 Во својата балканска политика, Русија правеше севозможно, за да ја задоволи Бугарија за сметка на Турција и за сметка на Грција. Русија се залагаше Бугарија да ја добие територијата до линијата Енос-Мидија и сето Беломорие до Долна Струма, заедно со Кавала. „Ќе биде справедливо, — телеграфира на 12 јуни 1913 година Сазонов до рускиот посланик во Лондон, — да ѝ се остави на Бугарија барем источниот дел од Македонија со целата долина на Струма. Претензиите на Грција за Кавала и Драма ние не можеме да ги одобриме."*79 Мачнотиите околу поделбата на Македонија ги признава и Сазонов. Во „**Воспоменанија**" тој одбележува: „Етнографски тешко разграничуваната Македонија, која одамна веќе е извесна како објект на натпреварување, одново стана за нив јаболко на раздорот". Тој смета дека одреденото со сојузниот договор разграничување, создадено набрзина, не било задоволувачко. Особено била незадоволна Србија „активното учество на која во воените операции во Источна Македонија и под Одрин знатно ги надминувало претходните предвидувања".

Положбата се усложнува и со недоразбирањето меѓу Бугарија и Грција околу владеењето на Солун.*80 Стремејќи се да го зачува толку неопходниот за нејзината балканска политика сојуз на балканските земји, Русија се наоѓаше пред неопходноста да ги ублажува спротивностите по патот на ветувања и разни отстапки. Но таа се грижеше истовремено да не ѝ се дава можност на Бугарија да стигне близу до Цариград,*81 но да се прошири најмалку во граница на Сан-Стефанскиот договор, а на Србија во таков случај да ѝ се дозволи да се прошири со давање излез на Јадранско Море.*82 По заземањето на Одрин од бугарската војска, Русија гледаше благонаклоно на бугарското барање за Струга ветувајќи го истовремено Дебар на Србија.*83

Бугарија, советувана и потстрекувана од Австро-Унгарија, упорно стоеше на позицијата за максимални придобивки во Македонија. Во Белград правеа големи напори докажувајќи дека условите при водењето на војната создале нов елемент во полза на измена на договорот.

Бугарија не се одзиваше на многубројните сугестии од руска страна за извесни отстапки на Србија за зачувување на сојузот. Бугарија ги изнесуваше своите доводи дека не таа, туку Србија ги замрачила сојузничките односи со барање ревизија на договорот, итн. Гешов не се сложуваше со рускиот предлог да се уреди средба меѓу него и Пашиќ, бидејќи Министерскиот совет решил да не се преговара за ревизија на договорот.*84 Сазонов беше незадоволен од решението на Гешов по тоа прашање. „Отказот на Бугарите од непосредни објаснувања со сојузниците и од лични средби со сојузниците не може да биде толкуван во полза на Бугарија, зашто сојузниците имаат право да ја обвинат во систематско одбивање на преговорите" — му соопштуваше Сазонов на Некљудова на 15 април 1913 година.*85 Дури и самиот Андреј Тошев, коментирајќи ја изјавата на Миљуков дека Србија нема да го даде градот Битола, признава: „Добро, но и ние не помалку бевме решени да не отстапиме ни влакно од нашите права". Особено неотстапчив и крут по тоа прашање беше главниот штаб на бугарската војска на чело со генерал Савов. Тоа добро се гледа и од сугестиите што му ги даваше Савов на својот министер-претседател за готовноста на војската да го реши спорот. „Подемот на духот во армијата за една воена акција против нив (Срби и Грци — н.б.) е вонредно голем дури поголем од оној што беше во почетокот на војната против Турција."*86 Тврдењето на Савов за духот на војската сосем не одговара на стварната положба и беше спротивно на таа положба. За тоа говорат публикуваните званични документи во Докладот. На нив се запира и авторот на „Данашња Бугарска и њене претензије"*87.

По прашањето за ревизија на српско-бугарскиот договор, т.е. за поделбата на Македонија, српската влада продолжуваше да работи усилено. Таа изработи специјален мемоар, наменет за пратениците на големите сили во Лондон, како и за други влијателни личности во Лондон и Париз. Мемоарот го објаснува сегашниот став на српската влада по прашањето на ревизијата. Србија, која влегла во војната главно за да излезе на Јадранско Море, била оневозможена од Австро-Унгарија и Италија. По ваков начин, единствено Србија била лишена од морски брег. Не подобра била положбата и на Грција. Бидејќи се зачувала балканската рамнотежа, на Грција требало да ѝ се отстапи сè што барала на десниот брег на Вардар, јужно од Ниџе-планина и Меглен, со исклучок само на Битола. Грција и Србија требало да имаат заедничка граница. Бугарскиот проект спрема кој цела Македонија се присоединувала кон Бугарија (со исклучок само на Скопје, Куманово и Тетово) можело да биде атакуван не само со аргументи од географска и

политичка природа, со оглед на општата балканска рамнотежа, но и поради чисто етнографски причини. Поради тоа следувало Србија, Бугарија и Грција да пристапат кон една нова и дефинитивна поделба на Полуостровот. Таа поделба ќе се извршела независно од одредбите на српско-бугарскиот договор од 29 февруари 1912 година и без оглед на историските традиции или етнографски сентименталности. Требало да се води сметка само за заемната рамнотежа и за географската симетрија на новите држави. Поделбата ќе се извршела спрема ангажираните во војната сили и заземените територии од секоја држава — сојузница. Системот на компензацијата ќе го направела можно поддржувањето на идното разбирателство и трајноста на Балканскиот сојуз. Разделните линии биле повлечени во текот на војната од самата конфигурација на теренот и од воените операции. Цела Македонија била ослободена од српските и грчките војски, а Грција и Србија веќе имале допир во Западна Македонија, по десниот брег на Вардар. Што се однесувало до месното словенско население — безразлично дали ќе попаднело под Софија или Белград — тоа ќе го изгубело само месниот дијалект. Во сите случаи ова население ќе останало под влијанието на една блиска за него словенска култура, бидејќи по јазик и култура Бугари и Срби биле толку блиски, колку што се блиски Великорусите и Малорусите. Потребите на балканската рамнотежа, на географската симетрија и на компензацијата, како и поддржувањето на меѓусојузничките односи што барале непосреден контакт меѓу Србија и Грција, ќе биле послужени подобро, ако клаузулите на сојузничкиот договор што се однесува до српско-бугарската граница, биле заменети од ново разграничување што би ги вклучило Велес, Прилеп, Битола и Охрид во Србија, оставајќи го Вардар за граница меѓу двете земји и дозволувајќи им на Србија и Грција да станат соседи.*88

Покрај овој промемориум, Никола Пашиќ испрати до министерот на надворешните работи на Русија Сазонов едно опширно писмо во кое, главно, се изложени истите прашања поопширно и поаргументирано.*89

Пашиќ инсистира за лојално држање од страна на Србија, приведувајќи ја можноста Србија да заклучи сепаративен мир со Турција веднаш по ослободувањето на Стара Србија и Македонија од српската војска. Како лојална сојузница, таа војувала уште 5 месеци исклучиво за тоа Бугарија да ги добила Одрин и Тракија. Србија ѝ помогнала на Бугарија да ги добие и оние области и градови и да дојде до близината на Цариград што не било толку потребно за

развитокот и назависноста на Бугарија, а и таа самата при заклучувањето на договорот изјавила дека нив не ги бара. „А таа нам не можеше да ни помогне, — истакнува Пашиќ во писмото до Сазонов, — да го задржиме Јадранското приморје,*90 што е за нас животно прашање и е предвидено во договорот (западно од Шар Планина)". Овој услов бил нарушен до ваква мера, бидејќи Бугарија добивала хегемонија над сите балкански држави, што неминовно повлекувало распаѓање на сојузот. Приближна рамнотежа морала да се задржи барем во таква мера, што две балкански држави заедно требало да бидат поголеми од Бугарија.*91 Пашиќ го отфрла етнографскиот принцип за поделба и за одредување на државните граници, бидејќи на Балканот имало една мешавина од разни народности. „Бугарија се повикува на етнографскиот принцип за Велес, Прилеп, Битола и Охрид, — истакнува Пашиќ во писмото — кога сака да ѝ ги оспори на Србија овие градови, а преминува преку овој принцип кога го бара Одрин, Деде-Агач, Кавала, Серез и други градови и области што не се бугарски, или тврди дека тоа го бараат неопходните државни интереси, дека без овие градови не може да се замисли напредокот на Бугарија. Кога не важи за неа овој принцип, тогаш не може да сака тој да важи за другите балкански држави".

Да се дозволи Албанија да ја обиколи Србија од југ, каде што би можела да има непосреден допир со Грција, според Пашиќ, Србија би била во полоша положба одошто пред војната, зашто би била потполно отсечена и од Јадранско и од Егејско Море и би била оставена на волјата на Австро-Унгарија и Бугарија.

На крајот Пашиќ ги сведува барањата на својата влада, од кои не можела во никој случај да се откаже, во следниве три точки: 1) да не се дозволи во никој случај Бугарија да дојде до границата на Јужна Албанија; 2) Србија да има на југ, на десниот брег на Вардар, заедничка граница со Грција; 3) Србија ја отстапува на Бугарија сета онаа територија, при сè што е окупирана од српската војска, која лежи од левата страна на реката Злетовска Брегалница што се влива во Вардар, со левиот брег на Вардар до под Гевгелија каде што се наоѓала српската војска и каде српската граница треба да се соедини со грчката граница. „Тоа е минимумот, — завршува писмото, — од кое не можеме да попуштиме, но ќе се браниме ако Бугарија нè нападне или се обиде да ги земе". Пашиќ изјавува дека Србија, заедно со Грција и Црна Гора, ќе се обидат да се спогодат за поделбата на територијата помеѓу нив и ако во овој обид не успееле, ќе побарале друг излез.*92

На 12 мај 1913 година д-р М. Спалајковиќ му поднесе на Гешов нота во која опширно се излагаше новосоздадената положба, врз основа на која се бараше ревизија на извесните клаузули на српско-бугарскиот договор.*93 Барањето ревизија на договорот беше постојана тема на уводниците и првите страници на српските весници, почнувајќи од најумерените па дури до најнезаузданите. Ставот на српската влада по ова прашање се разгледуваше и мотивираше со тон на жолчно заканување спрема Бугарија. За таа цел беа мобилизирани истакнати публицисти, политички и научни работници како што е Стојан Протиќ (кој ги објавуваше своите статии под псевдоним **Balkanikus**), д-р Милета Новаковиќ, проф. Белиќ и др. Истата година се појавија и посебни публикации од д-р М. А. Тодоровиќ — Солун и балканско питање, од А. Белиќ — **Срби и Бугари у Балканском савезу и у међусобном рату**, 3. Табурно — Ревизија српско-бугарског уговора (превод од руски), а кон крајот на 1912 година излезе во посебна брошура статијата на Јован Цвијиќ — Балкански рат и Србија, објавена во Српски књижевни гласник. бр.283, стр.654—655.

На дипломатско, публицистичко и воено поле интензивно се вршеа подготовки за војната што неизбежно доаѓаше. Русија, од една страна, и Австро-Унгарија, од друга, развиваа трескава активност, — првата на страна на Србија, втората на Бугарија. Бугарската влада, при сè повеќе го прифаќаше сугерирањето на виенскиот кабинет за неотстапливост и максимализам во натпреварот меѓу неа и другите сојузници за освојување на Македонија. Особено весниците на опозицијата во Бугарија истапуваа отворено против сојузот, „за самостојна политика", со помошта и поддршката на дунавската монархија.

Меѓутоа се вршеше интензивна подготовка и за постигање на сојуз помеѓу Србија и Грција против Бугарија. Објавените документи во врска со преговорите за склучување на Српско-грчкиот сојуз даваат основа да се заклучи дека не постоеле сериозни пречки меѓу двете влади за решавање прашањата што служеа како основа за потпишување на договор. За релативно кратко време одредени беа сите елементи за спогодбата.

На 22 април (ст.ст.) 1913 година од министерот на надворешните работи на Грција Л. А. Коромилас и ополномоштениот министер на Србија во Атина М. Бошковиќ беше потпишан протоколот за одржаната конференција на претставниците на двете влади. Спрема протоколот, земено е решение владите на Грција и Србија да заклучат и потпишат договор за пријателство и

одбранителен сојуз во рок од 20 дни. Во овие спогодби требаше да се одреди заедничката граница помеѓу Грција и Србија на запад од реката Вардар. Поставувањето на новите граници помеѓу Србија и Грција, помеѓу Србија и Бугарија и Грција и Бугарија требаше да биде засновано врз принципот на стварната окупација.*94

Владите на Грција и Србија заемно се обврзуваат да бидат сложни и да се потпомагаат во преговорите при поделбата на териториите, отстапени од Турција, и да ги чуваат означените гранични линии помеѓу Грција и Србија, Грција и Бугарија и Србија и Бугарија. Во случај на недоразбирање и конфликт со Бугарија, договорените влади се задолжуваат да ги одбранат своите поседи со помошта на своите војски. За таа цел се проектира склучување на воен договор. На крајот грчката влада се обврзува да ѝ гарантира во срок од 50 години полна слобода на Србија, да врши извозна и увозна трговија преку Солунското пристаниште и железничката линија од Солун преку Скопје и Битола. Протоколот служеше како база за уточнување и прецизирање на основните клаузули за сојузниот договор што требаше да го потпишат владите на Грција и Србија. Натамошните преговори се одвиваа под знакот на трескава забрзаност и нестрпливост. Министерот за надворешни работи на Грција Кормилас, со телеграма од 10 (23) мај 1913 година му наредува на грчкиот министер, акредитиран во Белград, да побрза со потпишувањето на договорот, давајќи му истовремено инструкции за измените и дополнувањата што треба да се внесат во текстот на договорот.*94а

Со една необична за нормалните дипломатски односи брзина, грчката влада ги примаше скоро сите предлози од страна на српската влада во врска со формулирањето на текстовите од договорот и воената конвенција.*94б Сојузниот договор помеѓу Грција и Србија беше склучен на 19 мај (1 јуни) во Белград, а ратифициран на 8 (21 јуни) 1913 година во Атина.

Тоа што грчката влада не можеше да го постигне со бугарската влада, т.е. точно одредување на граничната линија помеѓу Грција и Бугарија, го постигна сосем лесно и брзо со Србија, одредувајќи ја точно границата меѓу Србија и Грција. Тоа што бугарските раководни личности категорично го порекнуваа — поставување на границата врз принципот на стварната окупација, Србија го постигна со потполна согласност на Грција во договорното одредување на грчко-српската граница. При тоа српската влада главно решаваше едно економско прашање — користење на Солунското пристаниште за својата вносно-износна трговија.

На 1 мај 1913 година беше склучена воена конвенција меѓу Грција и Србија. „Во случај на војна меѓу Грција и Бугарија или меѓу Србија и Бугарија, или во случај на неочекуван, ненадеен напад од страна на бугарската армија против грчката или српската армија, двете држави — Грција и Србија воено се обврзуваат меѓусебно, Грција со сите свои воени сили, земски и морски, и Србија со сите земски воени сили" — гласи чл.1 од конвенцијата. Оваа конвенција беше заменета од друга воена конвенција, од 19 мај, што содржи некои исправки и дополнувања кон текстовите од првата конвенција. Тие ги прецизираат заемните односи на двете земји во случај на војна со Бугарија. Конвенцијата ги одредува воените операции против Бугарија во еден заеднички операционен план, составен од генералните штабови (чл.6). Според чл.7, Грција има право да ја окупира дефинитивно и да ја анектира територијата што се наоѓа јужно и источно од линијата која, почнувајќи од едната точка на реката Вардар го достигнува врвот Перелик (кота 2194). Србија има право да ја окупира дефинитивно и да ја анектира територијата што се наоѓа северно и северозападно од спомнатата линија.*94в

Пашиќ, на 15 мај, писмено го запозна командантот на српската војска војвода Путник со политичката положба во која се наоѓаше Србија и Бугарија во врска со поделбата на Македонија. Пашиќ го бараше мнението на Путник по прашањето: дали Србија да отпочне војна против Бугарија сама или во сојуз со Грција, ако поделбата не би можела да се реши во корист на Србија по пат на меѓусебна спогодба со Бугарија, без арбитража. Војвода Путник, со писмо №6214, од 19 мај 1913 година, му го изнесува своето и на останатите три армиски и еден дивизиски командант гледиштето „дека е сомнителен изгледот за успех кога би војувале сами против Бугарија". Напротив „би имало изгледи за успех кога против Бугарија би војувале во сојуз со Грција. Но, и во тој случај е потребно нашата акција да отпочне што поскоро, инаку би им се оставило на Бугарите време да ја сконцентрираат својата војска и тогаш успехот, се разбира, би бил тежок"*95.

Нешто слично се работи и од бугарска страна. И овде, на 2 мај, Гешов испрати до помошникот главен командант на бугарската војска генерал Савов барање „да се земат соодветни претпазни мерки"*96. Савов му одговараше: „За жал, ние против Србија не можеме да земеме никакви мерки додека не се ослободи нашата армија против Турција."*97 Генерал Савов активно учествуваше, се обидуваше да го наметне своето мислење при политичките разговори меѓу министрите, честопати земајќи позиција на неотстапливост. Генерал Савов настојуваше

пред Гешов военополитичките задачи да се решаваат не со полумерки „а со брзи, јасни и решителни постапки што јасно да говорат кои точки да се жртвуваат и на кои да сконцентрираат сите средства на вооружените сили"*98. Во врска со тоа сега бугарската влада беше заинтересирана и ги насочуваше своите усилби за склучување мир со Турција, За да може да ги ослободи војските од Маричкиот фронт и да ги упати на запад — кон Македонија. Еден од поборниците за склучување незабавно мир со Турција беше и генерал Савов. Во своите телеграми до Гешов тој се стремеше да создаде уверение дека воениот судир со сојузниците ќе биде во корист на Бугарија. „Советувам да имате кураж и спокојство, — му телеграфира тој на Гешова на 6 мај, — при водењето преговори со сојузниците, имајќи предвид дека нивните армии се такви, што ние лесно ќе ги разбиеме и уништиме, и дека, можеби, нема поповолен случај за нас да го направиме тоа сега, кога тие сами нè предизвикуваат. Нам ни е потребно само едно: да можеме да се ослободиме од Турција и да се сконцентрираме. Ние ќе имаме бездруго надмоќност над нашите сојузници во секој однос. Моралот на нашите војски кога се работи за борба против Грци и Срби е многу висок и секој гори од желба да одмазди за нивното некоректно држење."*99 До колку тоа тврдење на Савов за моралот на војската и нејзината готовност за борба против Грци и Срби одговара на фактичкото расположение сред војничките маси во бугарската армија, ќе имаме можност да го видиме во поглавјето: Учество на Македонците во Балканската војна.

Меѓутоа, преговарањата, разменувањето на предлози и контрапредлози, посетите на посланици меѓу сојузниците продолжува. Русија постојано апелираше кон Бугарија за отстапки на Србија, предлагајќи средба на чеворицата министер-претседатели на сојузните држави во Солун и Петроград. Србија, стоејќи на становиштето за ревизија на српско-бугарскиот договор, сметаше веќе за бесполезно да се применува арбитражот, предвиден во договорот. Важен фактор за ориентирање на Србија против арбитражот беше и организацијата „Обединение или смрт" (Црна рука). Таа беше мошне активна и со својот краен национал-шовинистички курс имаше силно влијание во средината на офицерството и спомогна до знатна степен да се влошат односите меѓу Србија и Бугарија. Таа активно се залагаше против политиката на Пашиќ кој отпрвин ја засноваше својата политика на бугаро-српскиот договор и арбитражот на рускиот цар. Четничките водачи во Македонија, кои беа тесно поврзани и соработуваа со „црноруките", исто така беа решително

против арбитражот и за осигурување најмалку територијата на десниот брег на Вардар. Членот од врховната управа на организацијата Љуба Јовановиќ — Чупа, уредник на весник „Пиемонд", ги обиколуваше сите свои приврзаници — офицери при боиштата во врска со прашањето за одењето во Петроград, при рускиот цар. Во резултат на ваквите советувања се постигна спогодба на Пашиќ да му се достави мнението на организацијата дека при решавање на прашањето за разделувањето на територијата треба безусловно да се осигури за Србија десниот брег на Вардар и не се оди на арбитража, зашто се знаело дека со одењето во Петроград Србија ќе го добиела само тоа што е предвидено во текстот на договорот. И српските четнички војводи во Македонија го поткрепија ова решение против арбитражата и за интегрална Вардарска долина, сметајќи го ова прашање „животно за целата српска нација"*100. Наоѓајќи се под притисокот на оваа организација која имаше многубројни сомисленици во раководните кругови на буржоазијата и во нејзиното офицерство, Пашиќ беше принуден да ја сообрази својата политика во согласност со барањата на организацијата „Обединение или смрт". Тоа се гледа и од следниот циркулар на Пашиќ, испратен до српските дипломатски претставници; „Русија бара да изјавиме дека ја примаме арбитражата безусловно. Тоа овде предизвика криза. Ние нашето гледиште го изнесовме јавно во Народната скупштина и во циркуларната нота. Иако Русија се сложува со мнението дека Србија направила повеќе одошто тоа го бара сојузниот договор, а Бугарија помалку, сепак да се прими арбитражата безусловно, зашто инаку Бугарија нема да се одзвие. Ние го поставуваме десниот брег на Вардар како животен интерес за Србија. Тие тоа не го примаат и велат дека тоа е ограничување на арбитражата. А без десниот брег не може да се изврши арбитража. Вака стои сега работата. Ние сме во криза, два министра си ја дадоа оставката, други исто така говорат дека ќе дадат оставка ако се прими арбитражата безусловно.*101

Бугарија ја наоѓа арбитражата за оправдана само ако се одбијат претходно сите ревизионистички барања на Србија. Што се однесува до Грција, таа го прима предлогот на Русија за арбитражно уредување на односите меѓу Бугарија и Грција, ако Русија претходно ѝ го гарантира Солун.*102 Во крајна линија сета расправија меѓу буржоаските дипломати и политичари на Србија и Бугарија се сведува до тоа кој да го добие лавовскиот дел од пленот. Српската буржоазија ги насочуваше своите усилби кон обезбедување и задржување на

територијата што фактички беше веќе окупирана од српската војска. Бугарската монархистичка буржоазија настојуваше за стриктно исполнување на клаузулите од договорот што ѝ гарантира повеќе македонска земја. И во едниот и во другиот случај решавањето на спорот се поставуваше врз дележот на Македонија и поробувањето на македонскиот народ.

Во втората половина на месец мај започна силно раздвижување на војските во Македонија. Се вршеше брза концентрација по стратегиските места, се осигуруваа поповолни излези и одбранбени позиции. Тактичката подготовка на војната одеше со брзо темпо. Зачестија и пограничните инциденти меѓу бугарските и српските караули. И во изјавите на раководните лица почесто се употребува како крајно средство методот на војната. Венизелос изјавуваше „дека во случај на војна со Бугарија, Србија по секоја веројатност ќе земе учество заедно со Грција"*103. Покрај тоа, на 21 мај привршија и преговорите меѓу делегатите на главниот штаб на бугарската војска и началник-штабот на грчката војска полковник Дусманис за утврдување на демаркационата линија меѓу окупираните од бугарските и грчките војски територии. Линијата започнуваше од Валандово, северно од Дојран, и завршуваше на морето, северно од Елефтера.*104 Меѓу двете страни, — Бугарија од една и останатите сојузници од друга, веќе немаше изгледи да се префрли мост, меѓу нив се продлабочуваше и прошируваше провалијата. „Но, за ревизија немаше кој да слуша во Бугарија. Особено настојчив беше главниот штаб" — пишува А. Тошев.*105 Савов беше особено наметлив во насрчувањето на Гешова за брзи воени операции против сојузниците. Тој продолжуваше да го убедува во апсолутниот воен успех над српските и грчките војски. „Единственото средство да се избегне војната е да бидеме готови секоја минута да ја објавиме, штом не бидеме задоволни" — го советува тој Гешова на 14 мај. Савов го сметаше моментот за особено погоден „да се осигури еднаш за секогаш првенство во Балканскиот Полуостров". Тој го убедуваше Гешова дека по четири-пет дена, кога ќе заврши движењето на бугарската војска по границите во Македонија, ќе може да започне „една борба со шанси за успех едновремено и против Срби и против Грци"*106. Ваков беше односот на офицерството од антуражот на генерал Савов, и тоа не беше само нивно мислење. Зад нив стоеше Фердинанд и сите буржоаски партии во Бугарија, во тој ред и широките социјалисти, со исклучок на земјоделскиот лидер Стамболиски и неговите сомисленици. Во врска со експозето на Пашиќ, поднесено во Народната скупштина на 15 мај по прашањето за ревизијата на српско-

бугарскиот договор, поделбата на Македонија меѓу сојузниците, и специјално односите на српската влада спрема Бугарија, во Софија си слушна и гласот на онаа македонска емиграција настанета во Бугарија, која беше тесно поврзана со раководните кругови. Од името на 27 македонски братства во Софија, една делегација поднесе до бугарската влада меморандум, што одеше да ги поткрепи веќе не еднаш изјавените барања на бугарската влада во однос на Македонија. Меморандумот ја истакнуваше раководната и решавачка улога на Бугарија во војната против Турција (со својата воена помош им дала можност на грчката и српската војска „да запишат победа во својата нова историја"). Бугарија, која главно ја изнесла на своите плеќи војната и дала најтешки жртви, немало да дозволи „никаква ампутација на народниот организам"*107, т.е. да се откаже од Македонија.

Додека пред почнување на војната со Турција народните маси беа раздвижени во полза на војната, владите на балканските држави се стремеа да го постигнат истиот резултат во полза на една војна меѓу сојузниците, но со не особен одзив во народните низини. Се свикуваа протестни собранија. На чело на едно вакво собрание истапи и популарниот бугарски поет Иван Вазов.*108

Бугарија, следејќи ги сугестиите на Австро-Унгарија, успеа да склучи сепаратен мир со Турција. Овој акт на бугарската влада го предизвика револтот на Русија. Бугарските воени и политички личности се обидуваа да го обосноват барањето на сепаративен мир со воено-стратегиски причини. Генерал Савов, упорниот приврзаник на мирот со Турција, во разни нијанси постојано ги наметнуваше едните и исти мотиви да се потпише сепаративен мир со Турција, што „треба да стане безогледно, за да можеме дури и поскоро да си ги сконцентрираме војските таму, каде што ги викаат највисоките народни интереси,"*109 т.е. во Македонија.

Најпосле, со енергичната и во извесна смисла брутална постапка на британскиот министер на надворешните работи Едуард Греј,*110 на 17 мај беше потпишан мирниот договор со кој војната на балканските сојузници со Турција беше ликвидирана со полниот пораз на Турција на Балканот и со нејзиното повлекување од своите европски територии на исток од линијата Енос (на Егејско Море) до Мидија (на Црно Море). Но, мирот беше само привидно присутен на Балканот. Во односите меѓу сојузниците беше узреан плодот на една жестока братоубиствена војна. Зад привидната фасада на Лондонскиот мирен договор, трескаво се подготвуваше, со висок успон на драматизам, втора етапа на Балканската војна, која, за разлика од првата, со која,

објективно, се дојде до раскинување на феудализмот и до ослободувањето на Балканот за брз економски развиток, го манифестираше завојувачкиот натпревар на балканската буржоазија. „Еден мир, објавен и потпишан во часот кога сите соперништва повеќе од секогаш се на штрек" — вака го окарактеризираше еден автор Лондонскиот мирен договор.*111 Во заклучниот протокол на Лондонската конференција од 27 мај, на сојузниците им се доставува да склучат пооделно договорни акти врз основа на Лондонскиот договор. Но, ова решение не беше ништо друго освен очигледен дисонанс во меѓусебниот воинствен шум на дележот.

Генерал Савов сè повеќе се активираше и на планот на политичката дејност. Тој сега апелираше за неодложно и посмело навлегување во водите на Тројниот сојуз. За да се осигури новата ориентација на бугарската политика, Савов предлагаше и работеше за тоа да дојдат на власт стамболовистите, најодредените борци за сврзување „судбината на бугарското племе" со дунавската монархија. Луѓето што стоеја на раководни должности во војската веќе го прогнозираа неминовното и потполно уништување на српско-грчката армија. Началникот на оперативниот оддел при Главниот штаб полковник Керезов, а исто така и пом. главниот командант генерал Савов, предвидуваа шанси за успех стопроцентно. Но, за да може потполно да го спроведе воинствениот курс за удар на сојузниците, Фердинанд ја предизвивка оставката на русофилот Гешов, кој му ја поднесе писмено во самиот ден на потпишувањето на Лондонскиот мирен договор.*112

Веќе се разговараше со јазикот на оружјето и поради тоа натамошното решавање на спорните прашања по дипломатски пат не даваа резултат. Тоа го докажа и средбата на Гешов и Пашиќ во Цариброд, каде што се набележуваа нови средби во Солун и Петровград. Наместо безефектни разговори, некои политички личности, како М. Маџаров, ѝ сугерираа на владата: „За да се избегне војната со Србија, има само едно средство: да ги префрлиме нашите војски поскоро во Софија, а потоа да ѝ предложиме на Србија во еден одреден рок да започне со испразнување хна неспорната зона во Македонија."*113 Воинствените позиви не генерал Савов кон владата на 22 мај се сосем категорични. Еден од условите што тој ги предлагаше за гарантирање правата на Бугарија над Македонија е тоа, Бугарија да остави таму толку војска, колку што ќе држат заедно Србија и Грција. Ова барање го усвои бугарската влада и го поставуваше како едно од условите

за согласување на Бугарија да го прифати предлогот на Русија за демобилизација.*114 Савов убедуваше дека само со силата на оружјето ќе бидат респектирани „вероломните сојузници". Тој пишуваше: „Кон 21 мај нашата положба во Македонија ќе биде таква, што сами Србите ќе ја почувствуваат неопходноста да станат позговорливи, а кон првата половина на јуни нашата положба на сите боишта ќе биде таква, што самите нивни покровители, за да ги спасат од очигледна пропаст, ќе побрзаат да ги натераат да го примат договорот потполно". Претставувајќи го духот на армијата најповолен за војна против Грција и Србија, Савов даваше гаранции дека владата ќе може да спроведе „една енергична политика по 10—15 дена, сметано од денес."*115 Со исклучок на БРСДП и некои раководни личности на Бугарскиот народен земјоделски сојуз, сите водачи на останатите буржоаски партии, независно од нивната ориентација, сметаа за логично и потполно оправдано и беспорно нужно да се отпочне една војна против Србија, ако српските војски не ја напуштат доброволно територијата што ѝ припаѓала на Бугарија.

На местото на Гешов дојде за министер-претседател д-р Данев, спроводник на политиката за непопустливост во однос на српските и грчки барања, на дрскиот тон и заплашување спрема партнерите од Балканскиот сојуз, човекот кој заради Солун откажуваше секаква спогодба со Грција и ја заплашуваше Србија со истиснување од нејзините позиции во Македонија, ако таа не го прифати предлогот на бугарската влада за доминација во Македонија. На чело со Данев, сега Бугарија вратоломно одеше кон 16 јуни, кон „престапното безумие". Бугарската влада веќе сметаше за потполно илузорно да ги постигнува своите намери по пат на преговорите и картата на успехот ја поставуваше само на воениот фактор. Не остана ни трага од онаа тактичка парола, која всушност беше камуфлажа на вистинските намери на бугарската буржоазија — автономна Македонија. „Уште кон средината на месец октомври 1912 година — пишува Гешов*116 — по нашите први победи, господин Данев ми соопшти од главниот штаб дека, по војната, збор за автономија (на Македонија — н.б) не треба да станува од наша страна". Гешов со еден исповеден тон изнесе каква била главната цел на бугарските управници. Тој пишува: „Главниот командант (цар Фердинанд — н.б.) беше напишал саморачно врз тоа соопштение, дека потполно се сложува со мнението на Данев. И по Љуле-Бургас немаше Бугарин кој да беше на друго мнение. Остануваше тогаш да се исполнува и другата програма, — остварувањето на Сан-Стефанска Бугарија."*117 Во преписката меѓу Г. Начевич и Константин Иричек, Начевич му соопштува на

Иричек за својот однос спрема Фердинанд. „Јас бев секогаш за автономијата на Македонија... но Фердинанд беше да ја завојуваме па затоа и неговиот антураж од подлост пливаше во истите води."*118

Србија, чувајќи го она што го имаше во свои раце, Бугарија, настојувајќи повеќе од секогаш за своите права по договорот, не беа наклонети и не го примаа предлогот на рускиот цар за арбитражно решавање (сходно договорот) на спорот.*119

Во аргументите на дипломатијата, во весникарските уводници, сè поретко се употребуваа поимите спорна и беспорна зона, договорни задолженија и друго. Атмосферата беше наситена со електрицитет на заплашувања, повици за пресметнување, дрски декларации за беспорни права над Македонија. Органот на офицерската лига во Србија „Пиемонд" предупредуваше: „Се обиде ли Бугарија да го мине Вардарот, братоубиствената војна е неминовна."*120 Некои политички кругови во Србија го заменуваа барањето за арбитража со барањето за анексија на окупираните од српската војска територии.

Засилената концентрација на бугарската војска кон стратегиските точки во Македонија беше придружувана со укрепување на граничните линии од грчка и српска страна. Во екот на воената подготовка, српската влада ѝ предложи (вербална нота од 30 мај) на Бугарија да го намали составот на војската со 3/4. Сличен предлог ѝ беше направен на Бугарија и од Грција на 1 јуни. На рускиот предлог за арбитражно решавање на спорот, Фердинанд го спротивставуваше како единствен услов исполнувањето на сојузниот договор, а крал Петар — општата ревизија.*121 Две спротивни гледишта што Русија залудно се обидуваше да ги согласува. Отворените претензии над Македонија, изразени во телеграмата што ја испрати Фердинанд во одговор на рускиот предлог, создаде мошне неповолна атмосфера не само во раководните средини на Русија, но и на тие во Франција. Фердинанд дословно телеграфираше: „Бугарија нема само право над Македонија, таа има неотклонлива должност спрема едно население кое секогаш било и сака по секоја цена да остане бугарско."*122 Рускиот дипломатски претставник во Белград Хартвиг, одлично запознаен со ситуацијата во Србија, се обидуваше со телеграмата од 1 јуни до Сазонов да ја објасни и донекаде да ја оправда ориентацијата на српската влада кон Македонија како единствено решение на дилемата „живот или смрт". Хартвиг пишуваше: „Во случај Србија да се

откаже од завојувањето на Македонија, таа паѓа во опасност да биде притисната и по целата своја јужна граница како од железен обрач од велика Бугарија, која е не помалку непријател на српскиот народ и која сега веќе тајно влегува во спогодба со Албанија, Во тоа се крие стварна опасност за земјата од политичко загинување. Да се откаже Србија од покажаните услови од Југозападна Македонија е исто што и да му ја потпише доброволно и свесно смртната пресуда на српскиот народ."*123 Сазонов исто така ги застапува и ги смета за справедливи барањата на српската влада за ревизија на договорот.*124 Но, тоа не ги менуваше односите.

Секоја страна цврсто и потполно одредено стоеше на своите гледишта, решени на безмилосно пресметнување врз телото на Македонија и за нејзиното потполно освојување. Изгледа англискиот посланик во Русија Џорџ Бјуканан го пронашол вистинското име за суштината на односите меѓу сојузниците со зборовите: „Бесрамна жед за грабеж, што ја предизивикува Втората балканска војна".*125 Додека дипломатите се заложуваа со изветвени аргументи за правата и претензиите над Македонија, на сцената го заседе своето вистинско место и се утврди како суверен решавачки фактор оружјето. Шовинистичко-агресивните кругови на офицерството решавањето на спорот за поделба на Македонија го поставија на боиштето каде што вчерашните сојузници ќе требаше да се сретнат како утрешни непријатели. На чело на воената лига во Србија застана кнез Александар, а офицерската каста во Бугарија го имаше својот предводник во лицето на главниот командант на вооружените сили на бугарската војска Фердинанд Кобуршки.

Владите на Србија и Грција упатија брзо ноти со кои на бугарската влада ѝ се ставаше на знаење дека тие не ја одобруваат концентрацијата на бугарската војска по границата. Во врска со тоа бугарската влада го најде за погоден моментот да ја предаде со извесни измени и дополнувања нотата, што ја изготви во одговор на српската нота од 9 февруари 1913 година.

На 9 јуни Фердинанд свика советување на кое присуствуваа Данев и Савов. Под притисокот на Фердинанд и неговиот помошник генерал Савов, беше решено да се побара од Петроградската влада арбитрот да реши во седумдневен срок за спорот со Србија. Ултимативниот карактер на ова решение го предизвика острото реагирање на рускиот цар и неговиот надворешен министер Сазонов. По тој повод Сазонов му напомна на бугарскиот пратеник во Петроград Бобчев дека Бугарија тргнала по советите на Австрија.*126 Генерал

Савов, користејќи го нерасположението на Русија спрема Бугарија, енергично настојуваше пред својата влада дека 16 јуни е краен срок

„да се задржат уште луѓето под знамињата"*127. Зачестените погранични инциденти, понекогаш со повеќе жртви од двете страни, весниците знаеја да ги надуваат до неверојатни размери, за да ги разгорат страстите на омраза и одмазда. Новата бугарска влада, на чело со Данев, уште повеќе ги влоши односите на Бугарија со сојузниците Русија и Романија. Совладани од треската на војната, бугарските раководители останувaa глуви спрема предупредувањата на Сазонов дека Русија нема да ја задржи Романија да ја нападне Бугарија ако таа им објави војна на сојузниците.*128 Рускиот посланик во Букурешт Шебеко го известуваше Сазонова за тоа дека Романија е готова да ја мобилизира својата армија и веднаш да ги окупира бугарските територии по линијата Туркан-Балчик.*129 Генерал Савов, кој тајно го известуваше царот за неспособноста на бугарската војска за една нова војна со сојузниците,*130 даваше звванични уверувања за потполната готовност на војската. Просто речено, сите команданти на армијата се натпреваруваа кој попозитивен извештај да поднесе за подобрата состојба на оваа армија, Командантот на III армија генерал Ратко Димитриев, командантот на I армија генерал Кутинчев, командантот на IV армија генерал Ковачев, командантот на II армија генерал Иванов и началникот на VI дивизија генерал Танев, известуваа дека војниците се бодри и воодушевени од желба да се сретнат со непријателот и да се пресметнат со него, дека во нив треба да се има полна надеж за успешно спроведување на операциите, дека духот на сите чинови од одделенија на IV армија (кога всушност токму во таа армија се наоѓаше огништето на незадоволството, бунтовите и протестите против војната со Србија и Грција) е одличен, дека жедта за борба и одмазда е голема, итн. Сите овие декларации на генералитетот беа давани само неколку дена пред нападот на бугарските единици врз позициите на српската и грчка војска. Тие претходуваа една нападателна војна*130а и имаа за цел да ги вовлечат во воената авантура и оние што уште беа колебливи или што ја согледуваа ненужноста и опасноста од ваква непромислена акција.

На 16 јуни вечерта бугарската војска изврши напад на српската и грчка војска по целата линија во Македонија.*131 По повод ненадејниот напад на бугарската војска, Хартвиг ја известуваше својата влада за големата возбуда во Белград,*132 а Демидов, руски посланик во Атина, го пренесуваше мнението на Венизелос за бугарскиот напад на грчката војска, со кое се

правело обид да се закрепат окупационите права на Бугарите во грчките области.*133 Во договорот на протестната нота од страна на српската влада по повод нападот на бугарската војска, Бугарија одговори дека бугарските војски не ги предизвикале судирите во Македонија и дека тие немале некоја агресивна цел, но, напротив, биле нападнати и предизвикани од српските војски. Но, Сазонов сметаше дека почетокот на Втората балканска војна започнува со нападот на бугарската војска кај Брегалница над српските предни позиции, мечтаејќи по ваков начин да го реши македонското прашање во своја полза и да ја установи својата доминантна положба меѓу балканските држави „по патот на предавнички напад над своите сојузници". Сазонов тврди, при сè што нема доволно докази, дека Фердинанд Кобуршки ја извршил оваа акција „не без знаење за поттикнувањето од страна на австро-унгарската влада". Австриската дипломатија никако не можела да свикне со мислата, дека првата Балканска војна, наместо очекуваниот пораз на српската армија од страна на Турција, завршила со блескава победа на сојузниците (**Воспоминания**, стр.115). Без оглед на тоа кој прв ја започнал војната и какви се официјалните објаснувања за неа, сосем јасно е дека меѓусојузничката војна дојде во резултат на спротивностите меѓу сојузниците, невозможноста по друг начин да го решат прашањето за поделување на добиените земји од Турција, нивниот стремеж за доминација на Балканот, сопственииштвото на големите европски сили во овој балкански простор и нивната намеса во односите на балканските држави. За оваа војна се приготвуваа и беа готови како Бугарија, така и Србија и Грција и Црна Гора.

Од неколкуте судири со српските и грчките војски стануваше очигледна неспособноста на бугарската армија за сериозна војна. Причините за тоа му беа познати на бугарскиот цар и на неговите генералштабни офицери: измореност, болести, нерасположение да се војува против сојузниците, очаеност и лоша организација. Бугарија беше исправена пред неминовна катастрофа. Данев подаде оставка на кабинетот, Царот ја одби, изразувајќи „доверба во политиката на владата."*134 Австрофилските опозициони партии остро ја критикуваа и напаѓаа владата дека не се осигурила во однос на Турција, Романија и Австро-Унгарија пред да започне војната против сојузниците. Царот предлагаше како единствено спасоносен пат за бугарското царство „една политика на тесно пријателство со Австро-Унгарија". И тоа требало да стане веднаш без одолговлекување, „за да се спаси Бугарија од нови несреќи и династијата — од нови

одговорности"*135. Всушност веќе преминот на Бугарија на линијата на австро-унгарската политика беше несомнен факт.*136

Русија и Франција побараа од Романија да ги мобилизира своите војски и да се замеша во меѓусојузничката војна против Бугарија, ветувајќи ѝ ја линијата Тутракан-Балчик.*137 Австро-Унгарија, која успеа да го постигне разбивањето на Балканскиот сојуз со оттргнувањето на Бугарија од сојузот и нејзиниот напад на српските и грчките војски, не сметаше дека е назреан моментот за каква и да е воена интервенција што би била во полза на Бугарија.

Загрозена од сите страни (од Романија, Турција, Грција, Србија и Црна Гора), Бугарија се најде во положба на потполна изолација и ја побара интервенцијата на Русија за запирање на војната.*138 Русија предложи незабавно запирање на воените операции, постигање примирје и незабавна средба во Петроград меѓу претставниците на војувачите држави за поставување основи на мирот, при посредувањето на Русија. Меѓутоа, војските на Србија и Грција водеа успешни операции на еден фронт од околу 400 километри и сега тие беа заинтересирани не за каков и да е мир, а за мир што ќе дојде во резултат на полното уништување на Бугарија на боиштето.

Бугарија, која пред започнувањето на меѓусојузничката војна се афирмираше со својата крутост и непопустливост спрема претензиите на Србија и Грција, на 30 јуни беше готова да ги прифати предлозите на Русија: 1) Границата меѓу Србија и Бугарија да минува по источниот вододел на Вардарот, отстапувајќи ѝ го Штип на Србија; 2) Грција и Србија да имаат заедничка граница при Гевгелија и на исток грчката граница да продолжува до долината на реката Струма, при кое Серез останува грчки. Овој предлог предизвика револт во средината на буржоаските, особено на опозиционите партии. Владата падна. Новата влада на чело со Васил Радославов, составена од австрофилските партии: либералната, младо-либералната и народно-либералната, беше пречекана благонаклоно од Австро-Унгарија и Германија. Русија и Франција, како и Англија, не беа задоволни од новата бугарска влада.

Започнатите во Букурешт преговори за мир завршија со потпишувањето на Букурештанскиот мирен договор на 28 јули 1913 година. Учесниците на конференцијата, при индиректно влијание на заинтересираните европски сили, ја санкционираа поделбата на турското наследство на

Балканот меѓу себе. На зелената маса беа дефинитивно уништени максималистичките визии на Бугарија. Освен пропаѓањето на нејзините планови за присоединување на Македонија кон Бугарија, таа беше принудена да се откаже уште и од еден значителен дел од Добруџа со градовите Тутракан, Добрич и Балчик. Пишувајќи за овој трагичен за бугарските планови епилог, Андреј Тошев го одбележа следново: „Топовските залпови со кои во Букурешт се извести овој настан (потпишувањето на договорот н.б.) беа последните рафали и против зголемена Бугарија.''*139 Единствен глас помеѓу сите големи сили за заштита на Бугарија се слушна од страна на гроф Бертхолг. Тој го изрази своето жалење што „Бугарија била сосем истуркана од Македонија''*140.

Букурешкиот мирен договор ги утврди границите меѓу Бугарија, Грција и Србија. Границата меѓу Бугарија и Србија почнува од врвот Патрица, ја следува старата турско-бугарска граница и водоразделот на реките меѓу Вардар и Струма, со исклучок на горното течение на Струмица која останува во српска територија. Таа завршува при планината Беласица, каде што се сврзува со бугарско-грчката граница. Границата меѓу Бугарија и Грција почнува од новата бугарско-српска граница по сртот на Беласица-планина и завршува при вливот на реката Места во Егејско Море.

Со Букурештанскиот договор се санкционира фактичката поделба на Македонија меѓу Србија, Грција и Бугарија. Таа престануваше да постои како целосна територија во своите географски и етнографски граници.*141

Во следната глава ќе го истакнеме на соодветно место односот на македонскиот народ и ставот на македонските политички и културни дејци кон војната на сојузниците со Турција и посебно кон меѓусојузничката војна.

## 83

## УЧЕСТВОТО НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

Економско-политичката положба на населението, особено на словенското, во Македонија во првата деценија на нашиот век беше доведена до крајни граници на подносливоста. Македонија, како дел од Турција што беше крајно заостаната економски*1 и зависна од големите империјалистички држави, во прв ред од Германија, Австрија и Русија, го поднесуваше во целата негова тежина колонијалниот гнет. Македонија беше поплавена од европски индустриски производи што го конкурираа пред сè слабо развиеното занаетчиско производство. Феудалната експлоатација се преплеткуваше и со најкратките форми на национално угнетување. Спротивноста меѓу спахиите — Турци и мухамедани и селаните Словени — христијани, се изразуваше очигледно на религиозна и национална основа.*2 На таа основа, борбата на македонскиот народ за ослободување од економско-социјалната потиснатост се претвори во национално-ослободителна борба.*3 По создавањето на Внатрешната македонска револуционерна организација и под нејзино раководство, во Македонија отпочна организирано масовно национал-ослободително движење што го достигна својот врв во Илинденското востание — 1903 година. По својата социјална сушност Илинденското востание претставуваше движење на македонските селани за ослободување од феудалната експлоатација. Македонскиот народ се надеваше на ослободување и во Младотурската буржоаско демократска револуција и поради тоа македонските вооружени одреди им се придружија на Младотурците за симнување од власта на султанот.

Економската експлоатација, националниот гнет, крвавите репресалии по неуспехот на Илинденското востание беа причина огромна маса од македонското население да емигрира во соседните балкански земји (особено во Бугарија). Еден продолжителен поток на иселеници се насочи кон задокеанските земји — Америка, Канада, Аргентина и други места. Но нити македонскиот народ што остана да живее во Македонија, нити иселениците и политичките емигранти, не се помируваа и не можеа да се помират со турскиот деспотски режим и беа крвно заинтересирани за неговото поскорешно ликвидирање.

Во Македонија претстоеше да се изврши една револуционерна промена. Народните слоеви, занаетчии, интелигенција ја чувствуваа нужноста на оваа промена. Тие беа убедени дека единственото спасение од турскиот гнет е само во уништувањето на феудалниот систем. Ваква можност тие гледаа и во војната на четирите балкански држави — Србија, Бугарија, Грција и Црна

Гора. Тоа најдобро го потврдува нивното масовно учество, нивниот хероизам и истрајност што го покажаа во војната против вековниот угнетувач — Турција.

Владите на балканските земји го користеа расположението — готовноста на македонските бегалци да се борат за слободата на Македонија и ги подготвуваа, особено по Илинденското востание, за четнички акции во Македонија.

Ова е карактеристично особено за Бугарија, каде пред сè е сконцентрирана маса политичка емиграција од Македонија.*4 Учеството на македонската емиграција во општествено-политичкиот живот на Бугарија е големо и трајно. Таа во својот поголем дел е политичка емиграција, преселена поради постојаните немири во Македонија, особено по Илинденското востание, поради тешките репресалии вршени од турската власт над населението.*5 Таа уште од 80-те години на минатиот век се организира во друштва и братства (Бугарско-македонско благотворително друштво — 1893 година, Демир-Хисарско благотворително братство — 1891 година, Штипско благотворително братство — 1899 год.).*6 Како врховно координационо раководително тело на братствата се создаде Врховен Македонско-Одрински комитет што ја играше улогата на активен експонент на бугарската политика спрема Македонија. Врховниот комитет, во соработка со бугарската влада, организираше и испраќаше во Македонија вооружени чети. По поразот на Илинденското востание, Врховниот комитет започна да игра доминантна улога во македонското ослободително движење, а македонската емиграција ја постави под свое влијание. Организираните во македонските братства и културно-просветни друштва станаа објект на засилена врховистичка пропаганда. Од таа средина врховистите лиферуваа терористи и четници за провокациони акции во Турција (Македонија). Врховистите го дочекаа младотурскиот преврат со непријателско расположение, зашто демократизацијата во Турција откриваше можности македонското прашање да се реши по демократски пат во границите на Турција, а тоа значеше пресечување стремежите на великобугарската буржоазија за присилно присоединување на Македонија кон Бугарија. Во 1910—1911 год. во Софија се создадоа неколку „централни комитети" на врховистите, на чело на кои застанаа истакнатите врховисти: Тодор Александров, Александар Протогеров, Тодор Лазаров, полковник Николов, Христо Матов, Петар Дарвингов и други. Со испраќањето на четите во Македонија, тие ја спроведуваа намерата на бугарската влада во Турција да се создаде положба на неред, кој да послужи како повод за поставувањето

на македонското прашање пред форумите на големите сили, во полза на бугарските барања за Македонија. Врховистичките чети спроведуваа систематски индивидуален терор и динамитски атентати. Атентатите извршени во Кочани и Штип ѝ послужија на Бугарија како повод да го оправда и забрза мобилизирањето на бугарската војска. Преку Врховниот комитет и врховистите, хегемонистичката бугарска буржоазија вешто ги користеше стремежите на многубројната македонска емиграција во Бугарија да помогне Македонија да се ослободи за чисто великобугарски цели.

Не изостануваа во тој однос ни владејачките кругови на српската буржоазија. Тие уште пред Илинденското востание се занимаваа со прашањето за испраќање на пропагандни чети во Македонија. Така шефот на санитетот при Белградската општина д-р Милорад Гоџевац, во соработка со некои истакнати офицери од војската, и граѓанството, привлекуваа разни македонски емигранти (печалбари, бивши арамии и учесници во четите на Внатрешната македонска револуционерна организација) кои се наоѓаа во Белград, Ниш и други места во Србија, и формираа чети. Во Македонија беа испраќани чети под војводството на Наке Јанев од село Лавчани, Арсо Мицков од село Подвис, Стојан Донски од село Битуша, Глигор Соколов(иќ) од село Небрегово, Прилепско, Јован Долгач од Крушовско, Крсте Ковачевиќ-Трговишки, Тодор Алтунски, Таки Крстиќ, Цане Марковиќ, Копоран Чаум, Блаже Прилепски,*6а Ѓорѓи Цветковиќ од Светине, Наце Јанковиќ од Прилеп, Павле Младеновиќ од Куманово и други.*6б

Претседател на организацијата „Српска браќа" (што работеше за „помагање ослободувањето на Македонија") беше познатиот белградски рентиер Голуб Јаниќ, родум од село Маврово, Гостиварско.

Интересот и загриженоста на македонските емигранти во Грција за тешката положба на народот во Македонија под турска власт раководните фактори на грчката буржоазија го поддржуваа и разгоруваа со цел таа да биде користена за постигање на одредени завојувачки аспирации во однос на Македонија. Во Атина постоеја неколку организации:„Македоникос Силогос", „Елинизмос", „Етники Етерија", „Скопоефтики Етерија". Во раководствата и како обични членови во овие организации учествуваа и Македонци. По Илинденското востание интересот на грчката буржоазија спрема Македонија се засили и постојечките „македонски организации" беа активизирани за испраќање на андартски чети во Македонија.*7

Соседните на Турција балкански земји непосредно пред Балканската војна се служеа со четите*8 за да ги подготват условите на теренот во Македонија за отпочнување на воените операции против Турција.

Бројната македонска емиграција бугарската влада ја употребуваше како физичка и интелектуална сила и во Балканската војна, користејќи го нејзиното расположение и воодушевување да учествува во војната против Турција, во која гледаше голема можност за ослободување на својата напуштена родна земја. Како македонската емиграција, така и македонскиот народ, во Балканската војна гледаа ослободителен акт, и токму затоа, без оглед на политичка припадност, ориентација и друго, зедоа учество заеднички во војната и врховисти и централисти и федералисти, со еден збор сите групировки и нијанси во македонското национално-ослободително движење. Тие се ставија на располагање на бугарското командување за доброволна услуга на сојузничките војски.

Неколку дена по мобилизацијата на бугарската војска, Извршниот комитет на Македонско-одринските братства во Бугарија излезе со апел кон населението во Македонија и Одринско со кој настојуваше да ги прими сојузничките ослободителни војски и да им укаже сестрана поддршка „за да ја извојуваат слободата и човечките права" на поробениот народ.*9 Но, уште пред мобилизацијата во Бугарија, од штабот на бугарската војска веќе беа дадени инструкции за навлегување на чети, составени само од Македонци и Одринци, во Македонија и Беломорието. Сите тие беа способни дејци од македонското ослободително движење, учесници во Илинденското востание и во многубројните четнички акции на ВМРО и на врховистите по востанието. Бројот на четите што се наоѓаа во Македонија во денот на мобилизацијата изнесува 34.*10

На 18 септември 1912 година, еден ден по објавената мобилизација, по заповед на началник-штабот на војската генерал-мајор Фичев, полковник Александар Протогеров и мајор Петар Д'рвингов пристапија кон организирање на мали партизански одреди (чети), составени од бивши четници-доброволци што се наоѓаа во Бугарија како политички емигранти.*11 Целта на овие чети беше, во соработка со месното христијанско население, во Македонија и Одринско да се создаваат севозможни пречки за мобилизација и движење на турската војска. Во штабот на партизанските одреди, на чело со Протогеров и Д'рвингов, беа назначени познатите врховистички

раководители: полковник Николов (со задача да ги организира одредите и известителните пунктови по границата), ротмистер Атанасов (да ги организира доброволците, сконцентрирани во штабот), капетан Величков (да врши обука на четниците и војводите за вршење саботажи.*12 Со добиени инструкции за своите задачи и снабдени со оружје, а диверзантските групи на капетан Величков и со експлозивни материјали, четите беа упатени кон определените места.*13 Всушност, поголем број од четите беа пуштени во Македонија уште во почетокот на октомври. Тие им укажуваа содејство и помош на српската, бугарската и грчката војска. Отпрвин се мислело (според Д'рвингов)*14 големиот дел од четите да бидат употребени за разрушување на телеграфите и железниците Цариград — Солун, Одрин — Дедеагач, Дедеагач — Солун. Бројот на четите, испратени од „Штабот на партизанските одреди", изнесуваше 50 со вкупно 1387 четници.*15 Целта, организацијата и задачите на овие чети се одредени со правилникот, потврден од штабот на Македонско-одринските доброволни одреди на 17 септември 1912 година.*16 Намената на четите е да разрушуваат мостови, железници, телеграфи, складови со храна и оружје, како и патишта (параграф.1 од Правилникот), воопшто да го спречуваат движењето на противникот. Во член 6 од Правилникот се одредува организацијата и функцијата на известителната служба. Добиените податоци од известителната служба по одреден ред се доставуваат до штабот на бугарската војска. Меѓутоа, четите имаат и задача да формираат месни чети во секое село, во состав од 10 лица, специјална задача да вршат известување за движењето на војските, да ги разрушуваат блиските сообраќајни средства и да вршат курирска должност. Задачата на секоја чета е стриктно одредена. Во војводскиот состав на овие чети, покрај врховистичките војводи, се наоѓаат приличен број војводи и револуционерни дејци на ВМРО, како што се: Михаил Герџиков, Васил Чакаларов,*17 Иван Попов, Крсто Гермов-Шакир,*18 Георги Занков, Михаил Чаков, Пејо Јаворов,*19 Марко Иванов,*20 Алексо Стефанов,*21 Павел Христов,*22 Ѓакон Евстатии,*23 Славчо Абазов, Ефрем Чучков, Методи Стојчев,*24 Тодор Оровчанец и други.*25 Во денот на мобилизацијата скоро во сите околии на Македонија веќе дејствуваа оние чети што беа испратени претходно.*26

Општиот број на луѓето што влегуваа во составот на четите, формирани и испратени од „Штабот на партизанските одреди" и на оние што се наоѓаа на теренот во Македонија и Одринско

во денот на мобилизацијата (според Архивот на штабот а Македонско-одринското ополчение) изнесува вкупно 2174.

Еден од важните задачи на штабот е да ги организира известителните пунктови по турско-бугарската граница. Уште на 22 септември потполковник Николов ги организира службите на пограничните места за префрлување четници, организирање на курирската служба и поддржување врска меѓу штабовите и четите. Известителни пунктови биле создадени во Ќустендил, Рилски Манастир, Самоков, Дупница, Л'џене, Чепеларе и Бургас. Д'рвингов публикува дел од преписката, водена меѓу штабот и пунктовите началници и војводите за уредување на некои прашања во врска со облекувањето, вооружувањето и патувањето на четите и др..*27

Навлезените по мобилизацијата четите, на број 53,*28 и четите што се наоѓаа таму, на број 34, пристапија кон извршување на одредените задачи: да ѝ создаваат секакви пречки на турската војска (да агитираат меѓу населението да не постапува во турската војска, да не дава реквизиција, да ги крие коњите и сиот друг добиток, да ги расипува железниците и телеграфите, да внесува паника сред турското население). Особено важно е нивната известувачка работа.*29 Присутноста на четите и нивната агитација даваа резултати. Насекаде, каде што имало можност се вршела саботажа: нејавување на војници во турската војска, криење, бегање в планина итн. Во Охридско, Кичевско и Дебарско четите и вооружената селска милиција се стремеле да задржат колку може повеќе турски сили. Војводата Петар Чаулев со заплашување ги натерал сите Турци да не одат војници. За целта било растурено писмо во сите спомнати околии. Оваа мерка во голема степен ги олеснила воените операции на сојузничките војски во Македонија, каде приличен дел од вооружените турски сили се мобилизирале од местото и се употребувале за чување на патиштата, мостовите, градовите, областите и затворениците. По ваков начин турската војска се нашла меѓу два огна: Од една страна успешното настапување на сојузничките војски, а од друга — саботерско-диверзантската активност на четите во нејзината позадина. Покрај тоа, знатен дел од турските резервни војници не се јавиле при мобилизацијата во своите единици, а останале по своите села за да се бранат од месните чети. Чисто турското село Песочани не дало ниеден војник, поради кое од Охрид била испратена една дружина за да го натера селото да ги испрати своите резервни војници во воените единици. Селаните — Турци цел ден давале вооружен отпор на војската.*30

Во денот на објавувањето на војната од сојузните балкански држави против Турција отпочнаа и воените операции.

Победничкиот удар на сојузничките војски во Македонија и Тракија (со активното содејство и помош на бугарските, грчките и српските чети) го скрши отпорот на турската војска на македонското боиште.*31 Турската војска во Македонија скоро веќе не постои. Таа е разбиена и деморализирана. Војниците во големи групи им се предаваат на сојузничките војски, на четите и милицијата. На 10 ноември влезената во град Охрид чета на П. Чаулев поставува бугарско знаме на Самуиловата крепост. Подоцна, по доаѓањето на српската војска, четата на Чаулев била принудена да го напушти градот, а самиот Чаулев, поради непотчинетост бил затворен.*32

Уште на 25 септември 1912 година началник-штабот на бугарската војска генерал-мајор Фричев ја издаде заповедта број 5 за формирање на македоно-одрински ополченски дружини, со кои фактички „Штабот на партизанските одреди" се претвора во штаб на ополченските дружини. Со истата заповед се назначуваат: генерал-мајор Генев за организирање на македоно-одринските ополченски дружини, за негов помошник резервниот потполковник Александар Протогеров и за началник-штабот мајорот Д'рвингов.

Идејата за создавање на специјални воени единици, составени од македонски емигранти и македонски националреволуционерни борци што се наоѓаат на територијата на Бугарија како бугарски граѓани, ги интересираше воените кругови уште далеку пред војната. Тоа го потврдува и една статија, објавена во тајниот **„Седмиченъ Бюлетинъ"** за изучување на Турција и нејзината војска, №3, од 10 февруари 1911 година, издаван од штабот на бугарската војска. Го цитираме следниов карактеристичен дел од статијата:

„...оваа емиграција не е за пренебрегнување, зашто во време на војна може да игра мошне важна улога. Може смело да се тврди дека не ќе се најде Македонец, млад или стар, што да не посака да влезе во македонските ополченски дружини кои сигурно ќе се формираат во време на војна. Користењето на емиграцијата е едно важно воено прашање. Таа може да служи:

1-во, Да дава известители, набљудувачи и водачи;

2-ро, Да дава чети за онеспособување на сите железници во Турција;

3-то, Да дава поголеми чети за завладување на сите важни седловини на Пирин, Али-Ботуш и Странџа;

4-то, Да дава ополченски дружини по типот на познатите ополченски дружини од 1877 година, кои сведени во целисходни одреди и снабдени со планинска артилерија, ќе можат да го совладаат Разлог и целиот Пирин, како база за пополнување, снабдување и акции против Демир-Хисар, Струмица, Штип и Кочани;

5-то, Да дава мали и големи чети за акција во Западна Македонија, по линиите на движењето на турските војски;

6-то, Да дава ополченски дружини за совладување на горските пространства во Странџа-Планина и Мало Трново;

7-мо, Да дава ополченски дружини или одреди за акции во Родопите и по десниот брег на реката Марица.

Воопшто, да дава борци, кои да дејствуваат по периферијата на театрите на војната, во кои бугарската војска ќе ја води борбата врз основа принципите на големата војна.

Сето тоа може да се постигне, ако уште во мирно време се направат оние проучувања, проекти, сообразувања, планови, без кои во време на војна создавањето на ополченските дружини ќе биде работа мачна, несредена и без план" (**История на Македонско-одринското опълчение**, том.1, стр.27).

Горната статија е само една од многуте документи што говорат сосем одредено за еден постојан и континуиран интерес и однос на бугарските раководни кругови спрема македонската емиграција која секогаш ја користеа за свои цели. Авторот на „Историјата на Македоноодринското ополчение" пишува дека практичното остварување на оваа замисла (формирање на ополчението) дошла многу доцна и создала ред мачнотии. Големата брзина со која отпочнува со организирањето на Македоноодринското ополчение говори за исклучивиот интерес на бугарската влада спрема оваа формација. Оваа „Македонска војска" беше од голема полза за бугарското воено командување. Македонските емигранти, бивши македонски револуционери, со голема готовност се одзваа на поканата да учествуваат во војната против Турција. Бројот на емигрантите-Македонци и Бугари од Тракија приближно изнесува (според Д'рвингов, том.1, стр.48) околу 35.000 до 40.000 луѓе, повеќето мажи од разни возрасти, способни за воена служба. За илустрација на расположението, готовноста и загреаноста на оваа емиграција, ќе го споменеме отчетот на Времената македоно-одринска комисија во град Силистра за нејзината

работа од 18 септември 1912 година до 10 јуни 1913 година. Комисијата запишала 70 доброволци, собрала прилична сума пари не само од Силистра, но и од жителите на град Калафат (Романија). Сумата била употребена за опрема, прехрана и патни трошоци на испратените доброволци.*33

Обично доброволците се запишуваат при месните македоно-одрински братства и потоа се примаат во ополчението. Во Софија оваа работа се вршеше од Исполнителниот комитет на македоно-одринските братства, а подоцна од специјална комисија.*34 Исполнителниот комитет фактички беше претворен во орган на штабот на македоно-одринското ополчение и по ваков начин играше улога на месна воена установа, нешто како штаб на дивизиска област.*35 До исполнителниот македоно-одрински комитет се испраќаат секојдневно голем број телеграми со кои се изразува готовност за учество во војната. Од 17 до 24 септември 1912 година постојано се праќаат телеграми од одделни лица (бивши национални борци и војводи) и од македонски братства. Еден граѓанин од град Русе пишува: „Сите Македонци се готови да тргнат, ја очекуваат минутата на тргнувањето". Друг од Пловдив соопштува дека биле готови да заминат 80 души. Бившиот војвода М. Батков соопштува дека 500 македонски емигранти од Бургас сакаат да учествуваат во престојната војна. Македоно-одринскиот комитет во Варна донесува дека располага со луѓе „до тој момент 3.300 души". Се соопштува за бројот на Македонците доброволци: од Стара Загора 120 лица, од Плевен 200, Добрич 50, Русе 200, Видин 200, Дупница 250, Трново 160, Свиштов 60, Враца 125, Пловдив 400 итн. Покрај соопштението за бројот на пријавените доброволци, во писмата и телеграмите се бара облека, оружје, парични средства и др...*36

Освен македонската емиграција, во Бугарија изјавуваат готовност да учествуваат во војната против Турција и голем број македонски иселеници во Русија, Романија, Унгарија и Америка. Освен македонските иселеници во Бугарија, Србија и Грција најжив интерес и одзивчивост покажаа оние од Америка и Романија, бидејќи првите беа организирани во свои друштва и заемно-спомагателни братства, а вторите поради својата близост. Нивното нетрпение што поскоро да се најдат со оружје в рака против вековниот потисник — Турција, се гледа и од многубројните телеграми и писма, испратени од Америка. Дел од нив се објавени во книгата на Д'рвингов.*37

Македоно-одринската организација „Гранити — Сити", од штатот Сен Луис, Мисури, со телеграма од 26.1Х.1912 година соопштува лаконски: „Напред! Нашата поткрепа готова". Македонската организација од Америка, со телеграми од 26 и 28, соопштува до Министерството за војната во Бугарија дека сите доброволци се готови и чекаат соопштение за да тргнат на пат. Истото се бара од многу градови на САД, каде што живеат македонски иселеници.

На одредените места за собирање на македонски доброволци се трупаат огромни маси. Од дојдените набрзина се формираат шест дружини: Дебарска (формирана главно само од дебрани), Скопска дружина (составена само од македонски емигранти од Паланечкото, Кратовското, Кумановското и Скопското братство), Солунска дружина (од Штипско, Серско, Драмско, Солунско и Кукушкото братство), Битолска дружина (од Битолско-Прилепско и Тетовското братство), Охридската дружина (1-ва чета од Крушовското братство, 2-ра чета од Костурското, 3-та чета од Охридското и Ресенското и 4-та чета од Охридското и Кичевското братство). На овие дружини, формирани на 26 септември, им се дава следнава нумерација: 1-ва Дебарска, 2-ра Скопска, 3-та Солунска, 4-та Битолска, 5-та Одринска и 6-та Охридска. Подоцна, од дојдените нови доброволци се формираат дружините: 7-ма Кумановска, 8-ма Костурска, 9-та Велешка, 10-та Прилепска (во оваа дружина се наоѓаат и македоно-одрински доброволци од Америка), 11-та Серска дружина, 12-та Лозенградска.*38

Бројот на ополчението во својот полн состав изнесува околу 14.000 луѓе.*39 Снабдувањето на македоно-одринското ополчение со оружје оди бавно поради немање на оружје. Бугарската влада испорачала од Австрија 50.000 пушки система „Манлихер" за ополчението.*40 Пушките пристигнале на 22 — 23 октомври. Сето оружје, со кое се располага дотогаш за обука на ополчението, се состои од 112 карабини „Манлихер", 50 долги „Манлихери", 70 карабини-бердани, 363 пешадиски „бердани", 71 турски „маузерки" и 108улански сабји, добиени од арсеналот на бугарската војска. Првата бригада е вооружена во Лозенград и Баба-Ески на 27, 28 и 29 октомври, а втората и третата бригада на 27 и 28, на станицата Трново Сејмен.*41

Македоно-одринските дружини, составени од поголем дел Македонци, беа испратени на тракиското боиште. Поради нееднаквата подготовка, префрлувањето на бригадите од ополчението се извршува во подолг временски период.*42 Македоно-одринските ополченци придонесоа до голема степен за разбивањето на турските одреди при Крџали, Мастанли,

Ѓумурџина, Деде-Агач, Мерхамла, Ипсала, Кершам, Малгара, Енос, Булаир, Шарќој и др. Особено е важно нивното учество во пленувањето на Енвер-паша. Со цената на многу жртви тие го дадоа својот удел за одбивање на турскиот десант при Шарќој.*43

Засега оскудните извори не даваат можност да се одреди во цифри и во потполност учеството на Македонците во составот на српската војска. Српските четнички одреди што ги потпомагаа воените операции на војската во поголемиот број се состојат од Македонци, особено тоа е сосем вистинито за четите што се формираат на територијата, окупирана од српската војска. Како бугарските, така и српските воени власти се стремеа да го привлечат за помош во воените операции сето машко население од Македонија, од селата и градовите.

На 30 декември 1912 година началник-штабот на врховното командување им наредува на инспекторите на полициските одделенија при врховната команда да се изврши попис на младинците од „новоосвоените територии од нашата војска". Се собираат податоци за бројот на момчињата од 20—25 годишна возраст.*44 Но, без оглед на воено-административните мерки што се преземени во тој однос, не биле ретки случаите на доброволно пријавување на млади луѓе. Обично тие влегуваат во составот на четите и по тој начин активно се вклучуваат во ослободителната акција на сојузничките војски.

Во време на воените операции, четите беа определени по следниов начин: 1) Преку Вардар. Таму беа две чети под командата на поручникот Милан Ѓугиќ, со цел да се вознемирува позадината на непријателот, специјално во Прилепско. 2) На главното боиште. Имаше 3 одреда: Лапски, под команда на капетан В. Танкосиќ, Лисички, под командата на капетан Д. Секулиќ, и Гилански, под командата на капетан Божин Симиќ.

Лапскиот четнички одред, под командата на Војислав Танкосиќ, кој дејствува со Моравската девизија, II позив, спомогнува за заземање на позицијата на караулата Репоња — М'рдаре-караулот Васиљевац, од позадината на самата гранична линија.*45 Заземањето и рушењето на турските караули се врши од комитските чети со помошта на рачни бомби.*46 Тоа станува на 4, 5 и 6 октомври. На 7 октомври четата на Војин Поповиќ дејствува меѓу Дринската и Дунавската дивизија против левото крило и флангот на непријателот при Старец и поддржува врска меѓу обете дивизии.*47

Српските чети ја минуваат границата пред навлегувањето на регуларните војски, две недели пред објавувањето на војната (5 октомври). Српските чети беа распоредени низ целиот Козјак и беа дигнати сите македонски села против Турците. Четите земаа учество во борбите заедно со редовната војска во големата битка на Куманово (каде загинува војводата Доксим Михајловиќ, родум од Галичник), пред Прилеп, на Косово и Битола,*48 Јован Бабунски учествува со своите четници во двете Балкански војни.

Посебна задача му се доделува на Василија Трбиќ, кој како српски агитатор, организатор и војвода, во текот на повеќе години, имаше врски и влијание во Велешко и Прилепско. Уште пред започнувањето на воените операции од страна на сојузните војски, на Трбиќ му се поставува задача да го оспособи патот меѓу село Богомила и Прилепското Поле за премин на српската артилерија во правец на Битола. Тој ги оневозможува турските месни власти да собираат резервисти од месните села каде што дејствува четата на Трбиќ. Тој редовно ги известува командантите на српските единици за бројот, вооружувањето, движењето и концентрацијата на противничката војска во Велешко. По поразот на турските воени сили кај Куманово, 200 лица, на чело со Трбиќ, сите мобилизирани од македонските села, ја зафаќаат височината Мукос на Бабуна. Тие си пробиваат пат по реката Бабуна, за да можат српските единици да минат преку Богомила за Прилепско Поле. На Бабуна се собираат четите на Трбиќ и Воин Поповиќ-Вуин, кои до пристигањето на авангардата на српската војска го држат целиот гребен на Бабуна. На 21 октомври четите под команда на Воин Поповиќ и Трбиќ, потпомагани од IV баталјон, XVI полк на Моравската дивизија, удираат на турските позиции на Мукос. Нападот е извршен при следното распределување: десното крило го води Трбиќ а левото — војводата Спас Гарда, родум од Кривопаланечката каза. Во центарот е Воин Поповиќ, а зад него — IV баталјон на XVI полк. Во помош притечува Моравската дивизија и IV коњички полк. Тука загинува Спас Гарда. По оваа битка, Трбиќ со својата чета дејствува во Прилепското Поле.*49

Уште во почетокот на Балканската војна македонските, бугарските и српските чети дејствуваат во спогодба, заеднички, беа во активна врска и ги потпомагаа сојузничките војски за успешно изведување на воените операции.

Не беше помала улогата и на грчките андартски чети, во кои основната четничка маса се состоеше од Македонци од Егејска Македонија.*50 Ќе ја споменеме само формираната од

месното население од Кожанско и град Кожане „Света чета" уште пред влегувањето на регуларните војски во градот.*51 Оваа чета, предводувана од адвокатот Чичеликис, ја придружува грчката војска до Солун.*52

Каравија во спомнатата книга (стр.27) пишува дека пред влегувањето на грчката војска востанал и градот Сијатиста под раководство на Никола Стракале. Доброволци се собирале и од областа на село Конско*53 и село Царушино,*54 каде што имало складови со оружје.

Со ликвидирањето на воената сила на Турција во Македонија и Тракија и окупацијата на земјата од српските, грчките и бугарските војски, односот меѓу сојузниците, дејствувајќи заеднички или во позадината на сојузничките војски, ги олеснуваа операциите на сојузниците, ја чуваа позадината и вршеа известителна служба во интерес на сојузничкото командување. За правилна ориентација на теренот, особено корисно беше познавањето на сите места од страна на четниците и водачите на чети, кои поради своето многугодишно четување во Македонија беа одлично запознаени со теренот. Веднаш по сломот на непријателот, работата на овие чети беше завршена. Улогата на бугарските чети сѐ повеќе се одвиваше по линијата на заштита на бугарските интереси во областите окупирани од српската и грчката војска. Тоа предизвика груба недоверба и отворено незадоволство од страна на воените и административни органи од овие области.*55 На 5 декември 1912 година падна и едно од упориштата на Турците во Југозападна Македонија — Корча.*56 Со тоа положбата на бугарските чети во Костурско и Леринско почна да се отежнува. Нивното натамошно останување криеше опасност од заострување на односите меѓу Бугарија и Грција. Грчкото главно командување презеде и некои подрастични мерки. Тоа се гледа од службеното писмо на командантот на град Негуш, под.бр.1659, од 14 декември 1912 год., со кое го известува командантот на I дивизија дека на командантот на Еници-Вардар му наредил да биде уништена една бугарска комитска група од 40 души.*56а Повеќето чети се повлекоа. По завршувањето на борбите при Битола, останувањето на бугарските чети во областите окупирани од српската војска исто така не создаваше поволни услови за добри односи меѓу Бугарија и Србија. На 12 ноември 1912 година началникот на Велешка околија и на град Велес издаде заповед со која на сите комитети им се наредува да го напуштат Велес во рок од 24 часа. Врховната команда на српската војска, врз основа на собрани податоци од воената полиција, установила дека „по наредба на бугарската влада во Серес бил одржан комитетски собир на кој е

решено да се почне со четничка акција против Србија во Македонија". За претседател на одборот што ќе ја раководел ова акција бил избран „познатиот вагабонд Крапчев"*57. Според решението, земено на соборот, четите требало да се формираат во состав од 80 лица. Од Дојранско тргнала четата на Алексо Демирхисарски, „на број 70 лица". Освен тоа, во окупираната од српската војска територија се растураат прогласи (позиви), издадени од Македонскиот комитет во Софија, со кои се апелира кон населението да се дигне на востание против Србите. Началник-штабот на врховната команда добива извештај дека „бугарскиот македонски комитет организира тајни четнички одреди што ќе ги испрати во Битола, Охрид, Велес и Прилеп, за да ја спречуваат работата на нашите војници". Четничкиот одред, наменет за Битола, веќе дејствувал и биле убиени три српски војника. Штабот на Врховната команда му дава инструкции на командантот на Втора армија за мерките што треба да ги преземе за парирање дејноста на бугарските чети. Се преземаат строги мерки за проверка на патниците што доаѓаат од Бугарија и краиштата што ги држи бугарската војска, на железничките станици во Ристовац, Куманово, Скопје, Велес, Криволак, Гевгелија и Битола. Се поставуваат специјални стражи под команда на офицери. Сите сомнителни лица, без оглед на тоа дали се снабдени со редовен пасош, се предаваат на полициските власти. Во инструктивната наредба од началник-штабот на Врховната команда особено се обрнува внимание на мерките што се земаат против четите: Бугарските комитски чети и нивните јатаци, кои ги примаат, прикриваат и потпомагаат, да се апсат и со нив да се постапи согласно законот за разбојниците. Секоја комитска чета што ќе се појави каде и да било на „српска територија" — да се уништува. За таа цел да се употребуваат и српските месни чети. Да се следи и контролира работата на бугарските попови и учители, како и да се внимава на разните состаноци, собранија и собири, без оглед на тоа дали се дозволени.*58

При ваквата положба еден дел од четите минуваат на бугарска територија, а другите, што се задржуваат во своите реони, минуваат во илегалност.*59 Повеќето чети се концентрираат во областа на Мраморно Море каде што се реорганизираат и влегуваат во дружините на македоноодринското ополчение. Веднаш по паѓањето на Одрин и склучувањето на примирието со Турците, започнува префрлувањето на бугарските воени единици во Македонија.*60 Одново се пристапува кон формирање на нови и возобновување на старите известителни пунктови, но за разлика од порано сега тие имаат задача да работат не против Турција, а против сојузниците. Се

засили и четничкото движење по десниот брег на Вардар и Брегалница. По заповед на Главниот штаб на бугарската војска, во почетокот на месец мај 1913 година штабот на македоно-одринското ополчение добива задача да организира „најактивно и постојано набљудување" во смисла што вршат Грците и Србите во окупираните од нив македонски територии, како се распределени нивните војски, правецот на нивното движење, позициите, какви се нивните намери итн...*61 Полковникот Александар Протогеров, кому што беше поставена оваа задача, на 9 мај 1913 година, заедно со 200 лица изведени од составот на македоноодринските дружини, сè бивши четници и војводи, заминува за Македонија да го спроведе планот, сходно заповедта на Главниот штаб на бугарската војска. Спрема овој план се создаваат мали чети за да им укажуваат поддршка на месните чети и да организираат известителни служби. Покрај постојните веќе известителни пунктови во Кукуш, Дојран, Струмица, Радовиш, Штип и Кочани, се организирани и нови.*62 За началници на известителните пунктови се назначени Ѓорѓи Мончев — Кукуш, Аргир Манасиев — Дојран, Христо Чернопеев — Струмица, Д. Нетков — Радовиш, Тодор Александров — Штип и Захари Новев — Кочани.*63 Службата на овие известителни пунктови се одвива сходно една инструкција изработена од полковникот Александар Протогеров. Четите во териториите окупирани од Србите и Грците се распределени по реони.*64

Штабот на ополчението издава секојдневен билтен со податоци за состојбата на српската војска. Билтенот се испраќа до сите единици на ополчението, како и до соседните воени бугарски единици.*65 Известителната служба ја користи четничката мрежа, распространета низ цела Македонија. На располагање се војводи и четници, како и дејци од десницата и левицата на ВМРО и од врховистите. Сите способни за ваква дејност луѓе од Македонија се вклучени во известителниот апарат. Во месеците мај и јуни, во предвечерието на нападот од страна на бугарската војска на Брегалница, активноста на овие служби е многу засилена.

Единиците на Македоно-одринското ополчение го завршуваат своето движење неколку дена пред започнување на војната. Според едно шифровано писмо од 13 јануари 1913 година, испратено од Куманово, од Врховното командување на српската војска во Скопје „целокупната бугарска доброволска дружина, составена од Македонци и Старосрбијанци, која дејствуваше на Мраморно Море, ќе тргне околу 20 април за овие краеви. По десетдневен марш стигнала во град Ѓумурџина на одмор и, според предвидувањата на самите војници, ќе продолжи за Кукуш, Серес

и Штип". Горните податоци се земени од приватни писма, испраќани од одделни припадници на ополчението до своите роднини во Куманово. Писмата биле со датум од 3 март 1913 година.*66 Подоцна, со пов. писмо бр.1815, од 23 април 1913 година, Министерството на надворешни работи од Белград соопштува до Врховната команда на српската војска во Скопје за намерите на бугарската команда да се послужи со македоно-одринското ополчение за напад на српската војска во Македонија. (Според извештајот на српското кралско пратеништво во Софија од 20 март). Во овој дел од писмото дословно се подвлекува: „Македонците-доброволци, кои сега се наоѓаат околу Булаир и Чаталџа, ќе удрат на фронтот што сега го држи српската војска во Македонија и по тој начин ќе успеат да ја ослободат Македонија од српската војска. При сè што сето тоа е несериозно и невозможно, пратеништвото сепак смета за потребно да го запознае Кралското министерство со овие гласови. Кога станува збор за македонските доброволци, пратеништвото има чест, во врска со поранешните извештаи, да го извести Кралското министерство дека од 13.000 Македонци од сите краишта на Македонија, што Бугарија ги зеде во време на мобилизацијата, останале само уште 7000 лица, поделени во две бригади под командата на Протогеров, потполковник, и мајорот Д'рвингов. Поради тоа што Бугарите во време на војната не ги штедеа ни најмалку, овие 7.000 што останале се наоѓаат во лоша здравствена состојба.*67

Составот на ополчението, покажан во цифри, се состои од 15 дружини, 12 батерии,*68 2 митралески чети, една пионерска чета, 1 техничко одделение, 1/2 ескадрон пешадија и коњичка жандармерија и сите позадински служби. Неговата сила се изразува во повеќе од 10.000 пушки, 8 митралези, 54 орудија со 22.317 артилериски гранати и 2.279.120 куршуми.*69

Превозот на ополчението од станицата Ѓумурџина до Демир Хисар се врши по железницата, а натамошното движење од Демир Хисар преку Петрич, Струмица, Радовиш, Штип од Кочани станува пешки.*70 Ополчението се вклучува во составот на IV армија и зафаќа излезна позиција околу Кочани, а штабот на ополчението останува во град Кочани.*71

Додека македонските доброволци во војната против Турција учествуваа со голема одушевеност, бидејќи се однесуваше за ослободување на нивната родна земја, испраќањето на ополчението кон новите позиции против сојузниците создаваше нерасположение и револт среде нив. Тоа се гледа и од некои документи, објавени во вториот том на Д'рвинговата „Историја на

македоно-одринското ополчение". На 8 јуни 1913 година Штабот на ополчението го добива соопштението на началник-штабот на IV армија полковник Икономов „дека политичките околности можат да се развијат така, што во скоро време да се откријат воени акции". Два дена подоцна се соопштува сосем одредено дека „спорните прашања ќе се решат како што сака бугарската влада, или војната е неизбежна". Бидејќи војната се смета за неодложна, на Штабот на ополчението му се наредува да проучи добро „дали може да се смета на духот на ополченските единци" за успешно спроведување на операциите. Макар што командантот на IV армија добива позитивен одговор за готовноста на ополчението за „секакви настапувачки акции"*72, Д'рвингов резонира дека за психолошката подготовка на бугарскиот војник да биде способен да се бие со Србите и Грците не е сторено ништо. Додека биле на позициите кај Чаталџа, воопшто било „опасно да им се сугерира на војниците оти им претстои војна и со сојузниците". Потребно било многу време за „морална подготовка на војската". За психичката подготовка на војниците се издадени две инструкции: едната од командантот на IV одделена армија генерал-мајор Ковачев, од 1 јуни 1913 година, во Радовиш, и другата од помошник главниот командант на бугарската армија генерал-лејтнант Савов, во која се укажува на тоа како да им се објасни на војниците зошто „досегашните наши сојузници се претворуваат во наши непријатели"*73. Во груб шовинистички тон се врши подготовката за напад против сојузниците. Но, фразите за „вероломството на досегашните сојузници" не се во состојба да го подигнат духот на војската. Во војската се слушаат гласови на протест и сред војничките редови се водат проповеди за непотчинетост.*74 За македоно-одринското ополчение, составено од Македонци, Грците и особено Србите требаше да бидат претставени како „вечни непријатели" и тоа не од „моментот кога започна војната со Турците, туку децении порано"*75. Офанзивниот напад на бугарската војска за завладување на Западна Тракија и Македонија во широк фронт и за истовремен удар и уништување на грчката и српската војска, отпочна на 17 јуни 1913 година.*76 Сходно со општиот план, Македоно-одринското ополчение е распоредено од сртот Китка до планината Слогоевица, со предни делови под сртот: Царев врв — Камена Чешма, Ретки буки — и на Зеленградска планина.*77 Македоноодринското ополчение го заседе врвот Китка и стигна до врвот Чатал-Чешма, 8 километра јужно од Крива Паланка. Таму е запрено од III полк на Моравската дивизија, II позив и 8 и 18 полкови на Дунавската дивизија, I позив. Положбата на деветте дружини на ополчението со 6 батерии

станува тешка и тие се принудени да отстапат од Чатал-Чешма.*78 Македоно-одринското ополчение, заедно со останатите единици, на 23 јуни отстапува на исток кај Доленци, под притисокот на српската војска. Положбата на бугарската војска станува неодржлива. На 25 јуни 1913 година српските војски ја минуваат Брегалница и го заземаат градот Штип. Македоно-одринското ополчение е растроено, војниците деморализирани, и, како што пишува Д'рвнигов, „како некој темен инстинкт ја потскажуваше бескорисноста на борбата и го кочеше секој стремеж за битка и секој полет на духот кон иницијатива"*79.

Во денот на започнувањето на воените операции меѓу Бугарија и нејзините бивши сојузници, голем дел од месните бугарски реонски чети се веќе во Македонија. Во Тиквешко е четата на Тодор Стојанов, во Мариовско на Странџата, во Гевгелиско на Ичко Димитров и К. Хр. Попето, во Велешко П. Каранфиловиќ, во Скопско — В. Мандарчев, во Солунско — Атанас Николов, во Западна Македонија — В. Џонето, Ставре Димитров, Стефан Оџата и др.*80 Всушност, одделните чети испратени од Бугарија се движат по разни места во окупираните од Србија и Грците територии. Тие ја вршат својата служба во полза на Главниот штаб на бугарската армија, против воено-стратешката и административно-управната дејност на Србија и Грција.

За дејноста на четите во Македонија, покрај многубројните бугарски извори, говорат и некои документи од српска страна. На 4 март 1913 година една циркуларна шифрована телеграма од Белград, потпишана од Никола Пашиќ, известува дека во „во Бугарија постои тајна организација за уфрлување на чети во краевите окупирани од српската војска, а за кои Бугарија има претензии, каде што се убиваат претставниците на српските власти"*81. На 25 април 1913 година Министерството на надворешните работи, со писмо дов. број 1815 ѝ соопштува на Врховната команда на српската војска во Куманово дека некои македонски кругови во Софија ќе го организирале населението од околиите на Дебар и Крива Паланка и ќе го подигале на отпор против српската војска.*82 Некои административни органи на српската власт во Македонија во своите извештаи до претпоставените изнесуваат ред податоци за дејноста на „бугарските комити". Околискиот началник на Св.Николе К. Костиќ, во своето доверливо писмо до окружниот началник во Куманово од 3 март 1913 година, меѓу другото соопштува: „Бугарските власти преку свои агитатори го наговараат, а и го бунат народот во својата околија да не ја признава нашата власт и да не плаќа општински даноци, бидејќи оваа област ќе биде нивна."*83 Неготинскиот

околиски началник донесува до надлежно место во Кавадарскиот округ*84 дека бугарскиот началник во Штип не ги признава органите на власта, поставени од Србите. За пољаци биле назначувани „бугарските комити", чија што цел била да агитираат и заплашуваат со убиства и да не ја признаваат српската власт. За ваква дејност во село Конче бил фатен познатиот врховистички војвода Христо Симеонов,*85 познат во Лакавица под името „капетан Симеонов", кој вршел субверзивна дејност во позадината на српските војски.*86 Околискиот началник во Велес собрал повеќе податоци за дејноста на бугарските војводи и четници, кои, покрај својата терористичко-агитациона работа, го преследувале, убивале и пљачкале мухамеданското население.*87 Во писмениот извештај на писарот Глигор П.Дракаловиќ се изнесуваат податоци за масовно насилно покрстување на мухамедани во селата на Малеш и Берово.*88 Во интерес на сигурноста на териториите, окупирани од српската војска, Врховната команда презема низа мерки за чистење теренот од бугарските чети. Штабот на I армија донесува со О.бр.2703 од 6 јуни 1913 година, дека на 2 километра од Злетово се судриле со една бугарска чета. Четата била вратена преку реката. Другиот ден пак кај Злетово загинале 11 бугарски комити, заедно со војводата Славко, родум од Злетово.*89 Во првите денови од започнувањето на воените операции во Македонија бугарските чети, сходно одредениот план, започнуваат акции во соработка со бугарската војска.*90

Воените неуспеси на бугарската војска ги поставува четите во мошне неодредена ситуација. На 28 и 29 јуни во јужниот крај на Тиквешко, при Конопица и Чемерско, се собираат сите чети што се наоѓаат меѓу реката Вардар, Црна и Кожув, на број околу 500 души. Војводите се советуваат дали да се повлечат кон бугарската армија, или да заминат секоја за своите реони. Се решава четите да заминат во своите реони. Четите на Васил Чакаларов, Јован Попов, Коста Олицки, Христо Цветков, Тр. Желевски, Г. Кужинчев, Пандо Сидов, Никола Кратев, Тома Желенски и други се насочуваат кон Костурско и Леринско. Четите на Павле Христов, Петар Чаулев, Методија Стојчев, Алексо Демирхисарски, Смиле Охридски и други — за Битолско, Крушевско, Охридско и Кичевско. Четите на Милан Ѓурлуков, Иван Ѓуров и други — во Мариовско, а четите на Ѓакон Евстати, Григор Џинџифилов, Марко Иванов и други — во Кожув, Гевгелиско и Беласица. Вака распрскани, четите престануваат да имаат некакво воено значење*91 за бугарското командување. Тие попаѓаат под ударот на српските воени единици и нивните чети. Инспекторот

на полицијата при Врховниот штаб на српската војска во Скопје, во П. број 4668, од 10јули 1913година, до оперативното одделение на Врховната команда соопштува, врз основа раскажувањето на фатените четници, дека по поразот на бугарската војска во Мариово дошле следниве чети: на Петар Чаулев со 22 четници, на Милан Матов со 20 четници, на Милан Ѓурлуков со 15, на Чакаларов и Попов со 45 четници, на Глигор со 7 четници. Чалев бил одреден за Охридскиот крај, Стојчев за Крушовско, Ѓурлуков за Прилепско, Чакаларов и Попов за Леринско и Костурско, а Глигор за Воденско. Овие чети не мислеле да се задржуваат во тие краишта, но имале намера да се префрлат во Албанија. Чакаларов и Попов се судриле со грчка војска во близината на Баница. Според извештајот на горните власти, четата на Матов била потполно разбиена.

Не располагаме со доволно податоци, за да го истакнеме точно размерот, бројот и ефикасноста на акциите што ги презело српското воено командување и српските чети против бугарското четничко движење во територијата окупирана од српските војски.*92 Од неколкуте документи што ги имаме на располагање на рака може да се создаде сосем неполна претстава за тоа. Како што ни е познато, Штабот на врховното командување презема мерки за прогонување и уништување на четите на територијата, контролирана од српската воена и од административна власт во Македонија. Со една специјална наредба од 17 јуни 1913 година, издадена од Врховната команда со потпис на војвода Путник, на Василија Трбиќ му се наредува да ги мобилизира сите четници на територијата десно од Вардар, а Трбиќ се поставува за командант на Вардарскиот одред, со задача да оперира на десната страна на Вардар, од Градско до Гевгелија, и теренот да го очисти од непријателот. Трбиќ собрал околу 200 души од Велешка и Прилепска околија (од селата Стровија, Гостиражни, Слепче, Дреновци и Небрегово) што биле добро вооружени со брзострелни пушки, делумично и со турски, и се собрале во Браилово и Теово. Во тој состав бил и војводата Јован Бабунски. Трбиќ минал со велешката група преку Владиловци, Попадија, Подлес и Ораовец. Прилепската група, под војводството на Бошко Виријанец, се спуштила преку Прилеп (преку Присад и Плетвар) на Црна Река. Групите се собрале при мостот на Црна Река кај селото Возарци, каде што бил оставен еден одред да го чува мостот. Останатите, под командата на Трбиќ, притечуваат на помош на едно одделение српска војска против една од бугарската коњица што успеала да влезе во Кавадарци. Бугарите биле натерани да отстапат преку Вардар.

Трбиќ во своите мемоари го одбележува интересниот факт дека една група Турци, на број 20 души, под командата на некојси Јахја, се ставила на располагање на Трбиќ. Окружниот началник на Кавадарци, Николиќ, кој привремено го напуштил градот и се наоѓал во село Долно Чичево, му доверил на Јахја да состави чета од Турците на селата Чичево, Водоврати и останатите турски села. Јахја вооружил околу 250 Турци и, на пат да се приклучи кон четниците на Трбиќ, го запалил и опљачкал селото Шишец. Оваа група Трбиќ ја разоружал и наредил на секого да му се удри по 50 стапа. Василија Трбиќ се упатил преку селото Ваташа и планинската рамнина Витачево и стигнал во околината на изворот на река Бошава. Кон него се присоединиле Јован Бабунски, Јован Долгач и уште некои други, заедно со уште 200 четници. Со здружени сили ги гонеле и прогонувале преку Вардар бугарските четници, кои биле облечени во бугарски воени униформи. Трбиќ од Демир Капија продолжил под Кожув и преку село Серменин слегол во Гевгелиска рамнина, извршил претрес во село Коњух и влегол во Гевгелија. Останатото време се движел во Демиркаписко, каде што помагал за востановување на редовна власт.*93

Изнесените дотука факти нè наведуваат на очигледната констатација дека македонските емигранти и голем дел од македонското население, вовлечени во војната против Турција и особено во хегемонистичката меѓусојузничка војна, беа поставени во трагичната ситуација да бидат употребувани за постигнување на цели туѓи на стварните стремежи и идеали за слобода и национална независност на македонскиот народ. Наместо тоа, тие беа поставени во положба заемно да се истребуваат како четници и војници во бугарските, српските и грчките чети и воени единици за себичните интереси на балканските завојувачи и за фактичкото национално поробување на македонскиот народ.

Употребувањето на Турци и Албанци во составот на српските чети и во доброволечките единици станува по наредба на Врховното командување, користејќи го расположението на месното муслиманско население против бугарските чети и војска кои вршеле зулуми над мирното муслиманско население. По наредба на Врховниот штаб биле формирани 4 баталјона доброволци од бивши четници, од Турци и Арнаути: I баталјон од Скопски и Кумановски округ, II баталјон од Приштинскиот и Призренскиот, Новопазарскиот и Плевланскиот округ, III баталјон од Кавадарски и Битолски округ и IV баталјон од Тетовски и Дебарски округ. Се одредува привремено седиште за I баталјон во Свети Николе, за II баталјон — Приштина, за III баталјон —

Гевгелија и за IV баталјон Неготин на Вардар.*94 Новоформираниот доброволечки полк во Скопје бил ставен на располагање на командантот на I армија и влегувал во составот на Моравската дивизија, II позив.*95

Кон крајот на месец јуни се формираат уште две доброволечки чети под командата на Јаким Буковиќ-Бараклија, бивш четнички војвода, и Велимир Ковачевиќ, капетан II класа.*96

Штабот на врховното командување со О.бр.7722, од 21 јули 1913 година, му наредува на месниот командант на град Прилеп да собере чети од град Битола, Крушово и Кичево и со ескадронот и батеријата од Битола да се формира одред и да се тргне веднаш кон Кавадарци и Криволак, со цел да се удри на „бугарските комити" што се појавиле во селата Арџево, Тремник и други села околу Вардар и Криволак.*97 Бидејќи бугарските чети ги прошируваат своите акции едновремено во териториите окупирани од српските и грчките војски, се постигнала спогодба меѓу штабовите на српската и грчката војска за спречување нападот на бугарските комитски чети. Штабот на Врховното командување, со писмо бр.4381, од 23 јули 1913 година до оперативното одделение на Врховната команда, соопштува за спогодбата, спрема која Грците ќе испратат 200 војници против бугарските комити што се наоѓаат во Мариово. Оперативното одделение, од своја страна, соопштува дека стапила во врска со грчката војска во Лерин за истата цел.*98 Штабот на Врховното командување дава на знаење за преземањето нужни мерки против бугарските чети, на број околу 400 души, што се наоѓале во селото Гарван, како и други чети расположени во Рожден и Чемерско. Во тоа време српските чети се наоѓале во Велешко. Четата на Јован Бабунски, на број 250 души, составени од месни селани, се наоѓала помеѓу Клепа и Вардар, јужно од Велес.*99 Извештајот на Бабунски содржи податоци за движењето и акциите на бугарските чети, за формирањето на бугарската управа во Кавадарци, како и за успешните борби против бугарските чети. Во извештајот се изнесува дека една бугарска чета од 60 души, предводувана од Милан Ѓурлуков, ја минала реката Вардар кај Демир Капија, настапувајќи во правец на Кавадарци. Четата по патот собирала вооружени селани на кои им се придружил и војводата Ванчо од Ваташа. Се собрала вооружена група од 1000 души што го зазела Кавадарци и започнала да ги опожарува околните села. Српските чети, предводувани од Јован Бабунски и Василија Трбиќ, се судриле на самиот брег на реката Црна со една бугарска чета од 250 души која се разбегала во правец на Мариово.

Оставени без единствено раководство, без меѓусебна поврзаност, бугарските чети станувaат лесен објект за напад од српските чети и војската. Инспекторот на полицијата при Врховниот штаб во Скопје соопштува, дека на 6 јули 1913 година во село Мјана бил прогонет од војската Милан Матов со една чета од 18 души. Според извештаите на општинските власти во Добрушево, воената посада во Маково отпочнала сериозно гонење на бугарските чети. Четата на Чаулев се наоѓала во постојано преселување. Таа имала намера да се префрли во Албанија.*100 Четата на Милан Матов била разбиена.*101 Помошник-началник на штабот на Врховната команда наредува до инспекторот на полицијата при Врховната команда, со П.бр.9181 од 19јули 1913 година, да го очисти Мариово од бугарските чети што се наоѓаат во Мариовската планина, во близината на Давидово Мировче, да се испрати потера и да се претресе целата област на Мариовската планина меѓу Вардар, Црна и грчката граница, во спогодба со началниците на Кавадарскиот и Битолскиот округ. Му се наредува на дополнителниот баталјон од 19 полк, I позив, да остане на своето место „додека овој крај наполно не се чисти од разбојниците"*102. Штабот на Врховното командување секојдневно му соопштува или наредува на оперативното одделение за движењето на противничките чети или за преземање оперативни мерки за нивното чистење.*103 Една шифрирана телеграма од командантот на Битолскиот округ, полковник Ѓорѓевиќ, до Врховниот штаб донесува дека војводата Иван Попов со двајца комити се предал на претстражата на дополнителниот баталјон од II пешадиски полк и бил испратен во Битола.*104 Одделени, изолирани и осамени чети се задржуваат подолго време во разни краишта на Македонија, но се принудени да се кријат од засилените српски и грчки потери. Може да се рече дека со ликвидирањето на воените сили на Бугарија, со нејзината капитулација на бојното поле, четите се распрснуваат и голем дел војводи и четници се префрлуваат на бугарската територија.

Бугарските, грчките и српските чети во војната на сојузниците против Турција направија мошне голема услуга за олеснување и успешно изведување на бојните операции на трите сојузнички војски против Турција. Но истите четнички формации во меѓусојузничката војна беа орудие на трите балкански држави во нивната меѓусебна борба за освојување на Македонија.

Една од причините за поразот на бугарската војска во меѓусојузничката војна,*105 што треба да се истакне овде, е и нерасположението на основната маса во војската да се бие со своите довчерашни сојузници. Бугарските војници всушност беа изразители на движењето против

завојувачката политика на бугарската влада и на цар Фердинанд. Револтот против префрлувањето на војската од тракиското боиште во Македонија*106 дојде до израз уште на 25 мај 1913 година во редовите на бугарскиот 33-ти пешадиски полк. Возбудените војнички маси истапиле пред офицерите, изјавувајќи дека не сакаат да војуваат со Србија, дека за два-три града во Македонија не заслужува да се лее крв, дека сите си го исполниле својот долг во војната против Турција, дека нивните жени и деца гладуваат, а писмата испраќани од нив се кинат и уништуваат, дека треба да се демобилизираат, итн. Тие се противат на заповедите за покрет кон Македонија, дигајќи ги паролите: „Долу раниците!" „Нема да одиме напред!" „Не сакаме да војуваме!" Незадовоството преминува во 34-ти пешадиски полк. Според податоците од командантите на 33-ти и 34-ти пешадиски полкови, незадоволни биле 25—30% од војниците, подофицерите и фелдфебелите на овие полкови.*107 За ширење на тоа незадоволство во војската до голема степен придонесе засилената пропаганда на бугарските социјал-демократи, кои според признавањето и на самото воено раководство, биле доста многу во војската.*108 Побуни се јавиле и во редовите на 4-та армија во чиј состав беше и Македоно-одринското ополчение. Таму деморализацијата се потсилила и поради тоа што се појавила колера. Приличен број борци од ополчението станале жртви на оваа епидемија. Д'рвингов, кој инаку е доста воздржлив при давањето на повеќе податоци за конкретната ситуација во ополчението, во врска со немирите во војската сепак дава една карактеристична општа слика: „Деморализацијата се појави како епидемија и некои од единиците како што беше случајот со 22-ри Тракиски полк, беа во формален бунт. Војниците, раководени од темни личности, се беа подале на опасни агитации и секоја морална врска меѓу нив и офицерите беше совршено скината."*109

Помошник главниот командант на бугарската армија генерал-лајтенант Савов, во својата заповед за ликвидирање на бунтовите во војската, причините за тоа ги наоѓа во постоењето на тајни организации „што си поставиле за цел да ја деморализираат армијата" и чија што агитација пуштила длабоки корења „во средината на нашата досега храбра војска". Во одговор на сосем одредените барања од побунетите војници, генерал Савов им поставува сосем туѓи на нивните интереси и барања аргументи, настојувајќи се да ги убеди во неопходноста од остварување на планот за завојување на Македонија. „Дали Бугарија, се вели во заповедта, ќе излезе од оваа војна без Солун и без Македонија, зависи само од тоа, дали армијата ќе биде способна да го

исполни својот долг до крај". Но, сепак Савов нема илузии за ефикасноста на овие патриотски аргументи, а настојува за најстрого накажување на оние што носат „разврат" во редовите на армијата.*110

Во моментов ние немаме на рака податоци за тоа до какви размери се проширило незадоволството во Македоно-одринското ополчение.*111 Д'рвингов во своите два тома не одбележува скоро ништо за оваа појава.

*

*    *

Кон што се стремеа селските и градските маси во Македонија, нашата радикална буржоазија, нашата револуционерно-демократска интелигенција во борбата против феудалните стеги и политичкиот деспотизам на турската држава? Уште во децениите на преродбата во Македонија, во минатиот век, кога нашата млада буржоазија манифестираше полетност и просперитет, истиснувајќи ги од чаршијата грчките трговски конкуренти и, подоцна, давајќи отпор на експанзивната бугарска буржоазија, чувајќи ги своите сопствени пазари, се формираше и идејата за посебната индивидуалност на Македонците. Идејните изразители на тоа што станувашe во нашиот општествено-економски развиток, во одредените околности и услови, беа македонските интелектуалци — македонистите или сепаратистите. Тие не само што ја прифатија тенденцијата на овој развиток, туку станаа упорни носители и популаризатори на идејата за македонската национална индивидуалност.

Практичната дејност на интелектуалната група околу списанието „Лоза"" (1892 г.), на чело со Петар Поп Арсов, се сведуваше до сосем смислена борба за одбрана на македонската самостојност и нејзиниот развиток од странските националистички пропаганди во кое се одразуваа хегемонистичките тенденции на балканските држави во однос на Македонија. „Лозарите" ја истакнаа потребата од систематска револуционерна борба на македонскиот народ. Еден од откривачите и изразувачите на развојната тенденција во македонската реалност од тоа време, познатиот македонски патриот Крсте Мисирков од село Постол, Ениџе вардарско, како

филолог даваше нужна аргументација за постоењето на македонската националност, истакнувајќи го пред сè јазикот како еден од основните обележја на нацијата. Тој отворено ја проповедаше македонската националност што постои како сосем различна од бугарската и српската нација. Неговата книга „За македонцките работи", издадена во 1903 година, е документ од несомнена важност за развитокот на македонската култура и посебно на македонскиот литературен јазик. Нашите интелектуалци од тоа време, школувани во српски и бугарски училишта и универзитети, ги беа запознале вистинските аспирации на владите од балканските земји во Македонија. Уште тогаш тие ја сфаќаа потребата македонскиот народ сам да ја извојува својата слобода, за да го спречи дележот на Македонија што би настанал во резултат на една воена интервенција за „ослободување на Македонија" од страна на соседните балкански држави: Бугарија, Србија и Грција.

Во 1902 година идејата за одделна македонска народност беше пропагирана и надвор од Македонија, во културниот и политичкиот центар во Русија - Петроград, од словенското научно литературно друштво „Св.Климент". Двигатели на друштвото беа студентите на Петроградскиот универзитет Димитрија Чуповски од село Папрадиште  Велешко, д-р Гаврил Константинович од село Смрдеш, Костурско, Крсте Мисирков и други. (Подоцна македонската колонија во Петроград, во чија што средина се истакнуваа Чуповски и Константиновиќ, во предвечерието и во текот на балканските војни енергично се залагаа преку печатот и друштвената активност да го спречи империјалистичкото делење на територијата и етничка целина на Македонија). Поставувајќи го прашањето за постоењето на македонскиот народ како посебна нација, преку дискусии, читање на реферати и публицистичка дејност, во условите на тогашната политичка меѓународна и балканска констелација, членовите на Петроградското друштво, претежно студенти, ја разбиструваа македонската свест и чувство кај македонските интелектуалци. Оформувањето на македонско национално чувство се сфаќаше како суштествена потреба во натамошната активност за зачувувањето на посебната индивидуалност на македонскиот народ и осигурување на неговиот непречен културен, политички и стопански развиток како слободен и рамноправен член во балканската заедница на народите. Неподносливата економско-општесвена стварност во Македонија и непостоењето на можност за легална општествена активност за афирмација на национално-политичките стремежи на нашиот народ беа причина прогресивно ориентираната

интелигенција и пособудениот дел на либералната буржоазија да прибегнува кон револуционерниот метод како единствен начин за ослободување на Македонија. Отпрвин во форма на заговорнички кружоци, а подоцна преку широката мрежа на Внатрешната македонска револуционерна организација и нејзината вооружена сила-четите, отпочна широко замислената национал-ослободителна активност. Во член 1 од уставот на ВМРО беа формулирани основните барања на македонското национал-ослободително движење, поставени на широка демократска основа. Внатрешната организација се стремеше кон обединување на сите незадоволни елементи во Македонија и за извојување на полна политичка автономија по пат на револуцијата. Борејќи се за премавнување на шовинистичките пропаганди што го слабеа и разединуваа населението во неговата борба против заедничкиот непријател. Организацијата го подготвуваше народот за општо вооружено востание. Раководните личности на организацијата ја согледуваа завојувачката намера на балканските монархистички влади и го поставуваа прашањето за ослободување на Македонија од турскиот режим како самостојна задача на самите потиснати народни маси. Само по тој пат тие сметаат дека Македонија ќе може да се оттргне од ноктите на поробувачите и во тој однос тие сосем реално и објективно ја оценуваат меѓународната и балканска ситуација што се карактеризираше со антагонизмот на Големите сили за доминација на Блискиот Исток и соперништвото меѓу балканските држави за завладување на териториите од Европска Турција. Тие не можеа да се надеваат и не си правеа илузии дека во лицето на балканските монархии ќе наидат на помош и ослонка за реализирање на целосна автономија или на посебна федерална македонска држава. Ослободувањето и зачувувањето на целоста на Македонија можеше да се изврши, според дејците на ВМРО, само со масовна востаничка борба на народните маси од селата и градовите.

Но не беше само ВМРО што го следеше ослободителниот идеал на македонскиот народ. Кон тоа се стремеа и други групи од средината на нашата револуционерна демократија. Македонските социјалисти уште со првите чекори на своето појавување во Македонија го поставуваа во својата социјалистичка пропаганда прашањето за создавање на сопствена македонска држава,*112 во врска со извршувањето на внатрешната револуција во Турција, постигната со сопствени сили и со помошта што би ја дале другите народи, исто така потиснати од турскиот деспотизам. Во поглавјето „Социјалистите и Балканската војна", на соодветно место

ќе биде истакната улогата на македонските социјалисти во борбата против подготвувањето на Балканската војна.

Основаниот во 1898 година Македонски Таен Револуционерен Комитет што беше близок за сфаќањата и погледите на македонските социјалисти,*112а во својата програма го формулираше барањето за полно одделување од султановата држава во политички и административен однос на Македонија и за најполна независност и широка слобода на населението во оваа земја. Како социјалистите, така и МТРК за реализирањето на оваа цел укажуваа само на едно средство: револуција. Прифаќајќи ги основните идејни принципи на ВМРО, МТРК ги поставуваше на широка демократска основа и во тој однос се доближуваше до идеите на нашите социјалисти, барајќи полна независност и најширока слобода за македонскиот народ кој да си создаде управа каква што сака. Нешто повеќе, МТРК го поставуваше прашањето за самоопределување на македонскиот народ. По симнувањето на турската власт во Македонија, Комитетот му предоставуваше на народот сам да го реши прашањето дали да се присоедини кон некоја од соседните држави, или да образува своја независна област, не допуштајќи никаков странски притисок и мешање. Органот на комитетот „Глас на МТРК", во број 1, отпечатен во месец јули 1898 година, пишуваше дека „за нас е ценета само извојуваната слобода, но не и подарената. Тоа е нашиот принцип и за неговото остварување ние наоѓаме средство: добро подготвена револуција". Непријател на ослободувањето на Македонија за МТРК не беше само Турција, туку и балканските влади и европската дипломатија која се стремеше да ја зачува целоста на Турција, за да ги постигне своите империјалистички намери на Балканскиот Исток. Од средината на припадниците на МТРК се формира и групата на „Македонските револуционери-терористи" кои решавањето на прашањето за Македонија го поставуваа во создавањето на една поширока заедница на балканските народи — Балканска конфедерација, за разлика од македонските социјалисти кои претежно ја пропагираа идејата за Балканска федерација.*112б Во редовите на македонската интелигенција имаше и други групи што ја прифаќаа и ја популаризираа мислата за федерација, конфедерација или југословенска федерација за народите на Балканот. Во тоа време (кога се појави весникот „Отм'штение" Македонецот Ѓорѓи Капчев развиваше во Загреб активна публицистичка дејност сред хрватската јавност за давање политичка автономија и основање на југословенска федерација.*112в Потребно е да се истакне и дејноста на Тајните

Македоно-Одрински Кружоци во Петроград, Киев, Москва, Одеса и Казан од 1901 до 1905 година, чии припадници предимно беа македонски студенти што студираа во руските универзитети. Тие ги популаризираа принципите и задачите на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација, материјално ја потпомагаа и работеа за привлекување на руското културно општество за ослободителното движење во Македонија. Кружоците ја осудуваа агентурската улога на Врховниот Македонски Комитет во Софија кој настојуваше да ја раководи ослободителната борба во Македонија во интерес на завојувачките планови на бугарската буржоазија, на чело со Фердинанд Кобуршки.

Стремежите на македонскиот народ дојдоа до јасен израз во Илинденското востание кога на дело беа приложени идеите и принципите за демократско републиканско уредување на Македонија. Во лицето на краткотрајната Крушовска Република македонската револуционерна демократија покажа и на практика кон што се стреми ослободителната борба и какво државно уредување требаше да се постигне во Македонија под раководството на најпрогресивните борци во тоа време. Крушовската Република во определената историска епоха од ослободителното движење во Македонија ја покажа борбата на македонските народни маси за самоопределување и создавање на републиканско-демократска држава во рамките на една поширока заедница — Балканска федерација.

Во натамошната етапа на национал-ослободителното движење, што се создаде со остварувањето на Младотурската буржоаско-демократска револуција, основните барања на ова движење со легални средства (што во прво време ги овозможуваше младотурскиот режим), и натаму се спроведуваа од Народната федеративна партија, особено од нејзината Санданистичка фракција. Во декларацијата на партијата беа изнесени најактуелните барања и политичките раководни принципи и методи за борба на партијата — власта да му припаѓа на народот, сузбивање хегемонијата на нациите и осигурување право на самоопределување на народностите во Турција, воспоставување на административно-политичка автономија, решавање на аграрното прашање во полза на безземјашите и малоимотните селани (по принципот земјата да му припадне на тој што ја обработува), облагање со данок спрема имотната состојба и реализираните приходи, ефикасна заштита на трудот и друго. Покрај тоа, Народната федеративна партија во својата програма, декларацијата и практичната дејност го поставуваше

прашањето за бесплатно и задолжително основно образование за децата од сите националности, а образованието во основните и средни училишта да се врши само на мајчин јазик. НФП ги одразуваше програмите и барањата на тогашните најпрогресивни политички групировки во Македонија. Во создавањето на Источната федерација таа гледаше како на единствено средство за запазување слободата и самостојноста на нациите во Турција и на Балканот. НФП беше решителен противник Македонија да се приклучи кон Бугарија или да се раздели меѓу соседните балкански држави. Преку барањето остварување на Источната федерација, НФП се бореше за зачувување целоста и самостојноста на Македонија како автономна единица во Федерацијата.

Од првите проблесоци на нашата преродба, во текот на многуте години организирана национал-ослободителна борба на македонскиот народ и со првите стапки кон организационо оформување на македонските социјалисти и нивната социјалистичка пропаганда, како со јарка црвена нишка е проткаена основната тенденција на ослободителното македонско движење од крајот на минатиот и првата деценија на нашиот век (една епоха што остави длабоки траги) за извојување целосна слобода на Македонија и создавање во нејзините рамки такво државно-политичко уредување што ќе ја гарантира националната независност и економско-социјалниот и културен просперитет на македонскиот народ. Низ разните форми на државно-политичко уредување што групите во македонското ослободително движење го поставуваа во своите програми: автономија, независна држава, посебна единица во границите на Балканската федерација или конфедерација, на источната, јужнословенска и југословенска федерација, секогаш како важно и основно е настојувањето да се зачува целоста на Македонија, нејзината национална независност. Почнувајќи од „лозарите" па сè до македонските социјалисти (ВМРО, МТРК, „Македонските револуционери терористи", ТМРК во Русија, НФП), без оглед на нијансите што постоеја меѓу нив за формите, тактиката и политичките концепции што ги поставуваа во својата практична политичка активност, сите без исклучок се бореа против империјалистичкото распарчување и поделување на Македонија меѓу балканските земји, во прв ред меѓу Бугарија, Србија и Грција.

*

*    *

Носејќи ги длабоко всадени во себе овие стремежи, голем број Македонци што се наоѓаа во Македонија, во соседните балкански земји, како составен дел од македонските иселеници во европските земји и разните континенти, зедоа учество во војната против вековниот угнетувач — Турција. Нивното воодушевување во Првата балканска војна доаѓаше од фактот што тие во оваа војна ја согледуваа можноста за ослободување на Македонија. Во заедничките сили на сојузниците против Турција гледаа гаранција за уништување на турскиот деспотизам. Тие сакаа Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора да ги третираат како искрени сојузници на македонскиот народ. Пројавената храброст и пожртвуваност на масата Македонци, кои се бореа во доброволечките дружини и четите во време на војната против Турција, јасно го потврдуваа тоа.

Но, колку што беше силна вербата и ентузијазмот во текот на победоносното заедничко настапување против Турција, толку посилно избликнаа револтот и незадоволството кога сојузниците ја започнаа меѓусебната војна за поделување на Македонија. Македонските национал-револуционери и публицистички работници уште во текот на војната против Турција правеа усилби да ја придобијат балканската и европската јавност за создавање на автономна или федерална македонска држава во границите на балканската заедница. Истакнатиот борец за слободата на Македонија Јане Сандански, на еден банкет приреден по повод влегувањето на бугарските војски во Солун, дигнал наздравица за новата македонска држава. Тоа предизвикало грубо заплашување и закана од страна на присутните офицери.*113 Решението на балканските сојузници да ја поделат Македонија и да се крваат меѓу себе во случај на неспогодба за своите идни граници во Македонија им беше сосем позната на македонските патриоти. Тие бараа средства и начини да ја спречат оваа несреќа за македонскиот народ. Познатиот македонски патриот и публицист Димитрија Чуповски, со цел да ги организира свесните македонски општественици и истакнати личности од демократските кругови на балканските земји, го напушти Петербург каде што живееше повеќе години и замина за Македонија. Во Софија, каде што се задржа неколку дена, тој ја изнесе својата замисла да се организира демократската јавност на Балканот за добивање автономија на Македонија, што при новосоздадената ситуација, според

него е единствен начин да се избегне распарчувањето на Македонија. Преку Ниш тој стигна во Скопје и Велес (Титов Велес) каде што најде сомисленици на идејата за автономија во срединатa на нашата интелигенција. Тој успева да им даде поттик на луѓето.*113а За реализирање на оваа идеја активно се зафатиле Петар Поп Арсов и Иван Поп Орданов, од Т.Велес, како и други припадници на македонското национал-ослободително движење. Но, оваа дејност била забележана од органите на бугарската власт која го испраќа врховистот Димитар Кушев во Велес да агитира против замислата на Чуповски и да работи за присоединување на Македонија кон Бугарија. Чуповски, сфаќајќи ја опасноста за себе, се враќа во Петербург. Но, започнатата од него акција беше пренесена и во Солун.

Останувајќи верни на националните идеали на македонскиот народ, неговите свесни синови не можеа да се помират со тоа што се создаваше на Балканот, зашто не се откажуваа од основната цел кон која се стремеа плејадата борци од македонското ослободително движење. Во тој однос треба да се истакне активноста на македонската родољубива интелигенција и емиграција во Петербург. Таа активност покрај другото, се изрази во два меморандума.*114 Првиот беше испратен до конференцијата на пратенците на великите сили во Лондон со датум 1 март 1913 година. Насловот на меморандумот, како што е публикуван во **„Македонскій Голосъ"**, гласи**: „Меморандумъ о независимости Македоніи, преданъий Македонской колоніей въ С. Петербургь Конференціи пословъ Великихъ Державъ въ Лондонь".** Главните барања во меморандумот се сведуваат на следново: „За македонскиот народ е потребно:

1) Македонија во нејзините географски, етнографски, историски и економско-културни граници да остане единствена, неделива независна балканска држава.

2) Во најблиската иднина да биде свикано, врз основа на сеопшто гласање, македонско народно собрание во Солун, за детално разработување на внатрешното уредување на државата и за определување на своите односи спрема соседните балкански држави".

Откако се истакнува учеството на македонскиот народ во војната против Турција,*115 во меморандумот се подвлекува дека Македонците „го потврдиле своето природно-општествено право на слободно и независно постоење и добија тврди историски аргументи за својата слобода". Натаму во меморандумот се изнесува огорченоста на македонската колонија во

Петроград: „Наместо Македонија единствена, целокупна и слободна, европската дипломатија, а со неа и вие (балканските држави — н.б.) наши браќа, сојузници и ослободители, нè распарчувате... Ние поверувавме на вашиот повик за заедничка борба. Целиот свет е сведок дека вие, објавувајќи ја војната, свечено ја изјавивте во манифестот и во прогласот кон македонскиот народ својата некористољубивост, дека вие одите да ослободувате, а не да заробувате и да го распарчувате на делови живиот народен организам".

Три месеци подоцна, на 7 јуни 1913 година, потпишан е вториот меморандум од ополномоштените претставници на македонската колонија во Петербург: Димитрије Чуповски, Георги Н. Георгиев, д-р Г. К. Константинович, Наце Д. Димов и инженер Ј. Г. Георгиев. Меморандумот беше упатен до владите и општественото мнение на сојузните балкански држави и до Балканскиот комитет во Лондон. Во Меморандумот се изјавува дека македонската колонија во Петроград „протестира и не може да остане рамнодушна кога сојузните балкански држави (Бугарија, Србија и Грција), наши браќа по крв и вера, се собираат за да ја раскинат нашата татковина... Разделувањето на Македонија меѓу браќата, тоа е најнеправедливиот акт во историјата на народите, газење правото на човекот, срам за целото словенство". Списанието **„Македонскій Голосъ"** што започнува да излегува во почетокот на 1913 година во Петроград, во издание на македонскиот публицист и борец за независноста на Македонија Димитрије Чуповски, печати ред статии за Македонија, запознавајќи го руското општествено мнение со македонското прашање, и со барањата на македонскиот народ за слобода и национална независност на Македонија. Во страниците на списанието се печатат сериозни статии како што се: „Македонија во нејзините географски и етнографски граници" (број 2), „Непресметлива политика" (број 7), „Македонија и Македонците — културно-историски преглед на Македонија" (број 1) и други, со цел да се изнесат пред руската јавност повеќе аргументи во полза на слободата на Македонија.

# VI

# РЕЗУЛТАТИ

До Балканската војна македонскиот народ беше разјадуван од ред немири — бунтови и репресалии на турската власт. Македонското село беше најосетна точка. Тука доаѓаше до најполн израз турскиот потисничко-грабителски режим. Во таа смисла започнатата војна против Турција од страна на балканските сојузници, објективно погледнато, требаше да ја прекине веригата на султанскиот деспотизам и да го расчисти патот на слободниот развиток на Балканот. Поразот на Турците на бојното поле не беше само политичка промена, туку означуваше поткопување основите на еден социјално-економски систем со мошне заостанати форми на феудализам. Ликвидирањето на феудално-деспотскиот режим и елиминирањето на воената и полициската сила на турската држава на Балканот ги ослободи угнетените народни маси. Ослободувањето се изрази во стихијна желба за одмазда спрема довчерашниот угнетувач и спрема сите припадници на неговата нација и вера. Наслоената во свеста верска омраза против Турците како владејачка нација најде неограничен простор за пројавување. Редовната војска на сојузниците во чии состав се наоѓаа приличен број Македонци и особено четничките одреди, составени од калени борци против турската тиранија, учествуваа во жестокото пресметнување со припадниците на турската нација што беа оставени на милост и немилост на ослободената стихија. Според докладот на Карнегиевата комисија, во областите окупирани од сојузничките војски турските села биле систематски горени од соседите-христијани.*1 Христо Силјанов во својата книга „**Отъ Витоша до Грамосъ**" дава ваква слика: „Кон исток и североисток гореа турски куќи, племни и цели села — одмаздуваат наши селани, четници, андарти, можеби и грчка војска..." Христијанското население си отплатуваше за сето она што претргало од турските насилнички и бесправни дела на жестокости и грабителства, како и на крвавите репресалии, востанија и други немири. Грчките, бугарските и српските чети вршеа насилнички акти пред сè над пројавените првенци од турските села, но покрај тоа грабежите и насилствата се ширеа и над останатото население. Карнегиевата комисија приведува ред документи*2 за некои покарактеристични појави од страна на грчката и бугарската војска и комитските чети. Според доверливиот службен извештај од 17.X.1912 год. на месниот командант на II армија Ст.Степановиќ, српските воени власти имале големи тешкотии за смирување на ваквата активност од страна на четите.*3 Во врска со тоа штабот на II српска армија*4 му обрнува вниманието на командантот на VII Рилска дивизија во Царево Село за

„дејноста" на бугарските комити во Крива Паланка и предлага командантот на Рилската дивизија да ги повлече и ги стави на располагање во реонот на оваа дивизија.*5

Комитските чети активно учествувале во ваквите акции. Василије Трбиќ во своите мемоарски белешки споменува за некојси „самозван војвода Чедо Обадовиќ кој бил закупец на хотел во Скопје" и кој со своите четници и една збирштина од 200 души ја пљачкосал чаршијата во Гевгелија, а во околината на градот задигнал големи стада овци.*6 Омразата против вчерашниот турски потиснувач и желбата за одмазда, затемелена во свеста на напатениот во долго ропство народ, раководните политички и воени кругови на сојузниците не само што не ги спречуваа да дојдат до израз, туку, напротив, ги разгоруваа со сите средства што ги имаа на располагање, создавајќи раздор и непријателство помеѓу националностите, за да можат по тој начин полесно да ги остварат своите завојувачки планови.

Во текот на војната против Турција малтретирањето на муслиманското население постепено стивнува. Тоа се должи делумично и на земените мерки од сојузничките воени власти. Со уништувањето на воениот потенцијал на Турција на балканското боиште престануваат и непријателствата спрема муслиманите. Сега на површината со сета сила се поставува прашањето за утврдување сферите на влијание, за поделбата на здобиените територии, или поточно за дефинитивното освојување на овие територии. Соперништвото за право над Македонија добива најдрастични форми. Пропагандата за бугарскиот, грчкиот и српскиот карактер на Македонија се заменува со бруталноста на оружјето. Во Македонија се шири нов бран на жестокости, но не над турското, туку над христијанското население. Сега дојде ред ослободените од сојузниците Македонци да го испитаат режимот на своите вчерашни ослободители. Ред години пропагандите и четите во Македонија беа создале свои приврзаници и свои реони на влијание. Окупаторската војска и нејзините чети вршеа по еден мошне суров начин прочистување не само на комитските чети од другите претенденти за овие земји, туку жестоко се пресметнуваа и со населението што се наоѓаше под влијанијата на некоја од пропагандите. Особено страдаше македонското и грчкото население од грчките и бугарските војски и четници.*7

Не правејќи разлика меѓу бугарската војска и цивилно македонско население, грчката војска ја задоволуваше својата националистичка омраза со безобѕирни истапи над македонското население. Прва жртва на грчкиот напад беше градот Кукуш, кој имаше 13.000 жители, центар на

околија, исклучиво населена со Македонци. Карнегиевата комисија што собрала податоци за „операциите" на грчката војска во десетина села*8 констатира дека едно пространство од 140 клм, населено со Македонци, било потполно опустошено и скоро сите села во него изгорени.*9 За држењето на грчките војски во македонските области даваат некои податоци српските и бугарските извори.*10

Грчките воени, административни и црковни органи се служеле со насилство и заплашување со какво средство да го принудат македонското население да се откаже од својот јазик, да ги прима грчките учители и свештеници во училиштата и црквите. Црковната администрација, потпомогната од воените власти, испраќала воени единици по чисто македонските села, кои го присилувале населението да учи и чита на грчки.*11 Грчкиот окупатор во Македонија се држеше така, што даваше да се разбере дека тој не признава постоење на словенско македонско население. Прокламацијата на престолонаследникот кнез Константин од 14 ноември истакнуваше дека грчките власти ќе го признаваат и штитат јазикот и религиозните обичаи на народностите во окупираните земји. Но, таа декларација не ги засегнуваше националните права на Македонците, бидејќи тие за окупаторите не беа ништо друго освен „Грци бугарогласни". Ќе ги приведеме констатациите до кои дошле членовите на Карнегиевата комисија во врска со начинот за насилното погрчување на македонското население. Во Костурско на селаните им биле давани два вида декларации за пополнување. Во едниот од двата обрасци на декларациите биле натерани да признаат дека се Грци уште од најстари времиња но под влијаније на бугарската пропаганда станале Бугари. Во другиот тип декларации ги терале да признаат дека до 1903 година жителите биле Грци, а од 1903 до 1906 година поради заплашувањата на четите и бугарските комитаџии, тие биле присилени да се признаат за Бугари. И двата типа завршуваат со едно исто тврдење дека по пристигнувањето на војската населението се почувствувало грчко, дека тоа сакало да биде примено во лоното на „великата Христова црква..." Евзоните имале улога на апостоли во тоа „крштевање со нож" (**à la baionette**). Како пример може да се приведат случаите со селата Габреш, Дрновени, Черновица, Турие, Загоричани, Д'мбени и др. Во селата Брезница, Горно и Долно Несрам сите жители биле затворени и по тој начин присилени да се објават за Грци.*12

По започнување на меѓусојузничката војна, насилничките асимилаторски потфати беа заменети со палежи, убиства и други методи на мачење што имаа за резултат иселување на компактни маси македонско население.*13

Додека грчките окупатори, поради големата разлика во јазикот меѓу Грците и Македонците, грцизирањето на македонското население, особено селското, каде националната самобитност и битовиот конзерватизам претставува тешко пробоен оклоп за продирање на грчкиот јазик, го употребуваа како крајно средство бруталното насилство, сосем подруг е случајот со обидите на српските и бугарските воени, административни и училишно-црковни органи за национално влијание над Македонците во окупираните од српската и бугарската војска територии. Блискоста на јазикот и заедничката словенска припадност меѓу Срби и Македонци влијаеше поволно за поуспешно прилагање на методите за агитација и пропаганда преку црквата, училиштето и војската. Уште од порано српската пропаганда беше успеала да создаде нови следбеници меѓу населението во одделни реони на Македонија: Велешко, Прилепско, Тетовско, Дебарско и на други места. Бугарската пропаганда од поодамна ја шireше својата пропагандна мрежа на училиштата и црквите и имаше свои експоненти во средината на интелигенцијата, чаршиските луѓе и селските првенци. Но, и покрај несомнената близост меѓу словенските народи — Срби, Бугари и Македонци, во време на војната, и особено во текот на меѓусојузничката војна, антагонизмот и крвопролевањето не беше избегнато. Тука како фактори за непомирливо непријателство влијаеја соперништвата за освојување на Македонија од страна на бугарската и српската буржоазија. Нивното ривалство му причинуваше тешки страдања на македонското население. Меѓу нив се разгоруваше безмилосна борба, чиј тежок карактер го најде својот адекватен израз во меѓусојузничката војна. Месното македонско население беше разделено на „Бугари" и „Срби", кои се бореа за доминација. Преку овие групи се разгоруваше една психоза на необична свирепост. Македонскиот народ самиот се сотриваше. Српските и бугарските чети, составени од Македонци, во основниот состав селани, најбезмилосно се уништуваа и станаа страшилиште за населението во Македонија. „Кога толпи од комитаџии или војници, по заповед на офицерите, или, како што беше чест случај, во излив на омраза, лакомост или ѕверска страст го атакуваа или загрозуваа некое село — како да се отвораат наеднаш вратите на пеколот" — одбележува Карнегиевата комисија.*14

Додека андартите беа носители на потполна негација на сè што е словенско во Јужна Македонија, а грчката војска ја остваруваше на боиштето политиката на големо грчката шовинистичка буржоазија за полно уништување или насилно иселување на македонското население, српските и бугарските чети и војска гледаа во македонското население „родни браќа", но се стремеа кон коренито уништување на секоја пројава, отпорност и непријателство на противната страна.

Српската војска во окупираните од неа територии во Македонија наиде на ожесточен отпор и на отворено непријателство од страна на бугарските учители, попови, на една интелигенција создадена и формирана од мошне проширената мрежа од бугарски училишта и цркви. Значаен број учители, попови, владици, граѓани и селани што долготрајната бугарска пропаганда беше успеала да ги активизира за одредената бугарска кауза, сега се најдоа на линијата на непријателите на српската окупација. Тие пречеа и ја саботираа српската воена и цивилна администрација и даваа ожесточен отпор против воведувањето на српскиот јазик во училиштата, црквите и администрацијата. И, се разбира, кога се дојде до судир меѓу српската и бугарската војска, острицата на српските власти во Македонија беше насочена кон уништување жариштата на бугарската пропаганда и диверзија. Антагонизмот меѓу органите на окупаторите и пробугарски ориентираните, на чело со егзархиските учители и попови, се пројави со сите атрибути на нетрпелива омраза. Се пролеваше братска крв меѓу бугарски и српски војводи и четници, меѓу србофили и бугарофили, меѓу Словени — Срби и Бугари, за дефинитивно завладување на Македонија. Во овие трагични денови за македонскиот народ се виде најдобро до каква степен националистичко-шовинистичката пропаганда на српската и бугарската буржоазија во Македонија беше заблудила дел од Македонците — Словени во Македонија. Од тоа тешко страдаше целиот македонски народ по села и градови. Јасна слика за трагичната состојба во која се наоѓаше македонскиот народ даваат податоците на Карнегиевата комисија, а исто така и некои публикувани материјали во Бугарија и Србија.*15

Самиот удар на бугарските вооружени сили ноќта спроти 17 јуни говори за необичната ожесточеност спрема довчерашниот сојузник, словенски собрат, близок по јазик и култура. Во оваа ужасна ноќ, според Војвода Путник — (главниот командант на српската војска), погинале 3.200 војници. „Скоро сите убиени војници се паднати со удари од бајонет или пушка, дури откако

се предале", пишува воениот кореспондент на **„Ilustration"** Пененрун.*16 Тој смета дека оваа жестокост била сугерирана од главното командување. Војниците, и покрај својата вродена суровост, „се колебале да убиваат пак Словени, довчерашни нивни другари по оружје". На друго место во книгава се задржуваме на усилбите и подготовката што ги правеше Главниот штаб и лично генерал Савов за психолошката подготовка на бугарските војници, т.е. „дека тие се должни вчерашните сојузници да ги сметаат како свои непријатели". Документите од српска страна што се однесуваат до првите дни на војната, публикувани во 1914 година,*17 го потврдуваат реализирањето на оваа замисла на бугарското командување. Тие го откриваат варварскиот лик на меѓусојузничката војна. Распалувани до неверојатни размери, ниските нагони дошле до доминантен израз. Документите ги покажуваат границите на свирепоста до кои се стигнало во оваа краткотрајна братоубиствена касапница.

Францускиот кореспондент, кој имаше можност да ја види оваа стварност на српско-бугарското боиште, оценувајќи ја пројавената жестокост, заклучува дека двата противника се слични еден на друг.*18 И навистина, тешко е да се каже кој од двата противника е повеќе или помалку хуман еден спрема друг или спрема населението на оваа несреќна земја, на чија територија се одигра трагичната драма на меѓусојузничкото самоистребување.

Првата војна против Турција што сепак имаше свое историско оправдание, и втората — меѓусојузничка војна, која од почетокот до крајот беше инспирирана од завојувачки цели, двете овие војни му донесоа на македонскиот народ не ослободување, туку масовно масакрирање, истребување, насилно асимилирање и на крајот, како венец на сето тоа — распарчување на целокупна Македонија на три дела. Македонскиот народ беше разделен и приклучен во државните граници на Србија, Бугарија и Грција. Неговото легитимно право за целокупен слободен национален развиток, за кое тој се бореше упорно и жилаво, беше грубо погазено од скорните на балканската буржоазија која во просторот на Македонија устрои крвава бања не само на македонскиот народ, туку и на илјадници Срби, Грци и Бугари. Економските последици од војната ги испитаа на својот грб широките народни градски и селски маси во Србија, Бугарија и Грција. Бугарија даде убиени 44.892 војници и офицери, исчезнати 7.824 и ранети 103.584.

Официјалните цифри за српските загуби покажуваат 12.000 до 13.000 убиени, 17.800 до 18.000 умрени од рани, колера и други болести, а 48.000 ранети.*19

Не постои статистика и не може да се има јасен увид за жртвите што ги даде македонскиот народ, бидејќи за него никој не водел евиденција, но остануваат неизбришливите факти што говорат за многу изгорени, порушени и ограбени села, за свирепи колежи, пљачкања, палежи, силувања и прогонувања. Илјадниците бежанци, засекогаш прогонети од своите родни места, се резултат на балканските војни. Во Грција се иселија Турци од Тракија и Македонија, каде беа навлегле бугарски војници. Во Бугарија отидоа Турци и најмногу Македонци кои бегаа од српските и грчките војски. Во Грција до 11 август 1913 година имаше околу 156.656 бежанци. Бугарија даде прием на 112.000 бежанци, од кои 50.000 Македонци.*20 Повеќе од 135.000 Македонци и мал број Бугари од Тракија избегаа од земјите окупирани од грчката војска.*21

Тоа се резултатите од војната. Балканските сојузници во лицето на нивната буржоазија и династија ја претворија ослободителната војна против Турција во војна меѓусебна, во војна за поделба и национално поробување на Македонија, во која националистичката озлобеност и разузданост остави тешки материјални и морални последици за македонскиот народ.

Со дефинитивното поделување на Македонија што дојде како резултат и на Првата светска војна, во нејзините три дела, вклучени во државните граници на трите балкански монархии, започна курс на систематско национално обезличување, асимилација, економска експлоатација и политичко обеспраувување на македонскиот народ. Поминаа уште децении на социјално и национално ропство во кое народните маси во Македонија водеа упорна борба за ослободување од стегите на балканската монархистичка буржоазија. Најпосле правилно водената и радикално решената од КПЈ народна револуција во дните на Втората светска војна му овозможи на македонскиот народ во југословенскиот дел на Македонија да го постигне со заедничките напори на југословенските народи своето економско-социјално и национално ослободување и да се обособи во своја Народна Република Македонија, рамноправна единица во Федеративна Народна Република Југославија.

Со создавањето на НРМ се остварија стремежите на плејадата македонски борци за социјализам, национална слобода, рамноправност и југословенска федерација. НРМ ја постави на сосема сигурни основи перспективата за постигање национално единство на разединетиот во резултат на балканските војни и Првата светска војна целокупен македонски народ.

# VII

# СОЦИЈАЛИСТИТЕ ЗА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

Одност и тактиката на социјал-демократските партии од Балканот кон милитаризмот и војната и посебно кон балканските војни, е во прека зависност од ставот на Социјалистичката интернационала, утврден на конгресните резолуции на II Интернационала во Штутгарт (1907), Копенхаген (1910) и Базел (1912). Благодарејќи на учеството на Ленин и Роза Луксембург во работата на споменатите конгреси, различните мислења на социјалистите од Западна Европа се ускладени во еден единствен став и е усвоена една антимилитаристичка тактика, заснована на научномарксиситичка анализа на капитализмот и постоечките тогаш меѓународни односи. Според сфаќањето на социјалистите во Европа и Балканот, милитаризмот во својата улога е инструмент за класно господство на буржоазијата, тој е средство на капитализмот за постигање на своите империјалистички стремежи, еден од неговите столбови за класно угнетување. Тој е непријател на демократијата и на демократскиот развиток. Токму поради тоа социјал-демократијата е принципиелен противник на милитаризмот.*1 Борбата против милитаризмот и војната е неразделно сврзана со борбата против класното владеење и завојувачката политика на владеечките класи.*2 Стоејќи на позициите на револуционерниот марксизам (особено балканските социјал-демократи) сметаа дека само револуцијата, а не војната, е средство за решавање на економско-општествените проблеми и затоа беа и противници на регуларната војска како социјална установа.*3 Бунтот и револуцијата се единствено одбранбено средство на потиснатиот народ. Социјал-демокраските партии од балканските земји по време на Балканската војна беа упорни и мошне активни противници во својата пропагандна активност на оваа војна. Преку социјалистичкиот печат, митинзите, манифестациите, штрајковите, парламентот и други средства со кои располагаа социјал-демократските партии, го изнесуваа и го популаризираа својот став, дека војната е средство на големите европски капиталистички држави, особено Германија, Австро-Унгарија и Русија, за постигање на одредена колонијална и завојувачка цел на

Балканот и го пропагираа единственото можно средство за пресечување, можностите за војна — демократската револуција која би довела до обединување на стопанските и политичките сили на балканските народи, заснована на полна национална рамноправност и најполно демократско уредување — Федеративната балканска република.*4

Разгледувајќи го посебно односот на секоја социјал-демократска партија и организација во Србија, Македонија, Војводина, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија и Бугарија кон војната, се согледуваат по некои нијанси во ставовите, упорноста, доследноста и начинот на објаснувањето на прашањата, сврзани со војната, во давањето предност на некои од установените форми на агитационопропагандната и организациона активност што секако е резултат на нееднаквиот развиток на работничката класа и на самата општествено-економска стварност во одделните балкански земји, на социјалниот состав на раководството на секоја социјал-демократска партија, на степента на влијанието што го трпеа од западно-европскктие социјалисти и теоретичари на II Интернационала, на спецификата на конкретните услови, итн.

*

*     *

За едно поцелосно изнесување становиштата и односите на балканските социјал-демократски партии спрема балканските војни ќе ни се наложи да ја проследиме врвицата на настаните во кругот на дејноста на секоја партија. Во антимилитаристичката пропагандна активност, меѓу сите останати социјал-демократски партии во југословенските земји се истакнува со својата подоследна и принципиелна позиција и поправилен однос не само кон војната, но и кон комплексот од проблеми, нераскинливо сврзани со односот на социјалната-демократија кон војната, Српската социјал-демократска партија.

ССДП, како и другите социјал-демократски партии на Балканот, го застапуваше и пропагираше становиштето дека освојувачката политика на европскиот капитализам е директен носител на војната на Балканот. Балканското прашање е назреано и претстои да се реши од самите балкански народи по патот на стопански, политички и културен сојуз и создавање на една

балканска заедница — федерација или конфедерација на балканските републики.*5 Овој став на ССДП дојде до полн израз и беше појасно формулиран на Балканската социјал-демократска конференција, одржана во Белград на 25, 26 и 27 декември 1909 година.*6 На конференцијата, на која присуствуваа делегати на социјал-демократските партии од Грција, Бугарија, Романија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Арменија, Македонија и движењето на прогресивните во Црна Гора и Албанија, е усвоена резолуција во која се истакна и остро осуди експанзионистичката политика на европскиот капитализам спрема Балканскиот Полуостров и улогата на балканските династии во спречувањето на балканските народи да дојдат по демократски пат до обединување, во распалувањето на национал-шовинистички антагонизам што ги разединуваше народите „со ист јазик, култура, со заеднички стопански и политички интереси". Првата балканска социјал-демократска конференција наоѓаше дека „социјалната демократија ја има таа важна задача да биде најсвесниот и најрешителен, и најдоследен носител на идејата за солидарност на народите од Југоисточна Европа и дека класната борба на пролетаријатот ја засилува отпорната сила на народот спрема завојувачката политика на европскиот капитализам. Во прво време тоа треба да важи спрема империјалистичките стремежи на Австро-Унгарија и влијанието на рускиот царизам.*7 Свикувањето на Првата балканска конференција стана по настојување на ССДП, раководена од идејата за единствена акција на социјал-демократијата од Балканот за избегнување и спречување на војната и создавањето на Балканската федерација.*8 Согласно решенијата, на конференцијата, им се стави во должност на секретарите на социјалдемократските партии на Балканот и на европскиот југоисток, преку секретарот на ССДП во Белград, да се одржуваат постојани интимни врски со што ќе се овозможи еднаква и заедничка акција во спроведувањето на решенијата.

ССДП ги застапуваше ставовите формулирани и усвоени на Балканската конференција и на други меѓународни интернационални собири. Така на конгресот на II Интернационала, свикан во Копенхаген*9 во месец август 1910 година, Димитрије Туцовиќ, кој ја претставуваше ССДП, остро ги критикуваше австриските социјал-демократи за нивниот погрешен став во однос на анексијата на Босна и Херцеговина по времето на анексионата криза, која во себе криеше воена опасност што секој момент можеше да се претвори во реална војна меѓу Австро-Унгарија и Србија. Австриските социјал-демократи ја занемаруваа борбата против колонијалната политика и

поробувањето на народот што го вршеа господаречките фактори, за потполно одбегнување од долгот да се застапуваат за правото на народот во Босна и Херцеговина за самоопределување и стоеја на едно неправилно и неточно гледиште по тоа прашање. Туцовиќ, во одговор на тврдењата на австриските социјал-демократи, истакнуваше дека Балканот претставува перманентна воена опасност поради „апетитите" на балканските државици и „интригите" на балканските династии, ја согледуваше оваа опасност во колонијалната и завојувачка политика на капиталистичките држави што го загрозуваа Балканот и против која треба да се води „постојана упорна, секојдневна принципиелна борба".*10 Тој енергично настојуваше во конгресната резолуција да се внесе додаток во кој се истакнуваше нарочно „должноста на другарите од големите капиталистички држави и народ со цел за најенергично одбивање колонијалната и освојувачка политика, да дојде во допир со социјалната демократија на малите потиснати народи што страдаат под таа политика, за да им се олесни борбата против милитаризмот и шовинизмот".*11 Конгресот во Копенхаген, на кој учествуваа и болшевички делегати, на чело со Ленин,*12 ја прецизира должноста на социјалистичките претставници во парламентот да се бори со сите сили против вооружувањето на нивните влади, да предлагаат и да настојуваат општо разоружување, да го застапуваат правото за самоопределување на сите народи и одбраната на ова право од воен напад и насилно угнетување. Се ставаше во должност на Меѓународното социјалистичко биро да ги помага со материјали сите социјалистички претставништва во нивната борба против милитаризмот. Во случај на опасност од појава на војна, работничката класа и нивните парламентарни претставници со соодветните земји, потпомогнати со општата акција на Меѓународното биро, се должни да ги употребат сите возможни средства за спречување избувнувањето на војна. Ако „војната избие, нивната должност е да се заложат за нејзиното брзо завршување и со сите сили да се стремат кон тоа да ја искористат стопанската и политичката криза што ја создава војната за будење на народот и со тоа да се забрза уништувањето на капиталистичкото класно господство"*13. За спроведување на оваа мерка, конгресот му препорачува на бирото, во случај на воена опасност, веднаш да преземе нужни чекори меѓу работничките партии на соодветните земји да се постигне согласност за заедничко истапување против војната.*14

ССДП, покрај активно учество на конгресот во Копенхаген, заедно со Бугарската социјал-демократска работничка партија испрати меморандум до конгресот, со кој го запознаваше со ситуацијата во Турција. Карактеризирајќи го младотурскиот режим, кој во последниве години ги пројавуваше сите елементи на национално потиснување и национално обезличување на немуслиманските народи во Турција, како „режим на вонмуслиманските народи во Турција", како „режим на вандалите од XX век и кој го достигнал врвот на својата нечовечност и варварство", апелира кон социјалната демократија да се дигне на протест против „човекојадство".*15

ССДП, чувствувајќи ја нужноста од заедничка акција на социјал-демократијата за спречување на воениот судир на Балканот чија што подготовка е веќе сосем очигледна, ја зема на себе иницијативата за свикување на претходна балканска социјал-демократска конференција која се отвора на 5 октомври 1911 година во Белград. Главната цел на конференцијата беше да се извршат подготовки за свикувањето на втората балканска социјал-демократска конференција и ускладување на заедничката акција на балканските социјал-демократи против војната. На претходната балканска конференција присуствуваа делегати на Романската социјалистичка партија. Социјалистичката партија на Хрватска и Славонија, Социјалистичката партија на Босна и Херцеговина и на социјалистичката федерација во Солун, а Социјалистичката организација од Скопје ја изјави својата согласност писмено за решенијата што ќе ги земе конференцијата.*16 Претходната конференција одлучи, предвид сериозната ситуација создадена на Балканот, дека е потребно да се свикаат сите социјал-демократски партии и групи, членови на Балканската секција на Интернационалата, како и социјалистичките партии на Австро-Унгарија и Русија со советодавен глас. ССДП постапува согласно решението на Првата балканска социјалдемократска конференција со која беше овластена да го изврши свикувањето на Втората балканска социјал-демократска конференција. Во духот на препораките од Меѓународното социјалистичко биро, претходната балканска конференција реши на 23.X. (5.XI.) да се одржат митинзи на социјал-демократските партии од балканските земји. „Во протестните резолуции, се вели во решението, балканскиот пролетаријат да се придружи кон борбата на меѓународниот пролетаријат против војната и да се истакне, сообразно решенијата на Првата балканска социјал-демократска конференција, идејата за демократизација на балканските држави, заснована на борбениот пролетаријат и демократската федеративна република, заедно со Турција, чија што

реакционерна и назадна политика и неуредено управление ги отвора апетитите на малите балкански држави и големите европски сили за завојување, како најполна гаранција, по еднодушното гледиште на балканската социјал-демократија за одржување на мирот и за општиот развиток и напредок на Балканот."*17

Предвид заплетканата ситуација на Балканот, создавањето на Балканскиот сојуз против Турција, потпишувањето на тајните конвенции меѓу Србија, Бугарија и Грција, опасноста од војна веќе се надвиснува над народите во овој дел на Европа. Поради тоа ССДП го смета за неодложно свикувањето на Втората балканска конференција. Со писмо од 4 септември 1912 година до социјал-демократските партии на Балканот, ССДП го предложи и дневниот ред на претстојната конференција што го опфаќа прашањето за политичката ситуација на Балканот, задачите на социјалната демократија и потребата од зацврстување на заемните односи меѓу работничките движења од балканските земји. Предвид на важноста и сериозноста на настаните што ја условуваат предвидената положба, се настојува на конференцијата да присуствуваат претставници на сите балкански секции на Интернационалата. Партијата од Србија, пак со специјално писмо до БСДРП, ја истакнува потребата и покрај мошне изострените односи со „широките", бугарската партија да го направи потребното да се одржи конференцијата во Софија, согласно одлуката земена на Првата балканска конференција. ССДП апелира кон „бугарските другари" да ги совладаат своите внатрешни борби и да ја овозможат нивната партија, во моментот кога од балканските социјалдемократски партии се очекува брзо заедничко постапување, да се приклучи кон заедничките напори. ССДП смета, во крајот на краиштата, дека без оглед на тоа какво становиште ќе земе бугарската партија да се јави на конференцијата и да земе учество во неа.*18 ССДП ја бара и интервенцијата на Интернационалното социјалистичко биро, за да би можело да се привлечат на заедничка работа сите партии. Партијата настојува пред Бирото (со писмо од 7 септември 1912 година) неодложно да се свика Втората балканска социјал-демократска конференција која би била манифестација за меѓународната солидарност на балканскиот пролетаријат и би дала силен потстрек за заедничка акција на балканските социјал-демократски партии. Во врска со тоа ССДП ја изнесе економско-политичката ситуација во Турција, оптоварена со спонтани изливи на револт. Пауперизацијата на македонските селани, режимот на истребување, масовниот револт од произволите на администрацијата и војската,

претставуваат, по мислење на партијата, несомнен повод за вооружен напад на Турција за „ослободување" на своите соплеменици „а всушност за проширување границите за експлоатација на ненаситната млада буржоазија и задоволување на династичките и милитаристички потреби". ССДП го запознава Бирото со политичката спогодба меѓу Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора и со претстојната заедничка воена акција против Турција. Нарочно го истакнува фактот, дека дипломатските претставници од тројната спогодба секојдневно и мошне долго општуваат со владите на балканските царства, нарочно со владите во Белград и Софија, кои стојат на чело на воениот сојуз на балканските државици и кои први и едновремено ќе стапат во војна, ако не се појават некои пречки. Судејќи по тоа, заклучува дека воинствените влади се инструмент на Тројната спогодба. Изнесувајќи го сето ова, партијата уште еднаш ја подвлекува вознемиреноста во најскоро време да се појави војна на овој дел од европскиот југ. „Ви даваме на знаење, завршува писмото, дека нашата партија, како и досега, усрдно и без колебање ќе одговори на своите должности и ќе ги исполни обврските што ги прима на себе како член на социјалистичката Интернационала, очекувајќи и од нашата Интернационала дека таа ќе ја олесни положбата со своите сходни грижи."*19 Вториот дел на писмото што се однесува до политичката положба на Балканот, е отпечатен во периодичниот билтен на Интернационалното социјалистичко биро*20 Бирото ја зема иницијативата на себе да ја свика Втората балканска конференција. Меѓутоа, во крајот на септември (25) војната против Турција започна од страна на Црна Гора и настојувањата и залагањата на ССДП за заедничка акција на балканските социјал-демократски партии во овие пресудни денови за балканските народи завршуваат без успех.

Покрај учеството на социјал-демократите во работата, за координација на усилбите за заедничко манифестирање на солидарноста на балканскиот и меѓународен пролетаријат против империјализмот, милитаризмот и империјалистичките војни на Балканот и надвор од него, за мир и федеративна република, тие, во стремежот да ги спроведуваат решенијата на Првата балканска конференција, на претходната конференција за свикување на втората балканска конференција, ги раздвижуваа масите, ја изоструваа нивната будност за претстојните настани. На свиканите митинзи, преку социјал-демократскиот печат, декларации и говори на народните претставници во парламентот, ССДП разјаснуваше, агитираше и биеше тревога за подготвуваната војна против Турција. Вака на 26 август 1912 година во Белград, на еден митинг

ССДП се изјасни против „проектираниот колеж" и за спогодба на балканските народи и нивното обединување во федерацијата на балканските републики. Партиската управа, која скоро секојдневно држи состаноци за ситуацијата, особено во месец септември, кога војната веќе удира на вратата, до објавувањето на мобилизацијата на 17 септември, зема остер курс против ставот на српската влада да ја игра улогата на подбуцнувач и евентуален напаѓач, укажувајќи на последиците од ваквата ориентација на буржоазијата. Својот принципиелен став ССДП го истакнува во разните форми на агитација сред народот и меѓу работниците преку собранија, митинзи и состаноци на работничките синдикати.

Гледиштето на партијата се спроведува во сите области на партиската активност, особено преку печатот и народната скупштина.

„Радничке новине", орган на Српската социјал-демократска партија и на Главниот работнички сојуз, посветува повеќе простор на настаните и упорно го изјаснува својот однос против војната и последиците од нејзиното избувнување. Уште во месец април 1912 година*21 весникот остро истапува против огромната разлика во буџетот за вооружување, расходите за војската и државните долгови изнесувале 48% од државните приходи и само 3% на народна просвета. Уводникот на весникот од 9 јуни 1912 година*22 се осврнува аналитички на односите меѓу балканските монархистички држави, засновани на „историските права" на секоја една од нив во однос на балканските територии на Турција, меѓусебната недоверба, непријателство, судири и др. „Што работат балканските држави? — се праша во статијата — копаат за себе гроб. Секоја за себе, една на друга зад грб, тие заплашуваат со своите џелати, ги бришат праговите на странските дворци и пред цел свет ја разголуваат својата сопствена немоќ... И на слепите им е јасно дека балканските државици со своите слаби сили не вредат секоја за себе и една без друга ништо. Тие можат да го решат балканското прашање само во заедница. Поради тоа должност на пролетаријатот од балканските земји, спротивно на политиката на потиснување од страна на европските големи сили и нивните помагачи — балканските монархии, е да се спротивстават на милитаризмот и да го стегнат во своите раце ослободителното знаме на обединетите балкански народи за заедничка одбрана од туѓите завојувачи". Пак во уводникот од 27 август*23 „Настаните на Балканот и социјалната демократија" се бара заедничка одбрана на балканските народи против „колонизаторските навалувања", се протестира против разгорувањето на шовинистичките

страсти за постигање на „реакционерни намери". Се изјавува готовност за борба против општиот завојувач, дигајќи ја паролата „војна на војната".

Прашањето за балканскиот сојуз се почесто е предмет на уводниците и пообемните статии на „Радничке новине". Во еден од уводниците — „Балкански савез"*24 доаѓа до појасен израз ставот на ССДП за карактерот и содржината што треба да го има сојузот на балканските народи. Тој треба да служи за одбрана од „завојувачката колонијална политика на Европа", а тоа е возможно само ако биде дело на самите балкански народи, извршено преку парламентот и без агресивни тенденции за поробување на останатите балкански народи. Спротивно на тоа, сојузот на четирите балкански влади — Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора, е создаден за да биде „орудие на руските политички цели" во натпреварот со другите големи сили за влијание и господство на Блискиот Исток. Статијата завршува со следната формулација на социјал-демократскиот став: „За слобода на балканските народи и против колонијалната политика на капиталистичка Европа ќе биде способен да се наложи само оној сојуз, кој доаѓа одоздола, од согласноста на балканските народи. Спротивно на наметнувањето од страна на странските дворци и агенти на империјалистичката буржоазија, социјалната демократија ја пропагира мислата за стопанското и политичко групирање на сите балкански народи врз основа на најпотполна демократија и национална еднаквост, во рамките на федерацијата на републиките".

Весникот го продолжува нападот против „смутителите на Балканот", ја разоткрива позадината на „стремежите на балканската буржоазија за национално обединување". Укажува на тоа дека решавањето на националното прашање е празна фраза, зад која се кријат главно себичните интереси на балканската буржоазија да ги прошири своите пазари, стремежите на династиите по патот на војните да ги обезбедат своите престоли. Решавање на прашањето за националното обединување во својата суштина е „цепење и делење" на балканските народи, без да бидат прашани, против нивната волја и интереси. Националното прашање може да се реши со групирањето на сите сили во една заедница, која ќе обезбеди полн стопански, културен и политички развиток на балканските народи, а не со војна која ќе ја сложи животната сила на балканските народи и ќе создаде услови за нови меѓусебни борби.*25 Еден уводник е посветен на улогата што ја играат балканските династии и влади како спроводници на интересите на Русија и Австро-Унгарија на Балканот.*26 Вака оцртаната улога на големите европски сили ја наметнува

консеквенцијата дека малите земји, недостатно развиени, се кукли во рацете на капиталистичките сили, за чија сметка се војува, кои кредитираат, финансираат и потиснуваат со цел полесно да ги завладеат. Кога војната веќе се оцртува на Балканот како несомнен факт, зачестуваат статиите во кои се изнесуваат сите тешки и судбоносни за балканските народи последици ако војната не биде избегната.*27 Весникот полемизираше и ги напаѓаше буржоаските весници што ја спроведуваа воената кампања.*28

Истакнувајќи го постојано својот принципиелен став кон „империјалистичко-колонијалниот карактер на војната против Турција", „Радничке новине" во уводната статија „Војна во Турција и со Турција,"*29 еден ден по објавувањето на мобилизацијата од српската влада, наоѓа единствен излез за спасување на Турција и избегнување на воената опасност во тоа таа да се вклучи во балканската заедница. „Турција треба да се ослободи од феудалниот систем и кастинскиот режим. А тоа може да стане само по пат на внатрешната револуција. Сите други патишта, што не водат кон уништувањето на феудализмот во оваа заостаната земја, одат кон слабеење на балканските народи." По тоа време ССДП, и не само таа, не беше во состојба да ја увиди можноста за рушење на феудализмот и преку војна, каква што беше Балканската војна против Турција. Заклучокот на статијата е во склопот на веќе познатиот став: „Војната на Балканот, водена меѓу балканските држави и Турција, само би ја убрзала пропаста на целиот Балкан во полза на капиталистичките сили".

Статиите на „Радничке новине" веќе се полни со напнатост, возбуда, револт против „воената авантура". Се испраќаат апели до балканските народи за најголема будност и сомневање во одос на плановите и чекорите на владејачките класи на Балканот.*30 На 25 септември „Радничке новине" го објавуваат протестот на партијата против војната. Во него се изнесени барањата за внатрешен развиток на сите народи и земји на Балканот, на нивните стопанско-културни сили во една заедница за одбрана од европските завојувачи.*31 Војната е веќе свршен факт. „Радничке новине" соопштува со крупни наслови*32 за нападот на Црна Гора и за првите жртви и предвидува возможност од пожар во цела Европа.*33 Откако партијата не можеше сега да ја спречи војната, и покрај своите усилби за тоа, сметаше за своја должност да ги предупреди одговорните да го прекратат крвопролевањето за да се избегне целосниот пораз на балканските народи и земји.*34

ССДП, единствена во Србија, иако не по нејзини сили, ја зеде на себе задачата да се бори за остварување на своите барања, ги фрли сите свои организациони и пропагандни можности за да се спротивстави на војната. Ни една од буржоаските политички групировки не ја поткрепи антивоената позиција на ССДП. Спротивно на нејзиниот став и активност, сите останати партии ја одобрија војната против Турција, го даваа својот глас за одобрување на вонредните воени буџети и се ставија во служба на владата. Со патриотска одушевеност тие ги разгоруваа до крајна степен националистичко-завојувачките апетити на владата, ги поттикнуваа територијалните барања во текот на воените операции против Турција. Српските социјал-демократи предупредуваа и за тоа дека војната против Турција за поделба на нејзината европска територија го содржи во себе зародишот на војната меѓу сојузниците за дефинитивно заграбување на одземената од Турција територија.*35

ССДП разви мошне активна работа во Народната скупштина преку своите двајца претставника — Триша Кацлеровиќ и Драгиша Лапчевиќ. Таа спроведуваше „парламентарна акција" не само во одбрана на антимилитаристичката линија на партијата, но и во борбата против гласањето на вонредните воени кредити од 21,500.000 дин.; социјал-демократските посланици излегоа со своја декларација од името на својата партија, изјавувајќи дека гласале против овие кредити, бидејќи се наменети за милитаристички цели, што предизвикуваат зголемување на редовниот буџет, криjат во себе нови формации во војската и дека место сломување на Србија со големи и не по силите на народот тешкотии, потребно е да се бара зацврстување на земјата со развивање на едно силно стопанство што ќе го подигне стандардот на економски и социјално загрозените пролетаризирани слоеви на народот.*36

Забрзаната воена подготовка ја раздвижи партијата на српските социјалдемократи. Таа свика протестен митинг во Белград. На митингот говореа истакнати водачи, членови на управата, на ССДП: Димитрије Туцовиќ и Драгиша Лапчевиќ. Туцовиќ во една јасна форма го изнесе ставот на партијата по сите прашања, сврзани со војната на Балканот. Тој направи преглед и ги подвлече константните стремежи на големите европски сили Австрија и Русија „да ги замешаат своите прсти на Балканот", во штета на слободата и самостојноста на балканските народи. Тој покажа на единственото решение на балканското прашање во полза на слободниот и самостоен живот на

балканските народи. Го разгледа и националното прашање во тесна врска со воените аспирации на балканските монархии (понатаму ќе стане збор и за тоа).*37

По повод свикувањето на народната скупштина на 24 септември 1912 година, на која се зеде решение за војна против Турција, ССДП застана на позиција спротивна на сите буржоаски партии, чии што претставници сосем отворено бараа војна.*38 Од парламентарната трибина се изјавуваше дека Балканскиот сојуз не е во интерес на мирот и мирната соработка на балканските народи, дека „она што сега е постигнато не е сојуз на балканските народи. Тоа е само една моментална комбинација*39 на руската дипломатија, извршена со кабинетите и династиите на четирите балкански земји. Сојузот на балканските народи пред сè за основа треба да има нешто друго, а не една моментална воена кооперација". Во своите говори тие тврдеа дека Турција како нација е лоша, а злото е во феудалниот систем и кастинскиот режим, и тоа во најлошата и најгрубата своја форма.*40 При гласањето само ССДП гласаше против воените кредити. Говорот на Димитрије Туцовиќ беше отпечатен и во некои органи на социјал-демократијата во странство.*41

Извршниот одбор на Интернационалното социјалистичко биро ја потврди правилноста на гледиштето на ССДП во својот манифест против војната од 30 септември. Во тоа време беше објавен и заедничкиот манифест на балканските социјал-демократи, упатен до работниот народ на балканските држави и Мала Азија, на работничката интернационала и општественото мислење, во кој одново се прави суптилна оценка на балканската ситуација и Турција, карактеризирајќи го режимот на Турција на следниов начин: „Под турскиот режим нема слобода, еднаквост за сите нации, безбедност и гаранција за животот, правата и имотите на граѓаните, тој режим ги потпомага само спахиите и номадските племиња што ги напаѓаат незаштитените земјоделски работници, со еден збор — анархија која денес служи како извор за интервенции и војни".

Раздвижувањето во круговите на социјал-демократите во Европа се изрази главно во правец на морално-политичка подршка на антивоените акции на балканските социјал-демократи. Така на 16 октомври истата година, кога веќе војната на четирите балкански држави против Турција се шируваше низ бојните полиња на турската европска територија, Интернационалното социјалистичко биро донесе резолуција во која се декларира решителна борба на социјалистите

против војната, а се поткрепуваат стремежите на балканските народи за национална независност, што можело да се постигне без војна, ако не се замешале амбициите на династиите и интересите на капиталистите, ако зад овие стремежи не се криеле интересите и махинациите на великите сили, нарочно Русија и Австрија, што ги парализирале напорите за преродба на Турција и кои немале друга цел освен балканските народи да ги претворат во свои вазали.

Против војната на Балканот издаде манифест и Вонредниот интернационален конгрес, одржан во Базел на 11 ноември 1912 година. Врз основа на одредениот став, земен на интернационалните конгреси во Штутгард и Копенхаген против војната, т.е. во случај на „опасност да избие една војна, работничката класа и нејзините претставници во парламентите на заинтересираните земји се должни да ја потпомогнат заедничката акција на Интернационалното биро, да ги вложат сите напори за спречување на војната со употреба на средства што им изгледаат најпогодни според заостреноста на класните борби и општата политичка ситуација и ако војната и покрај тоа пак избие, нивна должност е да се зафатат таа брзо да заврши и со сета сила да се стремат да се искористи стопанската и политичката криза што војната ја создала за будење и раздвижување на народот и забрзување паѓањето на капиталистичкото класно господство", конгресот ги повикува социјалистите од Балканот, откако им го оддава нужното признание за нивното решително истапување против војната, да се спротивстават не само на обновувањето на старите непријателства меѓу Србија, Бугарија, Романија и Грција, но и на секое угнетување на балканските народи што се наоѓаат во другиот воен логор — Турција и Албанија. На балканските социјалисти им се става во должност да се борат против секое обесправување на овие народи и, наспроти разузданиот национален шовинизам, да пропагираат братство за сите балкански народи.*42

Признание за активно држење против војната, изразено на интернационалните конгреси, на I Балканска конференција и на претходната Балканска конференција, е направено со писмо на Извршниот одбор на Интернационалното социјалистичко биро на сите социјалистички партии на Балканот, во тој број и на ССДП. Извршниот одбор на бирото се обрнува кон големите социјалистички партии со апел да ги потпомогнат „другарите на Балканот" кои немаат доволно сили да ја остварат својата волја: „да живеат во мир и слобода".*43

При крајно тешки услови што ги создаде војната (сите способни и активни членови на партијата, меѓу кои и Димитрије Туцовиќ, беа мобилизирани и испратени по боиштата), ССДП подржуваше врски со социјалистичките партии и надвор од Балканот, настојувајќи да ги запознае со работата на партијата. Во почетокот на октомври 1912 година, немајќи можност да испрати свој делегат на конгресот на Социјал-демократската работничка партија во Австрија, ССДП со писмо од 3 ноември го поздрави конгресот. По истиот начин таа постапуваше во врска со поканите да присуствува со свој делегат на седницата на Интернационалното социјалистичко биро, не пропуштајќи го случајот да ги запознае со ситуацијата на Балканот во последниот момент и со гледиштето на партијата во врска со балканското прашање. Исто така со писмо до Вонредниот интернационален социјалистички конгрес во Базел настојуваше да му се посвети нужното внимание на проблемот за штетната улога на големите капиталистички држави за воената ситуација на Балканот.*44

Војната против Турција се ближеше кон својот завршеток и сè појасно излегуваа на површината тајните аспирации, претензии и планови на Сојузниците за поделување меѓу себе на „ослободената од турската власт територија". Тие го носеа бацилот на меѓусојузничката војна, партијата ги напна сите свои сили да ги заинтересира масите и со своите акции во парламентот, со потесни собранија се спротивстави на претстојната војна меѓу Созјузниците. На еден од митинзите, одржани на 12 април 1913 година во Белград, се поставува енергично барањето за склучување мир со Турција, демобилизација на целиот Балкан и враќање на народот кон трудот и културата, се протестира против намерата на балканските монархии за нов меѓусебен воен конфликт и се повикува српскиот пролетаријат да го поддржува барањето за обединување на балканските народи во федерација на балканските републики. Партиските пратеници ја ползуваа парламентарната трибина за да го изнесат тоа барање. На 15 мај 1913 година, во врска со дебатите по експозето на владата за нејзината балканска политика, ССДП излезе со изјава со која се изјаснува „за потполна национална слобода и самостојност на сите нации". ССДП протестира против секој обид и против секаков дележ, со кој на пооделни нации им се одзема националната самостојност и наметнува туѓ режим. Констатира дека Балканскиот Полуостров претставува еден мозаик од нации и дека со никакви територијални дележи на одделни држави не може да се изврши националното обединување, напротив — секоја држава национално би

поробила значителен дел од туѓите нации. Социјал-демократската партија е решителен противник на секој дележ на Балканот, таа е пламенен приврзаник на неговото обединување, наоѓа дека балканската федерација е единствено средство за полно национално обединување на секоја нација. Давајќи израз на солидарноста со другите социјал-демократски партии од балканските држави, ССДП од трибината на народната скупштина ја манифестира својата приврзаност кон „заедницата на пролетерските и народни маси на Бугарија и останатите балкански земји.*45 Овие барања ССДП ги спротивставуваа на истапот на буржоаската опозиција во парламентот која пледира за „крваво пресметнување" со Сојузниците за поделба на турскиот плен. И најпосле, кога на 17 јуни бугарската војска со својот напад на Брегалница го постави почетокот на Меѓусојузничката војна, по повод гласањето за интерпелацијата на буржоаската опозиција и одговорот на владата за нејзините односи со Бугарија, ССДП го изнесе одново своето барање: „Паријата изјавува дека ќе гласа против владата чија што политика не гарантира мир и балканска федерација и против предлогот на опозицијата, бидејќи таа ја талка земјата кон нова војна".*46

Партијата не ја ограничуваше својата агитација и пропаганда против војната, само преку печатот, митинзите и парламентот, туку агитираше и ги пропагираше своите сфаќање и меѓу војската на бојните позиции. Органот на партијата „Радничке Новине" го вршеше своето влијание на дел од офицерството и особено на војниците. Во резултат на тоа, до партиската управа се испраќаа многубројни писма, а најмногу по повод на Први мај, со кои се одобруваше и поддржуваше ставот на партијата. Мобилизираните во војската социјал-демократи придонесоа за смалување на борбеното расположение во војската, поддржано од офицерската клика и од шовинистите и се стремеа да ги натераат раководните кругови на спогодба со Бугарија.*47

„Радничке Новине" се растураше низ бојните линии. Во него имаше статии што ја разголуваа шовинистичката омраза на српската буржоазија, која го обвинуваше бугарскиот народ за ѕверствата што всушност ги инспирира „разбојничката банда на Фердинанд", за кои бугарскиот народ не може да биде виновен. „Тој не е прашан за односите со Србија, како што не е прашан ни српскиот народ. Ако би го прашале бугарскиот народ, тој би имал само една желба: да постигне заедница со српскиот народ."*48

ССДП немаше сили нити да ја попречи Меѓусојузничката војна, нити да ја запре кога таа започна. Војната заврши со воениот пораз на Бугарија. Со Букурешкиот мир беше санкционирано разделувањето на турското наследство меѓу Србија, Грција, Бугарија и Црна Гора. При овие услови партијата ја продолжуваше својата разјаснувачка активност, стремејќи се да наиде на поширок круг за одобрување на нејзиниот став. Социјал-демократскиот печат: „Радник", „Единост", „Борба" и особено „Радничке Новине" објавуваа статии, со кои се разјаснуваа ред прашања, сврзани со конкретните акции на партијата, прашањето за карактерот и задачите на војната против Турција и меѓу Сојузниците за поделба на турскиот трофеј, националното, и посебно македонското прашање, и прашањето за федерацијата на балканските републики. Во времето кога судирот меѓу Сојузниците преминуваше во фактичка војна, „Радничке Новине" се појави со уводникот: „Војна за ослободување". Се истакнува дека војната за поделување на ослободените од Турција земји не носи никаква национална правда и претставува акт на империјалистичкото поделување на воената пљачка. „А да може да се види подобро и да се покаже колку војната со Турција беше „ослободителна", подвлекува весникот, треба внимателно да ги читаме извештаите од бојното поле, во кои довчерашните сојузници се обвинуваа за такви злочини и ужаси какви можеби не беше во состојба да ги изврши ни Турција. — Кога грчката војска влегла во Нигрита, го нашла градот во пламен а бугарската војска во своето повлекување извршила колежи над населението. Така соопштуваат грчките извештаи. Српската артилерија го бомбардирала Штип. Штип целиот е во пламења, фалат и превознесуваат српските извештаи. Исто вакви ѕверства направија и Грците. Овој несреќен народ во Македонија за кого се тепаат „сојузниците", може само очајно да извика: „Ослободи ме Боже, од ослободителите!".*49 Весникот почесто изнесува податоци за жестокостите на сојузничките војски над фамилиите во окупираните земји — Македонија и Тракија.*50 Ја докажува „апсурдноста на поделувањето на Балканот". Ја разгледува положбата што би се создала ако се утврди српско-бугарската граница на реката Брегалница, што го дели Штип од Ежово Поле и Овче Поле, Штип кој се наоѓа на левиот брег на Брегалница, би припаднал на Бугарија, а Ежово Поле и Овче Поле од десната страна на реката, би припаднале на Србија. Ваквиот „економски апсурд" ќе има за резултат економско одделување на Штип од својата околија, која ги задоволува секојдневните потреби на 30.000 жители. Со поставувањето на царинарница на реката Брегалница „значи ни повеќе ни

помалку да се уништи градот Штип". Се разгледува положбата што е создадена и со одредување на северната албанска граница (по решение на амбасадорската конференција во Лондон). По ваков начин Призрен со еден појас од 6 километра останува во Србија, а Љума — албански карпи, припаѓаат на новата албанска држава. Арнаутите-Љуманци „ќе треба да летаат со авион", како што духовито се искажа Никола Пашиќ, за да се сврзат со албанското приморје. „Најапсурдната работа пак е поделбата на Македонија заклучува „Радничке Новине", што го доведува во прашање економскиот опстанок на светската врата на Балканот, — градот и пристаништето Солун... Ако при делбата Солун го дограби една од балканските држави, која би се оградила со царинарници, тогаш на Солун и неговото пристаниште би му се одзело светското стопанско значење, тогаш заедничките гради на Балканот би биле затворени. Солун не смее да биде ни грчки, ни бугарски, ни српски. Солун мора да биде балкански. Поделбата на Македонија ќе создаде во неа такви стопански пертурбации, што цели краишта би се упропастиле и луѓето би го колнеле ваквото ослободување што им носи стопански слом.*51 Има само еден лек. Тоа е царински сојуз на Балканот. Стопанските граници треба да се избришат. Тоа е што во прв ред нè интересира...*52 Весникот го пропагира ставот на ССДП по однос на Македонија и Тракија: полна автономија во федерацијата на балканските републики.*53

ССДП не остана индиферентна ни кон обидот на српската влада да го „задуши албанскиот бунт". Таа ги раздвижи масите против намерата на српската војска да ја прегази Албанија. На самиот ден на објавувањето на делумната мобилизација — 15 септември 1913 година, ССДП свика голем митинг кој се претвори во масовен протест против освојувачката војна.*54 Партијата го популаризира становиштето дека треба да се чува слободата на Албанија, која треба да влезе како самостоен член во федерацијата на балканските републики.*55 Димитрије Туцовиќ во својата книга „Србија и Албанија" аргументирано го застапува ова становиште — учеството на Албанија во економската и политичката заедница врз базата на полна рамноправност и еднаквост.*56 ССДП сметаше за потребно да го запознае Интернационалното социјалистичко биро во Брисел со акцијата на партијата во врска со задушувањето на албанската побуна.*57

Од прегледот на материјалот, изнесен во претходните страници, иако не целосен, главно може да се направат некои заклучоци за односот на ССДП спрема Балканската војна, за нејзините погледи по однос на карактерот и значењето на оваа војна. ССДП пред и по време на

Балканската војна ги носеше слабостите и грешките воопшто на социјал-демократските партии на Балканот, кој се наоѓаше на ниска степен на економскиот развиток, без развиена индустрија и спрема тоа, без некој значителен дел индустриски пролетаријат, без уште оформена работничка класа. Тоа влијание при одредување карактерот на социјалистичкото движење, кој секако не можеше да се издигне до степен на движење раководено од доследни до крај революционерни марксисти.*58 Тоа беше движење легално што ги прилагаше методите на агитацијата и пропагандата во границите на буржоаскиот поредок.*59 Таа беше оптоварена со извесен баласт на опортунизмот,*60 што претставуваше добар терен за појавата на фракциски борби во партијата.*61 Таа имаше погрешно гледиште по националното и селското прашање, прашањето за односот кон революцијата и државата.*62 Овие погрешни гледишта продираа по разни начини и во нејзиниот однос кон Балканската војна.

ССДП, како и останатите социјал-демократски партии на Балканот, не беа во состојба да го согледаат објективно историското значење на војната против Турција, не можеа да се издигнат до оценката што Ленин ја даде за Балканската војна.*63 Уште на 7 ноември 1912 година Ленин излезе во весник „Правда" со статијата: „Социјалното значење на српско-бугарската победа,"*64 во која докажуваше дека „победата на Србија и Бугарија означува поткопување господството на феудализмот во Македонија,*65 означува создавање повеќе или помалку слободна класа селани — сопственици, означува сестран општествен развиток на балканските земји, задржуван од апсолутизмот и крепосничките односи". Тој тврдеше дека главното што треба да се согледа во резултатите на оваа војна е економското ослободување од остатоците на крепосничкото право, средновековната зависност на селаните од земјовладетелите — феудалци, дека таа означува своеобразна буржоаска револуција како оние од 1789 или 1848, со таа само разлика што на чело на буржоаско-демократската револуција во Франција — 1789 и во Германија 1884 беа работници. Ваква револуција не беше можна во Македонија, како и во сите балкански земји што беа економски заостанати, со силни остатоци на феудализмот, и поради тоа класните интереси се изостреваат на религиозна национална основа. За Ленин имаше две можности за ослободување од феудално-крепосничкиот режим: 1) преку револуција и 2) преку војна. Во 1912 година ова прашање беше решено со војна. „Главната историска причина, пишува Ленин, е слабоста, разбиеноста, неразвиеноста, неписменоста на селските маси во сите балкански земји, а исто така

и малубројноста на работниците кои добро ја разбираа ситуацијата и бараа Балканска федеративна (сојузна) република."

Оттука јасната корена разлика на европската буржоазија и европските работници во нивните односи кон балканското прашање. Буржоазијата, дури либералната, од редот на нашите кадети, врескаа за „национално" ослободените „Славени". Тие отворено ја искривуваат смислата и историското значење на овие настани, што секој час произлегуваат на Балканот, тие го отежнуваат делото на стварното ослободување на балканските народи. Тие го поддржуваат зачувувањето во таа или онаа мера на земјоделските привилегии, политичката бесправност, националниот гнев. Напротив, само работничката демократија единствено се стреми кон стварно и полно ослободување на балканските народи. Само доведеното до крај економско и политичко ослободување на селаните од сите балкански народности може да ја уништи секоја возможност за какво и да било национално угнетување.*66

Социјал-демократските партии на балканските земји, во тој ред и ССДП, ја дигнаа паролата за доследно демократско решавање на националното прашање — федеративна балканска република. Но, слабоста на демократските сили, најмногу малубројноста на пролетаријатот и заостанатото селанство, всушност не можеа да го остварат „економски и политички неопходниот сојуз", а се дојде до сојуз на балканските монархии. Но и покрај тоа што на Балканот се создаде „сојуз на монархиите, а не сојуз на републиките, што е остварен сојуз благодарејќи на војната, а не на револуцијата", Ленин сепак го согледува објективно постоечкиот факт дека е направен огромен чекор напред кон решавањето на националното прашање на Балканот и „кон разурнување на остатоците на средновековноста во цела Источна Европа"*67.

Но токму поради тоа што решавањето на балканското прашање не стана по пат на демократска револуција, а по пат на војна, раководена од буржоаски и династички интереси на балканските монархии и под притисокот на силната европска буржоазија, не само што ова прашање не беше доследно до крај демократски решено, но донесе разгорување на националните и религиозни трвења, национален гнев, придружен со незауздан национал-шовинизам, што спречуваше широкиот и слободен развиток на балканските народи да дојде до потполн израз.*68

Во таа смисла борбата на ССДП против милитаризмот, потхрануван од стремежот за постигање на завојувачки цели на династиите и буржоазијата кај балканските држави, против нивниот национал-шовинизам и хегемонија, против завојувачките комбинации на големите европски држави, во прв ред Австро-Унгарија и Русија на Балканот, кои всушност го запираа натамошниот демократски развиток, беше сосем правилна. Не беше погрешно и тврдењето на ССДП дека Балканската војна не е ослободителна војна, дека таа не се води за „ослободувањето на братот — роб", а завојување и поделување на територии, населени со туѓи националности, на крајот, како што тоа го одбележува и Ленин, сосем оправдано и правилно беше барањето „за доследно демократско решавање на националното прашање на Балканот", издигајќи ја паролата за Федеративна балканска република. Објективно историско значење на Балканската војна што го истакна Ленин се состоеше во тоа, што таа требаше да решава една неизбежна историска задача, што само слабоста на пролетаријатот и заостанатоста на селанството и империјалистичката политика на европските држави не им дозволи на балканските народи да го довршат решението на балканското прашање. Раскинување веригата на феудализмот на Балканот на дело беше демократско-буржоаска револуција, чија што неопходност најдобро ја чувствуваа народните слоеви кои со голема готовност зедоа и учество во војната против феудалниот потисник — Турција. ССДП, се разбира, беше слаба да застане на чело на оваа револуција и да ја оствари заедно со другите социјал-демократски партии републичката заедница на балканските народи. Покрај нејзината малубројност и неразвиеност, до голема степен придонесе нејзиниот неправилен однос што го имаше кон селанството како сојузник на работничката класа, отуѓеноста и недостатното сфаќање значењето на национал-револуционерното движење, колебливиот и непотполно јасен однос кон националното прашање и неправилното сфаќање дека тоа треба да го реши буржоаската демократска, а не социјалистичката револуција, сето тоа придонесе да се засили неспособноста на партијата да ја исполни идејата за демократската федерација, иако нејзините погледи и пракса беа засновани на марксистичко разбирање. Таа не го виде објективно историското*69 значење на војната против Турција за ликвидација на феудалните остатоци на Балканот, но нејзиниот однос кон монархијата, национал-шовинизмот и завојувачката политика на српската буржоазија, беше сосем правилен. Меѓутоа нејзината борба против реакционерните цели што ги гонеа балканските

држави, нејзината борба за балканската федеративна република, се движеа само во рамките на агитационо-пропагандната дејност, немајќи сили ни организација да ги искористи тешките економски последици што следуваа како резултат на војната, за да ги подигне масите за ликвидирање на реакционерно-монархистичката буржоазија.

Водечките луѓе на социјал-демократското движење во Србија не ја криеја слабоста на ССДП да ја спречи војната на Балканот. По повод писмото на Интернационалното биро, со кое се бара мислење од српската социјална демократија за средствата и начините за спречување на војната и специјално нејзиното мислење по предлогот на Англичанецот Кер Харди и Французинот Вајан за објавување генерален штрајк во случај на војна, нарочно генерален штрајк во оние индустрии што произведуваат воени материјали, управата на ССДП преку секретарот Душан Поповиќ, откако ги објаснува специфичните услови во Србија — индустриската неразвиеност и специјално непостоењето на индустрија за воена техника, го формулира одговорот вака: „Правилен социјалистички одговор на прашањето дали е можно да се спречи војната, и со кои средства, прашање кое има интернационално значење, и кое ги засегнува интернационалните односи, можат да дадат не оние партии што имаат најеминентни умови или најегзалтирани революционери, но во прв ред оние кои со своите организации и со својот број претставуваат еден силен фактор во интернационалната политика. Најточно решение на овој проблем можат да го пронајдат не оние што имаат голем ум или благородно срце, туку оние што имаат најголема сила"*70. Партиската управа го обрнува вниманието на Балканот кон европскиот капитализам, кој со својата брутална освојувачка политика предизвикува војни, што најчесто ги инсценира гонејќи свои интереси. Поради тоа Балканот претставува конкретна воена опасност за светскиот мир. Должност на социјалната демократија, и тоа во прв ред на пролетаријатот на Германија, Франција, Англија, Австрија, Италија и Русија е да сузбиваат секоја колонијална политика на европските капиталистички сили, да ги спречува да се мешаат во односите на балканските држави и народи. По тој начин би се направило многу за одржување на светскиот мир, би се спречила со успех светската војна. На конгресот на II Интернационала, Туцовиќ, еден од истакнатите доследни српски революционери-марксисти, ги обвинуваше австро-унгарските социјал-демократи за нивниот погрешен однос кон борбата и правото за самоопределување на народот во Босна и Херцеговина, најстојчиво им напомнуваше на австриските социјал-демократи

да го бранат ова право од воени напади и насилничко угнетување. Тој ја постави како решителна задача помошта што треба да ја даваат големите социјалистички партии на малите и слабите по начин што најенергично да застанат „против колонијалната политика и поробување на народот што владејачките фактори го вршат во Австро-Унгарија.*71 За Туцовиќ и другите водечки личности на српската социјал-демократија беше јасно дека предоставање борбата против воената опасност, за спречување или запирање на војната кога таа се појави, далеку не е по силите и можностите на пролетаријатот од земјите на Балканот.

Становиштето на ССДП спрема војната што е изнесено не толку во теоретската, а повеќе во практичната постапка, го засегнува и националното прашање, што за нас, покрај посебното значење, има и директна врска со прашањето за улогата на Балканската војна во решавањето и на комплексот наречен балканското прашање.

Во разгледуваниот досега материјал не е тешко да се согледаат и сфаќањата на ССДП по ова прашање. Иако Туцовиќ водеше принципиелна борба против неправилните погледи на австро-марксистите по правото за национално самоопределување на народите и за должноста на социјалдемократите од големите земји во врска со тоа, ССДП, примајќи го марксизмот првенствено преку германската литература, внесуваше прилично неодредености во формулациите кога го третираше националниот проблем на Балканот.*72

За првпат се дискутираше по националното прашање на VII конгрес на ССДП одржан на 17 мај 1909 година во Белград. Тоа прашање најде израз во резолуцијата на конгресот за колонијалната политика и националното прашање.*73 Податоци за ова прашање даваат: Говорот на Д. Туцовиќ на Интернационалниот конгрес во Копенхаген,*74 неговата статија „Социјалната демократија и националното прашање,"*75 неколку говори и повеќе статии на Туцовиќ,*76 и Душан Поповиќ, некои званични партиски изјави и решенија, како и книгите: „Србија и Албанија,"*77 и „Рат и српска социјална демократија."*78 ССДП во дискусиите и во резолуциите по колонијалното и националното прашање, на својот VII конгрес го поставуваше и го бранеше правото на народот за самоопределување, а против австро-унгарската колонијална политика.*79 Димитрије Туцовиќ, критикувајќи ги политичките грешки на австро-марксистите, на конгресот на II Интернационала во Копенхаген,*80 го изнесе ставот на својата партија по колонијалната политика на империјалистичките земји. Тој го постави прашањето за отцепување, спротивно на

опортунистичкиот став на австриските социјалисти кои бараа самоопределување во рамките на една држава-угнетителка, без право на отцепување. Партијата се бореше против колонијалната политика на странската и домашната буржоазија. Национал-ослободителното движење, насочено против колонијализмот, националниот гнет, против феудалната окованост, е масовно, и постигањето на неговата цел ќе дојде не со војна, а само по пат на демократска револуција на поробените народи, која би довела до федерацијата на балканските народни републики, во чии што рамки ќе се реши дефинитивно и националното прашање. Војната не е ослободителен метод, не е спрема тоа и класен пролетерски метод. Но токму поради тоа што тие сметаат дека националното прашање е проблем што треба да го реши една буржоаска демократска револуција, тоа е работа на либералната буржоазија, и дека предмет на социјалистите е само прашањето за „класната борба на пролетаријатот", која се состои „главно во тоа да се подобри положбата на работничката класа во границите на постоечкото буржоаско општествено уредување".*81 Очигледно по ова основно прашање во тоа време ССДП ги носеше погрешните гледишта воопшто на социјал-демократските партии на Балканот и надвор од него. Извесна неодреденост во смисла на содржината на правото за самоопределување постоеше како во одделните формулации, така и во оценката на поимот национална автономија, во кој се чувствуваа влијанијата на австро-марксистичките и поголем дел од водачите на I Интернационала и кои прашањето за национална автономија го изедначуваа со барањето на културно-национална автономија. Разбирањето на борбата за национално самоопределување како борба за постигање на културно-национална автономија беше аргументирано и аналитички разгледувано, критикувано и отфрлено како основно погрешно немарксистичко разбирање и од Ленин.*82

Во статијата „Југословенство у Аустро-Унгарској", објавена во „Радничке Новине,"*83 можат да се насетат влијанијата на овие погрешни погледи. Во истата статија доаѓаат до израз неодредените поими за националниот состав на југословенските области, определувајќи ги југословенските нации како „југословенски племиња"*84. Балканските нации се определуваат како едно „балканско племе, зашто таа е една нација само со еден етнографски елемент со многубројни и фини нијанси"*85. Бугарија и Србија се еден ист народ што говори еден и ист јазик и има едни и исти заеднички интереси.*86 Настојувајќи по линијата на политичкото зближување

меѓу југословенските и балканските народи, ССДП по чисто прагматистички потреби ги истакнуваше оние елементи што ја зближуваше и насочуваше активноста на балканските народи кон постигање на една и иста цел — заедница на балканските републики. При тогашните услови и потреби на српската и балканска социјал-демократија, не се поставуваше како важна потреба да се решава проблемот за националната различност, туку се истакнуваа оние елементи што ги спојуваа и зближуваа.

Но и покрај постоењето на неодредени формулации за структурата на балканските области, од изворните текстови во кои се зборува за балканските народи може да се заклучи дека всушност ССДП истакнува некои од елементите што ја одликуваат нацијата како што се поимите „рамноправност", „стопанска и културна заедница", „свои потреби". Во склопот на општата неуставеност по прашањето за националниот индивидуалитет што го дава ССДП, за нас претставува посебен интерес нејзиниот однос кон прашањето за националноста на Македонците. ССДП, како и останатите социјал-демократски партии на Балканот, не се на јасно.*87 Тие не можат да го видат процесот на оформувањето на македонската нација*88 чии што видливи признаци најсилно беа изразени во национал-ослободителното движење во Македонија.*89 Со извесна степен, прифаќајќи го познатото мислење на Јован Цвијиќ за „флотантната маса"*90 тие гледаа во Македонија едно словенско население*91 кое се вика Македонски Словени,*92 христијани, велешани, дебрани, Македонци, мијаци, брсјаци итн.*93 Но, независно од оваа непрочистеност на поимите за националната посебност на Македонците, српските социјалисти ја третираа Македонија како засебна област во Турција која ваква каква што е, со разнороден состав на населението*94: Бугари, Турци, Арнаути, Грци, Срби, мијаци итн. треба да влезе како рамноправен член во балканската федерација. И во однос на Македонија тие препорачуваа само еден метод за ослободување од турското феудално потисништво — внатрешната револуција, се бореа против сопствената буржоазија, како и против шовинистичките стремежи на другите балкански држави со војна да ја освојат и поделат Македонија.*95 Тие ја поставуваа паролата: ослободување и автономија на Македонија во балканската федеративна република.*96 Уште по нејзиното формирање (20 јули 1903 година), ССДП започна да го потпомага развитокот на социјалистичкото движење во Турција и водеше агитација и ја препорачуваше револуцијата како метод за ослободување. На 24 август 1903 година во Белград се одржа голем митинг во полза на

револуционерното движење во тогашните турски провинции. Во резолуцијата од митингот ССДП го декларира своето гледиште дека главната причина за денешното движење во Стара Србија и Македонија лежи во феудалниот режим, дека народното движење има за задача да го уништи овој феудален режим и да постави модерни граѓански односи, дека спасот на народот во Турција е само во револуцијата која ќе ја оствари автономијата на Стара Србија и Македонија во рамките на балканската заедница. Ова гледиште на ССДП е силно пропагирано преку страниците и на „Радничке Новине" и во Народната скупштина во 1905, 1906, 1908, 1909 година, водејќи доследна борба како против турското насилништво, така и против шовинизмот и завојувачките планови на Србија, Бугарија и Грција, и намерите на Австро-Унгарија, Русија, Италија и Англија. Се покажува како единствена гаранција за развитокот на Македонија балканската федерација, а посебно етничкиот состав на Македонија и Стара Србија, нивната географска и економска положба бараат во овие покраини да образуваат самостојна област во федерацијата. Партијата решително ја отфрли војната како метод за ослободување на Македонија.*97

Принципиелниот став на ССДП, поддржан и спроведуван низ познатите форми на нејзината активност, за рамноправност на сите народи на Балканот, за нивното право на слободен и културен, економски и политички просперитет, беше спроведуван и по однос на населението во Македонија и Албанија.*98

Димитрије Туцовиќ, во книгата „Србија и Албанија", критикувајќи го освојувачкиот поход на српската буржоазија кон Албанија, го пишува следново: „Борбата што денес ја води албанското племе е природна, неизбежна историска борба за еден друг политички живот одошто го имала под Турција, од оној што му го наметнуваат неговите свирепи соседи Срби, Грци и Црно Горци.*99

Стремејќи се во својата политичка борба кон обединување на балканските народи и барајќи ги и истакнувајќи ги оние елементи што ги зближуваат, ССДП, а тоа во истата мера може да се рече и за останатите социјалдемократски партии на Балканот, не го засегнува во неговата сушност прашањето за националната структура на овој „мозаик од нации" — Балканот, ни теоретски, ни во практички изводи и заклучоци. Дури по Првата светска војна, кога прашањето за националната федерација навлезе во фазата на акутните проблеми во границите на Српско-Хрватско-Словенечкото кралство и се издвои како еден од клучните проблеми, по националното прашање се зеде и правилен став на III партиска конференција на КПЈ во 1923 година. Тогаш

дефинитивно е „земен правилен став и по македонското прашање, т.е. дека македонскиот народ има право на својата егзистенција и рамноправност."*100

Социјал-демократите во југословенските земји во границите на бивша Австро-Унгарија го трпеа силното директно влијание на австриската социјал-демократија чиј што опортунизам не им даваше можност на социјал-демократските партии во Босна и Херцеговина, Војводина, Хрватска, Далмација и Словенија да земат правилен став по вакви основни прашања, како што се националното и селското прашање, за односот кон буржоаските партии, и поради тоа во својата пракса тие спроведуваа опорутунистичка политика.*101 Социјал-демократите во Хрватска и Словенија, под влијанието на австро-марксизмот во добивањето на културна автономија, во границите на австро-унгарското царство, гледаа како на најдобро решение на националното прашање.*102 А социјалдемократската партија во Босна и Херцеговина го застапуваше гледиштето за национална културна автономија. Место ослободителна борба против австрискиот окупатор, тие проповедаа обединување на Јужните Словени во границите на Австро-Унгарија.*103 Што се однесува до националната индивидуалност и посебност на одделните југословенски народи овде, неодреденоста е поголема и претставува карактерна слабост на социјал-демократијата на Југословените во Австро-Унгарија.*104

Еснафскиот карактер на социјал-демократското движење особено е карактеристичен за Србите — социјалисти во Унгарија (Војводина). Тие беа под ситнобуржоаско влијание. Во својата секојдневна агитациона пропаганда, културно-просветна и организациона работа, како и на своите конгреси ги поставуваа и истакнуваа како важни прашања: просветата на работничката класа во Унгарија,*105 земјоделското движење и земјоделските кооперации, општо право на глас, црковно-школска автономија,*106 борба против алкохолизмот и друго.*107 Вакви прашања стојат во првите точки на дневниот ред дури и на VI конгрес, одржан на 1 и 2 јануари 1911 година, кога пред социјал-демократите на Балканот се наметнуваа сè повеќе назреаните проблеми што бараа брзо, правилно и своевремено реагирање, принципиелност и доследност. Во редовите на социјал-демократското движење на Војводина делуваше негативно и групата анархисти околу д-р Искрулев, чија штетна дејност беше ликвидирана кон крајот на 1910 година.*108 Сето тоа им пречеше да земаат поотворен, поодреден енергичен и активен став спрема Балканската војна, барем во таков обем и интензитет како што го спроведуваа српските социјал-демократи. И покрај

тоа, југословенските социјалдемократски партии во Австро-Унгарија, усвојувајќи ги решенијата на I Балканска конференција во нивната целина, го ускладија и своето становиште*109 спрема воената подготовка на Балканот против Турција, со погледите на останатите социјал-демократски партии на Балканот, учесници на овој конгрес.*110 Во својата агитација, преку социјал-демократскиот печат, прогласи, резолуции и протести тие ги изјаснуваа и пропагираа познатите становишта на социјал-демократите против војната на Балканот, пред и во време на нејзиното траење. Социјалдемократијата во Војводина својот однос кон војната го засновува на веќе истакнатата постапка на социјал-демократите воопшто — негирање на милитаризмот како средство на буржоазијата за класно владеење. На V конгрес на Србите социјал-демократи во Унгарија, одржан во Будимпешта на 12 и 15 февруари 1910 година, беше изнесено поразвиено гледиштето на социјалдемократите во однос на регуларната војска. Бидејќи таа се употребува за ограничување на политичката слобода и демократскиот развиток, се предлага народна војска која не може да се употреби против народот. Средство за смалување опасноста од војна е засилување на социјалдемократијата, по пат на учество на работничката класа во изборите и парламентот, со гласање против воените кредити. Впрочем, ова е практика што веќе ја одбележивме, говорејќи за Српската социјал-демократска партија. Но, овде тоа се истакнува како „најпаметна тактика што можеше да ја употребиме против редовна војска"*111.

За време на Балканската војна, социјал-демократија во Војводина зазеде став против војната со паролите: „Сакаме мир", „Војна на војната".*112 Таа се бореше во границите на своите можности и во согласност со својата тактика, сообразена со политичките услови во Унгарија во тоа време, против „лудото вооружување" на Австро-Унгарија и нејзината интервенција во Балканската војна. Учествувајќи во спроведувањето на политичкиот генерален штрајк во 1913 година во Унгарија, покрај другото им ја разјаснуваше на масите тешката економска ситуација поради вооружувањето на „австрискиот империјализам"*113.

По месец и половина од започнувањето на Балканската војна, предвид замрачувањето на меѓународната ситуација во која се надигна опасноста од разгорување на балканскиот воен конфликт во една светска војна, на 24 и 25 ноември 1912 година беше свикан вонредниот конгрес на II Интернационала во Базел. Во едногласно прифатениот манифест се апелира кон европската и балканската социјал-демократија да ги обединат и користат сите свои сили и средства против

манифестации, масовни акции, притисок во парламентот, будно да се заложуваат за чување на мирот.*114 Во смисла на Базелскиот манифест, српско-буњевачката секција на Социјал-демократска партија во Унгарија го објави на српски јазик манифестот во својот орган „Слобода", а исто така беше преведена од унгарски книгата „Балканската војна" од Погани.*115 На поширока дејност што требаше да ги раздвижи пролетерските работнички слоеви не е одбележана.

Својот однос спрема милитаризмот и меѓународните конфликти, како и спрема другите прашања, Социјал-демократската партија на Хрватска и Славонија го одредува во зависност и во духот на решенијата на Штутгартскиот, Копенхагенскиот и Базелскиот конгреси. На овие конгреси, во кои доаѓаат до израз опортунистичките сфаќања на австриските и германските социјал-демократи, благодарејќи на учеството на Ленин и Роза Луксембург, особено во првите два конгреса им се препорачуваа на работничките партии најрешителни и најреволуционерни мерки во борбата.*116 Ленин укажуваше на тоа дека „задачата на социјалдемократијата не се состои само во борбата против новите војни, или во борбата за запирање на војните што веќе започнале, туку во тоа да се искористи кризата што ја создаваат војните, за да се убрза паѓањето на власта на буржоазијата"*117. Но и покрај ваквите укажувања, неслагањата по антиимперијалистичките тактики меѓу западните социјалисти продолжуваа да постојат и понатаму. Дури германските социјал-демократи стигнаа до таму што ја потркрепија својата буржоазија наспроти Штутгартските решенија, гласајќи во 1913 година за вонредниот данок наменет за покривање на воените расходи, т.е. за потпомагање буржоазијата да ја подготви империјалистичката војна.*118

Социјалистите од повеќе земји се обидуваа да ги реализираат решенијата на Штутгартската и Копенхагенската манифестација, внесувајќи во парламентите предлози за ограничување на вооружувањата. Социјал-демократската партија на Хрватска и Славонија, согласно заклучоците на Меѓународното социјалистичко биро, а врз основа на решенијата во Штутгарт и Копенхаген, спроведува протестни акции (собранија и митинзи) против војната. „Ненадејно настанатиот итало-турски воен заплет заплашува да предизвика воен пожар на Балканот. Пролетаријатот мора да ги земе сите мерки за да го смири сегашниот конфликт и да ги спречи натамошните. Особено мора да се побараат сите настојувања што водат кон потчинување на балканската политика", се вели во протестниот проглас против војната на Главниот одбор на Социјал-демократската партија на

Хрватска и Славонија.*119 Во резолуцијата од протестното собрание, свикано во Загреб на 5 ноември 1911 година, се формулирани на јасен начин барањата на социјал-демократијата за отстранување на воената опасност пред која е исправен светот. Доаѓа до појасен израз гледиштето дека спасот на хрватско-српскиот народ, колонијално заробен и раскинат од Австро-Унгарија, е само во интернационалниот социјализам што во иднина ќе доведе до федерација на народите од Балканот и Австро-Унгарија.*120

Становиштето на Словенската социјал-демократска партија спрема Балканската војна во главни линии е идентично со сфаќањата на австриската социјал-демократија. Младите социјалисти во Словенија (тоа се однесува еднакво и за другите Југословени во границите на Австро-Унгарија) ги следеа своите австриски другари во теоретските погледи и во практичните постапки и односи. Социјал-демократската работничка партија во Австрија агитираше против интервенцијата на Австро-Унгарија на Балканот и во Балканската војна, во своите пропагандни акции во печатот и во разните собири го акцентираше барањето балканските народи сами да го решаваат воениот конфликт со Турција, апелирајќи кон работниците да се борат против австриската влада која го подржаваше феудалното турско потисништво на балканските Словени. Таа ја разјаснуваше својата позиција за немешање во Балканската војна и од гледиште на себичните економски интереси на Австрија — мирна трговска размена на нејзините индустриски производи на балканските народи.*121 Иако таа во војната против Турција гледаше можност за ослободување на „српскиот селанец", ако се отстрани интервенцијата на великите сили на страната на Турција*122 не си поставуваше во врска со тоа акциона задача да делува практично за постигање реални резултати од овој нејзин став. Таа стоеше далеку од стварното применување на револуционерната тактика на социјал-демократијата во време на војната, т.е. да се искористи економската и политичката криза за да се крене работничката класа во една револуција.

Немарксистичката формулација за културно-нацоналната автономија на австриските социјалисти се усвојуваше потполно од социјалдемократите во Словенија*123 и служеше како рецепт за решавање на заплетканите балкански прашања. „Проблемот на балканските народи на може да се реши со оружје, туку тоа е културен проблем" — пишува еден од истакнатите лидери на Словенската социјал-демократска партија д-р Хајнрих Тума, во органот на партијата „Зарје" од

2 ноември 1912 година. Се разбира, тие подржаа како „единствено правилно становиште" за решавање на балканскиот проблем што го заземе Балканската социјал-демократска конференција — сите балкански народи треба да се стремат кон реализација на Балканската федеративна република, но тие во поимот федерација го вложуваа сфаќањето за автономија на општините врз основа на персоналниот принцип, место политичко-територијалниот принцип, кој единствено е правилен од гледиште на марксизмот при решавање на националното прашање. Инаку, што се однесува до карактерот, побудите и целите на Балканската војна, тие стоеја на позициите на социјал-демократските партии од II Интернационала — немешање на големите сили во Балканската војна, борба против интернационалниот капитализам, итн. Според нив, војната само ги зацврстува позициите на капиталистите за искористување на Балканот преку трговијата и индустријата, ги менува границите на одделните балкански држави во полза на соодветните балкански династии. Заедно со австриската социјал-демократија, но поупорно и порешително, Словенците се бореа против политиката на австриската аристократско-капиталистичка олигархија на Балканот.*124 На разните партиски конференции, собирите на југословенските социјал-демократи во границите на Австро-Унгарија, во партискиот печат и во другите легални форми на агитацијата и пропагандата, мошне остро го осудуваа и негираа интервенционистичкиот обид на австриската влада во работите на Балканот и Балканската војна. Тие енергично го прифатија прогласот на Австриската социјал-демократска партија пјзотив замешувањето на Австрија во Балканската војна.*125 Тие, во интерес на постигање одредени цели на југословенските социјал-демократи воопшто, свесно ја хиперболизираа улогата на Австро-Унгарија на Балканот, зголемувајќи ја до голема степен нејзината одговорност за ненормалната ситуација со појавата на Балканската војна. Д-р Тума најдобро го изразуваше односот на словенските социјал-демократи кон улогата на Австро-Унгарија во Балканската војна. „Неподносливата положба на балканските држави, пишува тој, пред сè се плод на ситничарско-себичното и неинтелигентно подбуцнување на австро-унгараските политичари. Само поради неискреноста и бесцелноста на Австро-Унгарија беше можно да се одржи неподносливата положба во Македонија, додека положбата во кралството Србија се дотера до очајаност. Претстојната војна е и здив на таа, пред сè од Австро-Унгарија предизвикана положба. Австро-Унгарија од таа војна во последно време можеше нешто да научи, но ја сметаме за така гнила, што може да загине без штета. Австро-

Унгарија сега нема ништо да прави на Балканот. Балканот — на балканските народи. Затоа секој социјалист сега, кога коцката падна — од сè срце сака полна победа на соединетите балкански држави против Турција, која 500 години економски ги молзеше балканските народи и не беа во состојба таму да создадат и најмалку култура, туку со груба сила го задржуваа секој културен и економски напредок на потчинетите народи"*126. Ова, инаку правилно сфаќање на големото објективно историско значење на војната против Турција за ликвидирање на турскиот феудализам на Балканот, имаше еден основен недостаток што се движеше само во кругот на голата агитација.

*

*     *

Од двете социјал-демократски партии во Бугарија („широки" и „тесни"),*127 партијата на тесните социјалисти имаше подоследно принципиелен став спрема војната воопшто и спрема Балканската војна посебно. Солидаризирајќи се со решенијата на Првата балканска социјалистичка конференција и со сите решенија земени на меѓународните конгреси и други собири на Интернационалата во врска со милитаризмот и војната, тесните социјалисти во својата агитационо-пропагандна работа ја разобличуваа политиката на балканската буржоазија и нејзиниот монархистички сојуз, се објавуваа против нејзините стремежи за заграбување на Македонија, го истакнуваа правото на балканските народи за самоопределувањето во рамките на балканската федеративна република. Тесните социјалисти ја осудуваа „бомбената политика" на врховистите, кои ги инсценираа атентатите во Штип и Кочани, и го разјаснуваа пред масите нивниот провокационен карактер — предизвикување на турските истапи против христијанското население, создавање анархија во Македонија, со цел да се оправда и олесни воената интервенција на Бугарија за „ослободувањето на Македонија". Тие објаснуваа дека ваквата војна нема да го постигне ослободувањето на Македонија, туку токму спротивното — нејзиното распарчување. Излегувајќи од тогашната меѓународна и балканска ситуација, тесните социјалисти ја предупредуваа бугарската општественост дека војната дури да заврши

победоносно против Турција, ќе биде за Македонија, и особено за Бугарија, една разурнувачка војна.*128 Во предвечерието и во текот на самата војна против Турција, тие истапуваа преку „Работнически весник" и теоретското списание „Ново време" против шовинистичко-завојувачкиот карактер на војната со Турција, разјаснувајќи ја „авантуристичката политика на бугарската буржоазија и династија и нивните стремежи да ја завладеат и да ја делат Македонија."*129 Печатот на тесните социјалисти ја критикуваше и порекнуваше политиката на својата буржоазија за создавање на автономна Македонија, докажувајќи дека тоа е парола зад која се кријат нејзините вистински завојувачки стремежи спрема Македонија. Месец пред започнувањето на сојузничката војна против Турција, „Работнически весник", разјаснуваше дека буржоазијата и монархизмот во Бугарија „секогаш се стремел кон завладување или најмалку кон поделување на Македонија". Тие го разоткриваа опортунизмот на широките социјалисти, кои во крајна линија наседнуваа и го спроведуваа националистичкиот и воено подбуцнувачкиот курс на агресивната бугарска буржоазија. „Работнически весник" ја препечати во превод статијата „Кому ќе припадне Македонија", објавена во органот на Српската социјал-демократска партија „Радничке новине" бр.10, од 1 февруари 1913 год., во која остро се критикува шовинистичкиот великобугарски став на широките социјалисти во однос на Македонија, и по тој начин БСДРП (т.с.) се солидаризираше со доследната борба што ја водеше ССДП против завојувањето и делењето на Македонија. По склучувањето на Букурешкиот договор, со кое се санкционира поделувањето на Македонија меѓу Бугарија, Србија и Грција, Димитар Благоев во полемичната статија „Една голема несправедливост или еден козел во „обединетата", објавена во кн.1, год. XVII на списание „Ново време", ја постави на детална критика улогата на широките социјалисти и нивниот удел за вовлекувањето на Бугарија во балканските војни, укажувајќи истовремено на тоа дека повторното поставување на барањето за автономија на Македонија од страна на целокупната бугарска буржоазија во лицето на нејзините партии, од десните до левите, во тој ред и широките, не е ништо друго, освен претходно смислена тактика да се искористи автономијата како етапа за присоединување на Македонија кон Бугарија. Агитацијата на тесно-социјалистичката партија против војната, за мир и балканска федерација, се одвиваше и на самите фронтовски линии.*130 Во врска со подготовката на Меѓусојузничката војна, таа активно се залагаше за нејзиното спречување, организира првомајски штрајк против подготовката на оваа војна. Земајќи повод од

префрлувањето на бугарската војска од бојното поле кај река Марица кон Македонија, ја разјаснува сред војниците опасноста од братоубиствената војна, апелира за нејзиното избегнување и ја пропагира „единствената политика на балканските народи што води кон слобода, независност, национално обединување и социјален развиток" — Балканска федеративна република.*131 Изморена од продолжителната војна, гладот и болестите, брзо се поткопуваше духот и дисциплината на војската. Сред воените единици, како што тоа веќе одбележавме на друго место, што беа префрлени од турската граница кон Македонија, имаше појави на бунт.*132 Во својата борба против авантуристичката политика на балканската буржоазија", партијата на тесните социјалисти ја бараше соработката и на социјал-демократските партии на Србија и Грција, како и на другите балкански земји.

Тесните социјалисти по прашањето за улогата на Балканската војна, за задачите на социјал-демократијата во врска со таа војна, ги носеа и пројавуваа истакнатите веќе слабости на ССДП и останатите социјал-демократски партии од југословенските земји. Во текот на војната против Турција и Меѓусојузничката војна, во „Работнически весник" и „Ново време" почесто се пишуваше и се земаше став за односот на бугарската буржоазија кон македонското прашање и се одредуваше начинот за неговото решавање. За разлика од српските социјал-демократи, кои во Македонија гледаа словенско население со уште недоволно искристализирана национална свест, тесните социјалисти го делеа становиштето на својата буржоазија дека македонските Словени се Бугари.*133 Партијата на тесните социјалисти водеше агитација против завојувачката политика на великобугарскиот национализам не затоа што беше против „обединувањето на бугарскиот народ", туку затоа што тоа обединување треба да стане во рамките на Балканската федеративна република. Партијата ја критикуваше буржоазијата и дворската камарила за нивната завојувачка и милитаристичка политика што водеше не кон „вистинското обединување", а наспроти — кон „окастрување и уште поголемо стеснување од сите страни и од поопасни соседи". „Националното обединување е невозможно, — пишува „Ново време" во својот уводник „Резултати...", — по патиштата на политиката на бугарските буржоаски партии и на балканската буржоазија воопшто. Тоа е можно само врз почвата на една Балканска федеративна република."*134 Што се однесува до сфаќањата за посебноста на македонскиот народ во однос на бугарскиот народ во границите на Балканската федерација, пишувањата и искажувањата на некои поистакнати раководители на

БРСДП (т.с.) од тоа време не се јасни и дури оставаат нечист впечаток. На тоа нѐ наведува и следниот пасус од обвинителниот говор на Васил Коларов, одржан на 19 јануари 1914 година во Софија против партијата на Радославов која тогаш беше на власт: „Романците си отидоа... Си отидоа, но останаа во Добруџа. Србите си отидоа... Си отидоа, но ја зедоа цела бугарска Македонија (подвлекол — Ѓ.А.)... Вие не ја спасивте Бугарија, ја пожртвувавте Бугарија и бугарскиот народ за да го спасите вашиот цар."*135

*

*　　*

Социјалистичкото движење во Грција беше слабо развиено, со мошне непрочистени поими за социјализмот воопшто, без јасен политички програм и перспектива. 1910 година не постоеше никаква организирана социјалистичка група во Атина.*136 Во 1908 година Дракулис формира Здружение на работничките класи на Грција (СТЕТ), а една година покасно се формирала социјалистичката партија — ЕСК. Но, двете овие организации, создадени до Дракулис, фактички останаа откинати од широките работнички маси. Во тоа време работничката класа во Грција не беше уште синдикално здраво организирана, нити имаше класна, политичка свест. Во 1911 година во Здружението на работничките класи на Грција за прв пат беше формирана социјалистичката група на Јанос. Во Грција, може да се рече систематски, и тоа во Атина, социјалистичката пропаганда започна во 1911 година. Оттогаш започна активноста на социјалистичкиот центар во Атина што ја прошири својата дејност во Пиреја каде што беше основан социјалистичкиот центар. Социјалистичкиот центар на Атина поддржуваше врски со работничките центри на Волос, Крф и Лариса. На 11 декември 1911 година, по иницијатива на работничкиот центар на Атина (ЕКА), во Атина беше свикан првиот работнички конгрес на кој е решено да се формира општо-грчка работничка федерација.*137 Но, тоа решение не беше реализирано.

Во текот на балканските војни престана секакво движење на социјалистите. По прашањето за Крит, социјалистите од Крит се присоединија кон барањата на буржоазијата за војна со Турција, а

социјалистичката партија на Атина издаде кратка прокламација против оваа војна со следнава содржина: „Брате работнику! Полномошниците на Крит доаѓаат. Војната со Турција ќе биде неизбежна. Бараат да нè испратат да се убиваме на границата. Зошто? Поради лични интереси... Војната не е во интерес на работникот. Наш долг е овој пат да застанеме на страната на оние што го бараат мирот. Долу војната! Да живее работникот! Да живее социјализмот!"*138.

Пропагандна активност социјалистите забележуваат и во Пиреја, Волос, Лариса, Крф и Ларвион.*139

*

*    *

Прилично оскудни се материјалите што содржат поодредени податоци за дејноста на македонските социјалисти во пределите на Турција. Тие беа малубројни и сосем слабо организирани. Нивните појави секогаш беа сврзани со дејноста на поразвиените ССДП, БСДРП (Бугарска социјалдемократска работничка партија), во кои наоѓаа фактичка ослонка. Незначителните извори со кои се располага во моментов, даваат сосем ограничени можности за едно целосно опфаќање на прашањето за односот на македонските социјалисти кон Балканската војна. Органот на Скопската социјал-демократска организација „Социјалистичка Зора" прекина со излегувањето кон крајот на септември 1912 година, токму во предвечерието на војната на сојузничките балкански држави со Турција. Како поавтентичен податок за ова време е зачуваната резолуција на Скопската социјал-демократска организација против завојувачката политика на Русија и Австро-Унгарија на Балканот, објавена во весникот „Работническа Искра", од 19 март 1910 год., како и некои статии на истиот весник. Имајќи ја предвид поврзаноста на македонските социјалисти, нивниот однос и соработка со социјал-демократските партии во Србија и Бугарија, тие ги усвојуваа и ги поддржаа и нивните ставови спрема Балканската војна.

Од создавањето на првите социјал-демократски организации во Македонија во 1909 година, работничкото друштво во Битола, синдикалните и работничките друштва во Солун, Скопје, Куманово, па сè до оформувањето на социјалистичкото движење во Македонија, што започна со

образувањето во Солун на двете социјал-демократски групи во 1908 година,*140 сето тоа беше време на продирање на социјалистичките идеи, создавање на приврзаници и организационо оформување, што послужи како основа за консолидација на социјалистичките организации во Македонија.*141

Македонските социјалисти, преку своите печатни органи, нивното учество на Балканската конференција и нивното проширување кон решавањето на Интернационалниот конгрес во Копенхаген, ја имаа можноста да го манифестираат и својот однос по важните проблеми, што стоеја за решавање воопшто пред социјал-демократијата, во врска со напнатата предвоена ситуација во Европа и Балканот. Заедно со другите балкански социјал-демократски партии, тие зедоа решителен став против војната, пропагирајќи ја балканската федерација како единствено средство за решавање на балканското прашање, како и прашањето за создавање на сопствена македонска држава, укажувајќи на единствениот начин за постигање на тоа — внатрешна револуција во Турција, постигната со сопствени сили и со „помошта, што би им ја дале другите народи, исто така потиснати од турскиот деспотизам".*142

Во работата на Првата балканска конференција „на која се решавале прашања од огромна важност специјално за Македонија, каде на разни начини се испреплеткуваат интересите на европските капиталисти со националните стремежи и интереси,*143 зедоа учество: Васил Главинов како делегат на Солунската и Битолската организација, Душан Цекиќ, Михајло Цоков и Стојан Дивлев, делегати на Скопската организација.*144 Еден од македонските делегати во својот краток говор ги изнесе погледите на македонските социјалисти, прифаќајќи ја идејата што ја изнесе Туцовиќ во рефератот „Балканското прашање и социјал-демократијата" дека балканските народи ќе ја обезбедат својата иднина ако се групираат во една балканска заедница. Тој укажува на тоа дека ослободувањето и социјалниот просперитет на македонскиот народ можат да се постигнат само со борба за мир и создавање на балканска федерација. „Нас многу нѐ зарадува оваа конференција, рече Михаил Цоков. — Вие на Балканот и ние во Турција ги имаме истите потреби. Специјално ние во Турција се радуваме што покрај работата за решавањето на истакнатите проблеми сме добиле возможност да излеземе пред широкиот свет на социјалистичката интернационала и да ја заинтересираме за нашата судбина. За нас во Македонија, освен европскиот капитализам што нас нѐ разорува и упропастува, се

натпреваруваат уште бугарската, српската и грчката буржоазија, претендирајќи секоја една од нив за право над народот што живее таму. Меѓутоа, ниедна од нив нема право на тоа: Македонија е една каша од нации, а ние Македонците не сакаме да бидеме ничиј плен. Сè што сакаме, тоа е: да бидеме слободни, понатаму, да го сузбиеме разурнувачкото влијание на колонијалната политика. А да го постигнеме тоа — нужно е да дејствуваат во заедница сите социјалистички партии на југоисток од Европа, овозможувајќи ни по тој начин да ги заздравиме постоечките и новосоздадените социјалистички организации во Македонија, синдикални и политички.*145 Во врска со Балканската конференција, македонските социјалдемократи во својот орган „Работничка Искра", во неколку статии,*146 го изјаснуваат својот однос по прашањата подигнати на конференцијата и ја најавуваат својата солидарност со нејзините цели и задачи. „Ние си подадовме рака со организираните пролетерски маси од соседните земји и за општа одбрана на нашата иднина како революционерна сила во општото семејство на меѓународниот пролетаријат". Предмет на статиите е да ја популаризира задачата за организирање на пролетаријатот во Македонија, за да стане решавачки фактор во преродбата на Балканот, со кое ќе се постигне и националното обединување на балканските народи.*147 Балканската федерација може да биде реализирана само со една револуција, а револуција и балканска федерација може да изврши само еден свесен и силен пролетаријат, една револуционерна социјал-демократска партија. Се докажува мислата дека пролетаријатот во Турција и на Балканот засега не може да го стори тоа поради економската заостанатост на балканските народи. Всушност тоа се погледи и сфаќања, што во главните линии се потполно идентични со погледите на социјал-демократите од другите балкански земји и што наидоа на одредена манифестација на Балканската конференција во Белград. Сходно земените на оваа конференција решенија, во Белград и Софија беа свикани протестни митинзи, а македонските социјал-демократи, во границите на своите можности свикаа во Скопје големо работничко собрание на 14 март 1910 година и со тоа се приклучија и тие кон меѓубалканската акција. Резолуцијата од собранието е насочена против завојувачката политика на Русија и Австро-Унгарија на Балканот, усмерена кон, „завојување и распарчување на Балканот", против „милитаристичката и антинародната политика на балканските династии и владејачките класи кои ја отвораат вратата за мешање на големите капиталистички сили". Во духот на Првата балканска конференција, се тврди дека династиите и владејачките класи со

својата милитаристичка политика не се во состојба да ги зближат балканските народи, дека младотурскиот режим не е способен да ја оствари балканската конференција или федерација.*148

Интересот на социјал-демократијата во Македонија за приклучување на своите уште малубројни сили кон интернационалните усилби на меѓународното социјалистичко движење против војната, за мир и демократски развиток, секогаш беше буден. Немајќи можност да испратат свој делегат на интернационалниот социјалистички конгрес во Копенхаген,*149 социјалистите од Солун предложија до Бирото на конгресот резолуција со која се осудува социјалполитичката положба во Македонија. Резолуцијата е усвоена со некои дополнувања, во кои се истакнува улогата на социјал-демократите во борбата за постигање на „основни демократски реформи во балканските земји."*150

Социјалистите од Македонија се солидаризираа со содржината на меморандумот за положбата во Турција*151 што го испратија ССДП и БСДРП до Интернационалниот конгрес во Копенхаген. Меморандумот имаше за цел да го окарактеризира и анализира младотурскиот режим во неговите негативни сушности, давајќи и податоци за масакрирање на населението во Македонија. Бидејќи манифестот не стигнал на време на конгресот, била прочитана декларација од делегатот на БСДРП Коларов. Декларацијата се осврнува со остра критика на режимот на Младотурците, кој поради „милитаристичко-реакционерниот карактер го запира развитокот на Турција" и како излез ја препорачува единствено федеративната република, способна да ги отстрани причините на војната. Весникот „Работническа искра" ѝ се придружува на оваа декларација со свој коментар, објавен во бр.18, од 18 септември 1910 година.

Месната социјал-демократска организација во Скопје, чувствувајќи ја острата потреба од порешителна акција на сите балкански социјал-демократски партии против милитаризмот и подготвуваната веќе војна на балканските држави против Турција, со цел за завојување и распарчување на нејзината европска провинција — Македонија, прва го прифати предлог от на ССДП за свикување на II Балканска конференција.*152 Меѓутоа, таа поддржуваше почести врски со ССДП, БСДРП, а и со Чешката социјалистичка партија.*153 Соработувајќи со нив по најважните прашања на социјал-демократското движење на Балканот, македонските социјалисти ги усвојуваа и сите нивни погрешни становишта за кои беше збор во претходните страници.*154

Солунската социјал-демократска федерација исто така пројавуваше активност, било самостојно, било заедно со социјалистичките организации и партии во Турција и на Балканот.

На претходната Балканска социјал-демократска конференција, што се одржа во Белград на 5 октомври 1911 година за подготвување свикувањето на Втората балканска конференција, присуствуваше претставникот и на ССДФ. Во согласност со решението на претходната Балканска социјал-демократска конференција, во Солун, на 22 октомври истата година беше одржан протестен митинг, на кој присуствуваа околу десет илјади работници. На митингот се осудуваше империјалистичката политика на големите сили и реакцијата во Турција и се истакнуваше дека мирот може да се зачува на Балканот со образувањето на демократска федерација во која треба да биде вклучена и Турција. Вакви митинзи и манифестации беа одржани скоро во сите поголеми градови на Македонија.

Кога се објави мобилизацијата на сојузниците и на Турција, социјалистичките партии во Турција се изјаснија против војната. Пет социјалистички партии: Солунската социјалистичка федерација, арменските социјалистички партии — Дашнагцутун и Хинчак, еврејската социјалистичка партија Поалецион и Романската социјал-демократска партија во лицето на нејзиниот претставник Крсто Раковски, публикуваа манифест против Балканската војна. Манифестот беше изработен од претставници на социјалистички партии, заедно со Крсто Раковски, во Цариград, при содејство на Парвус, германски журналист и публицист, бивш руски револуционер, во моментот социјал-демократ.*155 Манифестот беше растурен во Солун во неколку илјади примероци, на француски јазик, и беше публикуван во весниците „Работничка солидарност" во Солун*156 „Азадамар" во Цариград на турски и арменски јазик, а исто така и во „Радничке новине" бр.230, од 1 октомври 1912 година. Српската социјал-демократска партија, иако наоѓаше дека во манифестот нема потполна доследност и целосност го препечати во „Радничке новине".*157 Нашите социјалисти го растурија масовно, што покажува дека тие се согласувале со изнесените поставки и проценки во него.

„Страшна војна е пред вратата. Кога овие редови ќе се објават, се истакнува во манифестот, таа веројатно ќе биде веќе тука. Но ние, социјалистите на балканските земји и на Блискиот Исток, што сме погодени најнепосредно, нема да дозволиме да нѐ одвлече шовинистичкиот бран, туку посилно ќе го дигнеме нашиот глас против војната, истакнувајќи го нашиот идеал за мир и

интернационална солидарност". Манифестот се осврнува опстојно на последиците што можат да произлезат од една војна на Балканот за самите балкански народи и народности на Блискиот Исток, кои се наоѓаат во границите на турската држава. „Без оглед на тоа кој ќе излезе победник во војната, балканските држави или Турција, во првиот случај Турција ќе стане плен на големите империјалистички држави, а во вториот случај ќе се претвори во тврдина на религиозниот фанатизам и муслиманскиот шовинизам, на политичката реакција". Оквалификувајќи ја војната и буржоаскиот национализам како немоќни да ги решат основните политички и социјални проблеми на балканските народи, авторите на манифестот укажуваат на организираната акција на масите како на единствено средство. Застапувајќи ја интернационалната солидарност на народите, во манифестот се изјавува цврста решеност со сите сили да се води борба против војната, милитаризмот и капиталистичката експлоатација.

Македонските социјал-демократи сметаат дека балканската федерација ќе ги премавне причините за војна и ќе ги пресече националистичките аспирации на Србија, Бугарија и Грција. Таа им се придружи на сите меѓубалкански и други акции за организирање на заедничка акција против војната. Застанува решително против Балканската војна како негативна појава, со најтешки последици за македонскиот народ. Додека Туцовиќ допушташе извесни позитивни резултати од Балканската војна со Турција — уништување на турскиот феудализам, македонските социјал-демократи во неа гледаа само завојувачки намери на балканските буржоаски монархии.

Не се располага со материјални податоци за односот и активноста на македонските социјал-демократи во времето на Балканската и Меѓусојузничката војна. Додека траеше војната, гласот на македонските социјалисти скоро заглувна. Голем дел од нив беа мобилизирани во редовите на бугарската и српската војска и како што пишува Алексо Мартулков,*158 „не можевме да направиме ништо, барем во кругот на нашите возможности".

Сите антимилитаристички акции на балканската социјална демократија од времето пред и во текот на Балканската војна имаа едно суштествено обележје — декларативност и неподготвеност да ги спроведат во дело решенијата на меѓународните конгреси за задачите на социјалната демократија во врска со војната. Карактеристично е што југословенските социјал-демократи во Австро-Унгарија, како и социјал-демократите од балканските земји, не можеа да ја спречат или

запрат војната, па во крајот на краиштата и самите тие беа вовлечени во воениот пожар, мобилизирани во редовите на војската, — првите по границата на Австро-Унгарија, а вторите по боиштата на Македонија и Тракија. Повиците против милитаризмот и војната се изгубија во канонадата на Балканската и, по неа, на Првата светска војна.

**ФУСНОТИ**

**I**

1.) Ленин, соч. т. 22, стр.173—290, издание четвертое.

2.) British documents on the origins of the War V.V. № 195, p. 242, London,1928.

3.) Поттикната од Русија, Србија испрати на 27 февруари 1908 година нота до Високата Порта со која по економски мотиви бараше сврзување со железница на своето дунавско пристаниште Кладово, преку Ниш — Ирдаре — Приштина — Призрен со Јадранското Море.

4.) B.D.V. № 254, p. 353—354.

5.) Ленин, События на Балканах и в Персии, 16 (29) октября 1908 год., т.15, Издание четвертое, стр. 198—208.

6.) Österreich—Ungarns Aussenpolitik von der bosnischen Krise 1908 bis zum Kriegsausbruch 1914. Diplomatische Aktenstuke des Österreichisch—Ungarischen Ministeriums des Äussern Wien und Leipzig 1930 B. I. № 79, S. 86 ff (OUAP).

7.) Ленин, т. 15, стр.201, Издание четвертое.

8.) Весник „Искра", бр.48 15.IX.1903 год. Односите на руската влада спрема Бугарија и Македонија.

